СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
Од Осмото продолжение на Седумдесет и втората седница
на Собранието на Република Македонија, одржана
на 7 август 2004 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала за седници со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Ључо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Љубе Бошковски, ЉуБчо Георгиевски, Петар Наувски, Иван Стоилковиќ, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Славе Арспвски, Зоран крстевски, Али Ахмети, Мендух Тачи, Трифун Костовски и Љубисав Иванов-Ѕинго, ме известија дека се спечени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со расправа по текстот на законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија.

Молам, кој бара збор.

Повелете г-дине Ѓорчев имате збор, а потоа г-динот Спиро Мавровски.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, почитуван г-дине министре и претставници на Владата на Република Македонија,

Предлог законот за територијална организација на локалната самоуправа, барем според мое скромно мислење, претставува еден законски проект, кој што е од исклучително значење на одржливиот економски, политички, социјален и демографски развој на Република Македонија. Формалниот облик на законот тука ние го имаме како манифестационен облик во кој што се наведуваат бројките, големината и основните карактеристики во делот на опфатот на населени места на секоја општина пооделно. Меѓутоа, суштинската карактеристика на овој закон, сепак претставува децентрализацијата и дерегулацијата на административното ниво на власта. Исто така, според моето гледање, оваа димензија која што е суштинска е сепак политички промовирана или допрена, но во основа овој закон како нова територијална организација на локална самоуправа на Република Македонија не ја

одразуваа децентрализација на начин како што треба да биде во склад со нашето чекорење и целиот тој процес на чекорење кон ЕУ и постулатите на децентрализирана Европа. Зошто го велам ова дека сепак овој закон во овој момент претставува повеќе политичка промоција на коалиционен договор помеѓу парламентарното мнозинство односно политичката коалиција на власта, а помалку суштинска децентрализација. Затоа што, карактерот на локална самоуправа е сепак изведено односно оригинерно право кое е изведено од Уставот на Република Македонија и од Европската повелба за организација односно самоуправа која што Република Македонија ја ратификуваше во овој Парламент во 1996 година.Токму таму во Уставот на Република Македонија се потенцира дека правото на локална самоуправа е право на граѓаните да управуваат со општините. Значи, дефакто локалната самоуправа е најдиректна власт на граѓаните. Целта лна локална самоуправа изведен од овој карактер е значи похумано, порационално, поквалитетно задоволување на животните потреби на граѓаните од соодветна локална единица. Но, не само тоа, општината не е само локална единица, туку повеќе е заедница на граѓани кои живеат на одредена територија во даден простор и време. При тоа, не е само заедница, туку е и власт на граѓаните директна, која што се остварува преку референдум, собири на граѓани, граѓански иницијативи и индиректна, посредна која што се остварува преку својот градоначалник и советите на општините. Како власт на граѓаните кои што имаат исти потреби неможеме да ги подлиме македонците, албанците, турците, ромите, србите и бошњаците и власите со свои посебни потреби, туку сите заедно да имаат исти заеднички потреби, кои потреби се незаинтересирани за етничкиот дискурс. Тој етнички дискурс секогаш треба да го разрешува  централната државна власт, затоа што за разлика од државата, општината претставува постар облик на меѓучовечка комуникација, која што трансферира низ вековите и од тука етничката димензија не може да биде трајна компонента на овој процес.на градење општинска заедница. Тука имаме, според мене, леден судир, кој ќе се обидам да го објаснам меѓу централната државна власт, која што е манифестација на доминација со демократијата во парламентарна смисла, но сепак, со димензија на јасно изразена политичка волја на мнозинството на граѓани, кои што преку политичкие партии за кои што гласало, сепак определува еден курс во одреден временски период од 4 години по кој што ќе се движи државната управа. Додека, во тој поглед тука Парламентот, сепак е една вага која што треба да ги измери предлозите на актуелната парламентарна позиција

односно нивниот извршен орган Владата и парламентарната опозиција која што најчесто превагнува во корист на страната на парламентарното мнозинство. Значи, сепак, таа е измерлива категорија. Додека пак, граѓанската општинска власт претставува пред се хармоничен облик на интеракција, директна меѓучовечка комуникација, која што претставува градење став за подобро задоволување на потребите на граѓаните или власта на граѓаните која што се презентира преку посредните облици на управување, претставува пред се сервис на тие исти граѓани за задоволување на потребите од локално ниво. На пример, за суштествените проблеи многу е важно за еден урбан простор, да го земеме примерот Скопје или Битола, многу е важно за граѓаните од оделна општина во теој потег како ќе се договорат и каде ќе постават полицајци заради огромниот број на сообраќајни несреќи. И, тука во таа димензија на договарање, колку лежечки полицајци ќе има на одредени улици во градовите или пак на населените места, како што неодамна беше тоа правено на магистрални населени места, кои што се протегаат долж магистралните патишта. Тој договор не содржи никаква етничка компонента, дури ни политичка компонента, не содржи ниту пак позициони или опозиционие аспекти во парламентарната дебата, туку содржи единствено волја на граѓаните да спречат таму каде што има училишта, каде што има спортски полигони, каде што има паркови во тие гратчиња, населени места, поголеми урбани центри, да се спречи загуба на невини човечки жртви. Или пак патека за велосипеди, средување на гробните места во оделни населени места каде што тоа не е направено, потоа решавање на урбани зелени површини, изградба на стадиони, спортски сали, фонтани и паркови. Сето тоа е едно секојдневие од нашиот живот, кој ние често го пренебрегнуваме со големите идеолошки поставки за подоброто утре изградено тука во централните нивоа на власта преку парламентарната, извршната и претседателската власт. Но, во основа за овие суштински проблеми мораме да му дадеме предност на населението и на граѓаните на Република Македонија, кои се повикани сами да кажат во кој облик, на која територија и на каков начин ќе ги задоволуваат потребите на граѓаните.

Амбиентот во кој што се однесува овој закон е многу битен за применливоста на овој закон во пракса односно дали ние тука со изгласувањето на овој закон во Парламентот на Република Македонија ќе направиме тој закон да биде применлив, граѓаните да го прифатат и да постапуваат според него на локално ниво или пак тие уште во текот на расправата или пред расправата и по завршувањето на расправата

ќе искажуваат револт, ќе искажуваат незадоволство, што во крајна основа, затоа што општината претставува директна врска на граѓаните со власта, директна контрола на власта. Значи, тие таму учествуваат во власта, ја контролираат власта и во основа претставува основната клетка на демократијата на секоја парламентарна демократија и основна клетка на контрола на државниот механизам на најнепосредно ниво. Одтука, амбиентот во кој што се донесува овој закон, ќе го опишам со две анкети.

Првата анкета која што беше во првата половина на 2003 година, прикажана во списанието број 1 на УНДП, кое списание беше издадено во мај 2003 година, значи пред неполни 14 месеци кога 27,5% граѓани од Република Македонија искажаа мислење дека територијалната поделба на Македонија е апсолутно неприфатлива. Значи, без етничка поделба, туку граѓани на Република Македонија, а 35,4% сметаа во таа анкета, а УНДП сепак е еден би рекол к една светска организација која што малку греши во тие анкети, по метод на случаен примерок, кој што ја одразува целокупнат социјална, интелектуална и демографска структура во Република Македонија, сметаат дека таа територијална поделба е непожелна и нецелосно прифатлива. Тоа ќе каже дека 51,2% во целост граѓани на Република Македонија сметаат дека новата територијална поделба е апсолутно непожелна, апсолутно неприфатлива или пак нецелосно и непожелна за подобро уредување на општинските меѓи, за подобро луредување и задоволување на потребите на граѓаните на Република Македонија.

И, еве сме сега во моментот кога вршиме, кога е главниот претрес по законот за територијална организација на локалната самоуправа. Пред два дена излезени се со објавени резултати со спроведената анкета Институтот за социолошки и политички правни истражувања и резултатот е чудовишно ист. 51,3% граѓани на Република Македонија сметаат дека граѓаните сами треба да решат за новата територијална организација на локалната смоуправа или за новата територијална поделба. Тоа укажува дека имаме судир кој го спомнав, а ќе се обидам во текот на мојата дискусија да го образложам на интересите на граѓаните и на интересите на централната државна власт која што тргнува од други претпоставки, која што има друг би рекол потхог во реализација на овој законски проект и граѓаните кои имаат очигледно сосема поинаков пристап или поинаков агол на гледање на каков начин треба да се реши територијалната поделба.

Вторта димензија на амбиентот во кој што се донесува овој закон, претставува одржувањето на 41 референдум за општинските граници, каде што општините кои низ разни форми на консултации, нивна матична организација е заедницата на единиците на локалната самоуправа ЗЕЛС на Република Македонија, низ разни форми на консултации спознале дека тие утре ќе бидат укинати или дека тие утре ќе бидат во променети граници, одредени населени места ќе бидат изземени или додадени кон тие општини. Значи од 123 плус Градот Скопје 124 општини во Република Македонија, согласно постојниот закон за територијална организација на локална самоуправа 41 општина спроведува референдум во кој што применувајќи ги правилата  на Европската полвелба, ратификувана тука, дека пред да се изврши промена на одредена општина потребно е да се изврши консултација со граѓаните од таа општина, независно што претходното парламентарно мнозинство и власт и политичка номенклатура која што била на власт, на која што и јас припаѓав, го пренебрегнала тој факт во законот и кажала дека не е облигателен референдумот, тоа не значи дека се што таа претходна власт направила треба да прифатиме и најчесто тука во парламентот водиме дебати каде таа власт згрешила и што треба да не прифатиме. Очигледно е дека втората димензија на амбиентот укажува дека повторно покрај анкетите и граѓаните непосредно директно ни укажуваат дека не се согласуваат во целост или пак делумно со предложените решенија. Во овој кус вовед околу значењето, околу обликот на законот на начинот на кој што тој фактички ги одразува потребите односно ќе обезбеди задоволување на потребите на граѓаните и амбиентот во кој што се донесвуа, сметам дека имаме сериозни потешкотии кои што ќе придонесат во иднина законот да не биде применлив онака како што централната државна власт смета дека со овој законски проект, тоа ќе го обезбеди. Според мое длабоко убедување, ќе покаже времето, нема да ги одрази вистинските потреби на граѓаните на локално ниво.

Оттаму, логичен редослед на заклучоци ако на вака поставените тези за кои што јас сметам дека се подржани со факти, подржани со бројки, со анкети, со референдумско изјаснување и со одредени толкувања на некои би рекол релевантни институции и закони, како што е Европската повелба ратификувана во Македонскиот Парламент, сметам дека ние имаме спротивставени интереси на граѓаните на Република Македонија и централната државна власт, која што во одреден момент ја бранат одредени политички субјекти или партии коиу што се во коалиција и имаат, пред се, би рекол нивниот предлог има техничка димензија. Тоа за мене е

разбирливо, затоа што во парламентарната демократија, парламентарното мнозинство треба да си ги брани своите проекти. Повторно ќе кажам етничката димензија не е доволна за да ја одрази вистинската желба на граѓаните во делот на нивните размисли, нивните видувања за тоа како треба да биде организирана локалната самоуправа, а сепак нивните размисли и видувања се најважни, затоа што на крајот на краиштата и за нив се однесува овој закон.

Сега доаѓаме до суштинската димензија на законот за која што сметам дека е пресудна, дека е најважна и за која што во основа и ние тука како членови на Парламентот треба да се произнесеме. Јас уште еднаш ќе кажам во врска со моето обраќање во претходната расправа по амандманите, дека тука ние имаме едно двојство на граѓани, значи ние сме членови на Парламентот од граѓани на Република Македонија на мнозински листи, согласно изборниот модел за парламентарна демократија, но ние сме и членови на нашите општини. Дали од Кисела Вода или во други општини, ние сме членови на тие општини и сме должни да ги браниме интересите на граѓаните во тие општини. Меѓу другото, една од нашите најважни задачи е тоа двојство да можеме да го преточиме во една хармонична дискусија, која што треба да ја одрази двостепеноста на интересите на граѓаните, непосредната демократија во општините, грижата за нивното секојдневие, грижата за похумано, поквалитетно, порационално задоволување на тие потреби од локален карактер и парламентарната дебата која што тука треба тоа да го уважи, да се убедиме едни со други и да донесеме закон кој што во основа, ако не може хармонично да ги усогласи сите размисли, сите идеи, сите проекти на граѓаните, барем да биде еден компромис кој што ќе овозможи применливост, успешна применливост на законот во пракса.

Сега, тука доаѓа до главната поента на овој закон, образложението дека овој закон како еден од нужните закони, кои што ние треба да ги исполниме како бројка во нашата легислатива усогласен со Европскта унија дека ова е еден од круцијалните закони, со кои што ние си обезбедуваме право да плдираме, согласно она што го поднесовме во Даблин, дека ние сме спремни вонајголем дел на законските проекти да сметаме дека Европа треба да ни даде зелено светло да пристапиме кон асоцирање со Европската унија. Значи, тука се работи за наше видување на поимот Европа, сега како Парламент на Република Македонија и би рекол поврзаноста на Европа и Европската унија со овој закон.

По втор пат ќе кажам дека имаме, според мене, ментална заблуда ако мислиме дека сите ние заедно со картотека од закони ќе се доближиме до Европа и таму кога ќе кажеме дека тие закони, 16 закони согласно Рамковниот договор, кажувам такстативно наброени до 2002 година донесени, од 2002 година до сега донесени 13 закони и сето тоа го набележиме и дека Европа тоа ќе го уважи и тоа ќе ни помогне во нашето доближување кон Европската унија. Меѓутоа, јас сметам дека со картотека од закони под мишка и на било кој министер и на било кој претседател на Влада не се стигнува во Европа. Затоа што, Европа си има свои стандарди и тие стандарди, пред се, длабински ги проучуваат сите законски проекти. Гледаат колку долг бил тој процес кога тој проект е донесен, кој се учествувал во тој процес, на каков начин тој проект е донесен и дури потоа тие даваат верификација дали еден законски проект или друг законски проект е успешен. Сметам дека кон Европската унија  не се чекори механички, туку напротив се чекори дијалектички кој што значи секогаш одење напред, а ние неможеме да одиме напред, барем според мене и овие 7-8 дена со расправи кои што не водат до омразувачки погледи, до претворање на пријатели и непријатели на државата, до она што значи намрштени чела и физиономии кои не ветуваат весела европска иднина. Едноставно, кон Европа се чекори во еден процес, каде што локалната самоуправа ќе ги елиминира купиштата ѓубре и пластика на влезните места во сите градови и населени места, ќе овозможи поинаков амбиент, ќе овозможи здрава животна средина, ќе овозможи можност за развој на граѓаните во Република Македонија, а ние тоа засега го немаме. Ние сеуште се гушиме во купишта од пикавци на цигари по улиците, сеуште имаме депонии од пластични шишиња во секоја општина, пред се, говорам за Скопје, а птоа ако продолжите по магистралниот пат Велес, Гратско, Демир Капија, Гевгелија, ќе се уверите во истото. На таков начин мислам дека процесите неможеме да ги прескокнеме временски. Очигледно е дека нашата локална самоуправа во тој контекст допрва треба да се соочи со суштината во процесот на градење на општинска заедница онака како што Европа тоа го бара од нас, а дури потоа низ овој формален процес на територијална поделба, која што е по други прашања осетлива, за кои што ќе говорам, ќе можеме да сметаме дека ние ќе се доближиме до Европската унија. Едноставон, временското вклопување дека ние мораме во овој временски период до тој и тој датум 2004 година да го донесеме законот кој што ќе ни овозможи нови избори, нови локални избори, ги поместивме за еден месец или

можевме до шест месеци да ги поместиме, нене доближува до Европа. Повторно ќе кажам не доближува процесот на одлучување.

Јас ќе направам тука една дигресија , секогаш сакам да правам дигресија со еден наш порнешен сосед од Федеративна Република Југославија, тоа е Словенија за еден друг закон кој што е многу поучен а исто се однесува за доближувает до Европа, тоа е законот за приватизација. Таа дигресија се однесува дека Македонија од 1993 година, донесе еден закон за приватизација во кој што кажавме дека ќе ги приватизираме македонските претпријатија, општествени претпријатија и државни претпријатија со познат сопственик, доминантен сопственик со над 51% акции и тоа ние во најголем дел мошне совесно, би рекол и во еден брз временски период од 10 икли 11 години го завршивме некаде 98%, но тоа не не доближи до Европа. За разлика од Словенија, која што ниту еден од клучните поранешни општествени претпријатија како што се Колинска, како што е Лек, кој што се продаде дури мината година и да не ги бројам големите трговски центри, останаа со истите директори, со истата сопственичка структура и дури сега од кога лстана членка на Европската унија, тие уприходуваат огромни капитали по милијарда, по две имлијарди евра, продавајќи го Лек, продавајќи ја Колинска и продавајќи ги нивните големи системи. Едноставно, истрајноста на процесот дека тие се убедени дека нивните големи системи не треба да се разрушат, како што ние ги разрушивме Славија, Центро во трговијата, Железара, 25-те загубари, укажа на тоа дека мора да се почитува автономниот пристап на секоја држава, унитарна држава, самостојна независна држава која Што чекори кон ЕУ. А, Македонија е таква држава. Оваа дигресија ја направив за да укажам дека ние можеме врз база на нашите специфики да ја убедиме ЕУ зошто не можеме денес да го донесеме овој закон, особено не денес кога сеуште сеќавањата се свежи од 1999 година и 2001 година за процеси, кои што долгорочно ја одредуваат иднината, не само на Македонија, туку и пошироко.

Факт е дека на Македонија, на поширокото балканско опкружување, за сето она што претставува би рекол  пресечна точка на новите два клучни светски интереси, тоа се интересот на човековите права и слободи од една страна, а од друга страна големите стратегиски интереси на големите сили кои што го диктираат светскиот развој и глобализацијата.

Значи, тука Македонија има право и тоа сосема изразено би рекол со големи аргументи да бара тој процес да биде поместен. Да се усогласи волјата на граѓаните, волјата на централната државна власт и невладините организации,

експертите, 3, 4, 5 години со една временска димензија која што ќе овозможи апсаолутна усогласеност со интересите на граѓаните на Република Македонија, со интересите на централната државна власт што во тој момент политички партии или коалиции ќе јапрактикуваат.

Сметам дека сега ние не сме подготвени во делот на она што претставува политичка етничка димензија на донесување на овој закон. Ние можеби и сме подготвени во Парламентот и ќе изгласаме со надгласвуање или пребројвуање, меѓутоа граѓаните на Република Македонија со овие анкети за кои што укажав, со овие референдуми, со овие процеси кои што беа организирани низ цела Македонија, можеби вака изгледаат бенигни, но длабоко под површината се крие една ерупција кој што мислам никаде не води во полза, ерупција во смисл ана назадување на она што претставува верба во државата Република Македонија, верба во егзистенција на граѓаните во нашиот македонски систем.

Сега политиката, ние бидејки сме претставници на политички партии, тој баланс кој што секогаш ни тежи, кога треба да говориме како мистички индивидуи, тука треба значи да ја трансформира таа наша македонска интелектуална комулирана енергија и акција. Конкретно акција за донесување на овој закон за територијална организација на локаната самоуправа. Значи политиката е таа која што наместо да не убеди, да не хомонизира, да ги мобилизира граѓаните. Значи граѓаните 4 или 5 години по ред ниукажуваат дека над 50% од граѓаните на Република Македонија, во анкетите не сакаат да гласаат за ниедна политичка апртија, или пак не кажува за која политичка партија ќе гласа. Тоа укажува на свеста на граѓаните на политичките партии дека парламентарната демократија не овозможува она што тие бараат, подобро, по хумано, по квалитетно и по рационално задоволување на потребите на граѓаните на локално ниво. Дека тоа што тие го бараат за елиминација на купиштата ѓубришта, за купување печки за медицинскиот отпад, за уредување на депониите на природните места во Градот, на сето она што претставува здрава животна средина, здрава вода за пиење, она што значи зачувување на воздухот, како што е тоа Велес или обезбедување заштита како што беше случајот во Македонска Каменица со одронување на окното и изливањето во Каменичка река на отровите на рудникот “Саса”.

Едноставно, смета дека ние не сме подготвени за ваков закон, затоа што тоа е темелот, тоа е фундаментот на парламентарната демократија, а политиката значи и во делот на она што претставува синтеза на политички партии или коалиции, или пак

во делот како презентација на политички индивидуи, не обезбедува доволна подршка од граѓанството на Република Македонија, за ваков проект денеска кој што го имаме и го разгледуваме и едноставно, сметам дека можеме слободно во преговорите со Европската заедница да укажеме дека за овој проблем ние денеска не сме спремни да го разрешиме. Можеме да го разгледаме во догледно време, имаме добри појдовни поставки, имаме добри критериуми, но имаме и различни експертски мислења. Едно мислење кажуваше дебатата на Природноматематичкиот факултет во Скопје, друго мислење искажуваат експертите кои штосоработуваат со Министерството за локална самоправа, трето мислење искажуваат граѓаните, едноставно, во таква една неусогласеност на интереси, најдобро е времднски ова да го поместиме и да одиме со она што беше најсуштествено. Значи ние треба да кажеме примарно и сите оние што претставуваат во Македонија да има една формула во која што Меѓународната заедница е неизбежна. Таа формула се наметна како императив, после Косовската криза 1999 година кога присуството на НАТО и нападот врз тогашна СР Југославија, наметна едни принципи, меѓународната политика да бид емногу присутна, не само во Македонија, так аисто и во Бугарија, така исто и во Грција и во Турција. Едноставно,пробелми кои ние мроа да ги антиципираме, ако сакаме да градиме хармонично општество.

Значи целта ми е со ова мое искажување, по главниот претрес за овој закон да укажам дека граѓаните скаат да ја ограничат власта, независно дали се дискутира за локална самоуправа или кога се дискутира за политички партии, или кога се дискутира за нивна определба и парламентарна демократија, тие сакаат колку што е тоа можно повеќе да ја ограничат власта, а најизразената желба е токму во делот на локална самоуправа, затоа што тие сметаат дека нивните оригинерни права изведено се повредуваат. Изведено се повредуваат затоа што јас така сметам дека малку е неприродно централната државна власт да го води тој процес, иако под директиви да речеме и временски периоди, кои што сме си ги поставиле како такви сепак, централната државна власт треба да се бори за централизација. Тоа си е природен процес. Неприродно е таа да се бори за децентрализација. Никој не сака да се откаже од своите овластувања, особено во ситуација кога да речеме,одредени финансиски претпоставки, а финансиските претпоставки беа такви, Република Македонија финансиски да се децентрализира до 2002 година. Тоа не можее да го направи Македонија, од причини добро познати на сите тука во Парламентот на Република Македонија, но тој беше првичен чекор. Значи ние можевме прво

финансиски да се децентрализираме и овој закон за финансиска децентрализација, за комуналните такси, административни такси, целиот тој корпус на закони да го донесеме во  македонскиот Парламент, а дури потоа кога новата би рекол финансиска подлога над сегашната  територијална поделба и организација на локалната самоуправа ќе ни покажеше од тие 123 + Скопје 124, како тие функционираат согласно новите приходи од ДДВ, согласно новите комунални такси, согласно новата административна такса, согласно новиот Закон за даноци на имот, дури тогаш ќе можевме во еден процес на усогласување на интересите  за кои што говорев политички, за кои што говорев граѓански, ќе можевме на база на тоа да дојдеме до една синтеза на интересите и да определиме едно максимално ниво на потребите на граѓаните. Вака значи се доведуваме во ситуација би рекол една неприродна ситуација процесот за децентрализација да го води државната власт, а притоа од образложение дека така претходната власт донела закон во кој што не е облигаторна Европската повелба, а облгаторна е врз основа на закон, затоа што Собранието ратификувало, меѓутоа, ние сега нема да ги консултираме граѓаните на 47 на општински референдум и ќе си донесеме закон во кој што тие општински референдуми едноставно, нема да калкулираме со волјата на граѓаните. Меѓутоа, не е така. Не е така кога се работи за општините, со сета почит кон централната државна власт, затоа што и јас претставувам сега еден мал дел. Општината е постар облик на меѓучовечка комуникација од државата. Значи многу постар облик и затоа има повеќе права и повеќе знаења во тој дел да каже како треба да биде организирана општината врз база на неколку критетиуми, тука беа изведувани многу критериуми, меѓутоа секогаш кога ќе се дојде до дебата тие критериуми не ги расчистивме, тие се природни, тие критериуми се општинска заедница уште од славјанските  славини во 7 и 8 век на Византиската диенцеза за Македонија, тие критериуми се во Богомилската заедница во 9 век во Македонија, тие критериуми се во кметовската заедница, Отоманската, феудалната,  спахиска административна управа. Тие критериуми се во црвените комуни на Македонија во 20-тите години од 20 век, кога првите црвени комуни се појавија, кога победија на првите избори 1920 година во поранешното Кралство Југославија, тие критериуми се во општинската политичка заедница во терминот на поранешната СРМ до 1986 година. Едноставно една вековна транседенција ниукажува дека независно од државниот облик општинската заедница си постоела. Дали во вид на славинија или кметовска општина, далив о вид на црковна општина, даливо вид на богомилска општина, дали

вов ид на црвени комуни, или незнам какви комуни, таа постоела. И тогаш дури се определени регионите. Јас зборував за едно прашање тука кога дискутирав дека ние имаме региони во Македонија. Тие региони беа точно определени. Полошки регион, Тиквешки регион, Осоговски регион, Овчеполски регион. Тоа не е туку така направено од тие региони. Тоа си постоело во тезата Македонија во диецезата Македонија во темата Македонија, во Отоманската Македонија, во Клаството Југославија, Вардарска Бановина, цо Социјалистичка Република Македонија и постои сега вонезависна Република Македонија.

Значи општината е многу постар облик на меѓучовечка комуникација од независна , суверена и самостојна Република Македонија. Затоа, аргументите на граѓаните се поважни. Зата државата преку својата централна власт не ќе може така леснода ги убеди граѓаните слушајте ние сега ќев икажеме дојдоа експерти од Европската унија, дојдоа експерти од факултетите и ние не знаеме сега каква управа треба да имате вие, а потоа кога ќе ви кажеме ние веи тоа треба да гоприфатите. Таа работа, таа равенка тука не врви. Таа равенка не можеме да ја разрешиме воовој парламент денес илиутре, или кога ќе го изгласаме законот. Кога ќе го изгласаме, јас ја споделувам одговорноста, ново секојслучај мислам дека реакцијата на граѓаните е праведно импулсивна. Значи тие природно се бранат. Заради сета оваа вековна транседенција на одлуки , решенија, традиции пренесени знаења , култури, тие се бранат импулсивно и тоа го прават преку референдум и велат не. Велат не на нашите одлуки, велат не на нашиот закон, дајте ни време, ние мислиме поинаку, дајте ни шанса да докажеме дека општина Неготино Полошко, дури тука е небитен етничкиот дискурс во ова време. После Рамковниот договор во консенсуалната демократија не е битен етничкиот дискурс. Неготино Полошко вели на референдум дајте ни шанса ние ќе опстоиме. Така веалт и во Оризари. Сега ние немаме критериум да кажеме зошто не опстојат тие општини, ког аи Неготино Полошко, каде што вомнозинство се албанската етничка заедница и Оризарикаде што е макеоднска општина , ние не можеме да кажеме и немаме критериуми да кажеме зошто тие не треба да опстојат. Едноставно, сметаме дека треба да се спои Оризари со Кочани и Неготино Полошко со Врапчиште. Ама не е така. Луѓеторекле дека не сакаат со Врапчиште и не сакаат со Кочани. Ние немаме аргументи тоа да го потпреме, да кажеме слушајте вие мора таму да живеете. Ние не сакаме за лежечкиот полицаец да расправаме со Кочани. Сакаме во нашата општинска канцеларија , сакаме да расправаме за училиштето, сакаме да расправаме за

спортска сала, сакаме да расправаме за водоводот и тоа не е улога на централната власт. Затоа говорам дека тој процес е неприроден. Не можеме едноставно.

Почитувани пратеници, почитуван г-дин минситре, разбирајки ги проблемите од политичкото парламентарно мнозинство, во најголем дел на прогнозите кои што беа дадени тука, сметам деканајмалку за десетици или петнаесет општини можевме да уважиме 15, а ние уваживме 3 или 3, но сметам дека со тоа не си правиме услуга за сите нас кои што сметаме дека Македонија е нашата иднина, нашата животна дистинација,туку ше направиме еден процес за кој што ќе говорам во заклучоците од мојата дискусија.

Занчи на база на овие искажувања дека граѓаните се примарни вов одењето на овој процес на децентрализација и дерегулација на административната власт, односно изразувањето на нивните гледања како треба тој процес да тече, сметам дека општината не може да биде наметната креација на државната административна управа. Туку напротив, таа треба да биде природна креација на база на она што реков историската димензија,на база на патување низ времето, на сето она што го имаме како традиција, на база на гоеграфските карактеристики, климатски карактеристики, течење по реки,аловијални рамнини, за сето она што претставува планински, рамничарски региони, население кое таму вековно егзистирало или коеегзистирало во разни етнички форми и соработка.

За бројот на општините исто така, во првичната расправа исто така јас искажав едно свое видување, учествував на една расправа на Природно математичкиот факултет, каде што според мое длабоко убедување имаше една многу конструктивна расправа на база на егзактни критериуми, согласно територијалната разместеност на територијата на Република Македонија, за која штоповторно ќе кажам 65% е не развиено подрачје, согласно тоа што претставува нашата законска легислатива денес, а 35% претставуваат урбаните центри.

Значи ако е таква територијата на Република Македонија, ако е таков нашиот амбиент во кој што живееме ние, не можеме сега наеднаш да го пренабрегнеме тоа, барем во тој дел требаше да имаме сенс и требаше да имаме чувство дека треба да доминираат руралните општини. И тоа руралните мали општини. Нормално дека во тој дел имаме различно видување, затоа што на овој начин како што сега се детерминира би рекол оваа нова територијална поделба, организација на локалната самоуправа, малку се застапени руралните општини. Во најголем дел тие се припојуваат кон градските урбани центри, а практиката покажала во еден државен

систем што егзистираше од 1946 година до 1991 година, токму спојувањето на тие мали рурални општини со големите градски центри дефинитивно го прелеаа населението во големите градски центри и затоа ние денеска имаме 400 илјади невработени во Република Македонија и затоа ние денеска имаме големи системи кои се уништени, затоа што индустријализацијата во шеесетите и осумдесетите години си го зема својот данок и сега ние не знаеме што да правиме со таа маса невработени луѓе кои што не можеме да ги разрешиме во големите градски урбаницентри,а не можеме луѓетода гинатераме од демократски аспект да се вратат на своите родни огништа, каде што нема услови за тоа. Затоа говорев дека ако ги земеме тие празни зони Мијачкиот крај, Малешијата, Мариовскиот крај, Тиквешкиот крај,Осоговскиот крај, ние мораме тука да изградиме староатегија,а стратегијата се гради преку овој закон. Како ние на тие рурални општини колку ќе беа според мене, најмалку требаше да биде 2:1 односот, требаше да имаме двапти повеќе рурални општини од урбани општини, државата да најдеше модус со дотации, со разни ослободувања од ДДВ со разни специфички постапки на стимулации за индустриско производство, за земјоделско производство, ќе можевме ние тој процес на враќање на реамиграција на луѓето од урбаните центри во руралните центри полека но сигурно д асоздаваме држава. Повторно ќе кажам попримерот на Словенија. Јас секогаш се навраќам на тој пример бидјеки имаме идентична популациска структура бројчано, не етнички единствено Што Словенија излегува на море и што гиима за соседи Италијаи Австрија, а ние ги имаме соседи држави кои што си имаат свои проблеми.

Од тие причини, сметам дека ние моравме и од аспект на вработувањето, ако патувате низ Словенија, секоја држава која има уредена здрава животна средина, уредени тревници, уредени пасишта, уредени ливади, уредени земјоделски површини е развиена држава.

Вие во Македонија, можете да патувате цел еден час од Кавадарци до Конопиште и таму нема да сретнете ниту еден човек, да видите ниту едно уредено место, ќе видите испустени земјишта, испустени ливади и на потег би рекол од 30 километри нема ниту еден жив човек. Мислам дека така не можеме да одиме во градење на економскиот растеж на Република Македонија, ниту пак ќе одиме во развој на она што претставува една основна смерница на современиот глобален свет, човеквовите права и граѓански слободи. И тука навистина, технологијата на векот за жал, за Македонија е прогресивна.

Технологијата и во 20 век за Македонија не беше прогресивна, значи, стратегиските интереси кои ја опкружуваат Македонија на државите околу Македонија, стратегиските интереси на големите сили, големите воени кризи и во 1913 година и во 1918 и 1944 година на преговорите со Методи Андонов Ченто со Тито на Вис и подоцна 1948 година граѓанската војна во Грција, а и сега со проблемите со името (опомена од претседателот) да, правам дигресија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев рековте една дигресија сега правите втора, па да не стане правило, ве молам, зборуваме за текстот на законот.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Да, јас имам право на дигресија, како и секој друг.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, само да не стане пракса.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Три дигресии ќе направам претседателе, уште еднаш ќе ве замолам за дозвола.

Значи, Македонија ги има тие проблеми и ќе ги има во иднина, ние сме во фаза на егзистенција, егзистенцијална фаза, во фаза кога би рекол дури согласно овој закон нихилистички се однесуваме кон потребите на граѓаните. Не може да стане збор дека преку овој закон за локална самоуправа ќе продуцираме етничка доминација или желба за македонска доминација во делот на она што претставува Република Македонија, туку едноставно ние сме во нихилистичка фаза во време кога треба да разрешиме егзистенцијален опстанок и на македонскиот народ, во поширока смисла на зборот на европска конотација и на Македонската држава. Токму овој закон е основа и темелник и на опстанокот на Македонкиот народ и на Македонската држава. Уште еднаш ќе повторам за да не бидам погрешно сватен, Македонски народ од Македонци и од припадниците на албанската етничка заедница, турската етничка заедница, влашката етничка заедница, бошњачката, ромската и српската етничка заедница. Тоа се европските нормативи за народ во една држава.

Ако така го гледаме тоа во едно тешко хаотично време на тешка економска состојба која Македонија не ја следи од сега, туку со поделбата на поранешната Федерација од 1991 година, сметам дека имаме сериозни проблеми во делот на она

што претставува наше опкружување, во делот на она што претставува светски процеси и во делот на децентрализирана Европа да се избориме нашиот закон да биде прифатен така како што ние мислиме. Тука се поставуваат две дилеми, кои се суштествени за овој закон. Дали ние во Ев ропа ќе чекориме на принцип на територијална организација односно како Европа на регионите или кон Европа ќе чекориме како суверена, самостојна, независна унитарна држава. Проблемот не е расчистен затоа што проблемите во опкружувањето не се расчистени, тука се наметнуваат пресечни точки на стратегиските интереси на големите сили кои во современиот свет мора да се уважуваат и човековите права и слободи на територии блиску до Македонија пред се територијата на Косово, територијата на Јужна Србија, територијата на Албанија и она што претставува најважното за нас, нашата татковина, територијата на Република Македонија.

На крајот би сакал да кажам дека токму со последната дигресија, околу вредноста на македонскиот систем, сметам дека историјата го направи својот избор, ние сме држава која непоколебливо чекори кон Европа како самостојна, унитарна, независна и суверена држава и сметам дека сите овие процеси, доколку ги изодиме правилно, а ќе ги изодиме со верба во македонската парламентарна демократија, со верба во општините на Република Македонија, со верба во етничките заедници и за свеста дека ние како општество можеме да докажеме дека вековно тука се живеело како една симбиоза на интереси, на конфесии, на ентитети и секогаш се опстојувало на начин кој бил можеби филозовска порака за други европски општества.

Во таа насока преносочувањето на волјата на граѓаните што сметам дека е клучно кон етнижки содржини и попуштање и давање отстапки по тоа прашање, значи пренасочување на волјата на граѓаните во смисла дека е битно градоначалникот од кој ентитет ќе биде. Мислам дека не води кон европска димензија, туку напротив согласно овие, што не ги разоткрив до крај не е ни место, како што претседателот рече ги искористив сите три дигресии, меѓутоа важно е дека ние треба да сватиме дека граѓанската власт во општините нема време за етничкиот дискурс ниту има потреба за етнички дискурс. Кога се вградува граѓанскиот морал во единката, младото дете од 7 години во основното образование таму нема дискусии за етнички дискурс, спортот ги облагородува луѓето, поздравата вода за пиење не прави поздрави, фекалните отпади ги разрешуваат проблемите за поздрава животна средина, едноставно сите тие проблеми немаат никаква основа да поставуваме потреба од тоа кој е градоначалник, дали е градоначалникот во одредени средини,

би рекол чувствителни, сензибилни, дали е градоначалникот од една или друга етничка заедница и тука едноставно се наметнува потребата да ја потенцираме уште еднаш важноста на граѓанскиот концепт на граѓанското гледање на нештата затоа што општинската власт е граѓанска власт и за мене македонскиот вредносен систем во тој дел како одржлив систем, економски, социјален, политички, демогравски, е пред се вредносен систем кој се базира на одговорноста. Одговорност на секој од нас и за одлуките што ги носи другата политичка партија и другата коалиција на политички партии кои, во основа, на крајот сите нас ќе не подведе како граѓани на општините и ќе не соочи со проблеми кои утре можат да предизвикаат ситуации кои никој не ги посакува, а пред се тоа е во делот, а ќе кажам сосема отворено единствено граѓанската општинска власт може, мора и треба да се грижи само за поквалитетно, за похумано, порационално и подобро задоволување на животние потреби на граѓаните од таа општина за ништо друго, за никакви други ситуации, за никакви други гледишта, за никакви други теми, едноставно, доколку се напушти овој агол на гледање, ќе дојдеме во една непријатна ситуација.

Оттука, ценам дека согласно моето излагање апелирам да се почитува процесот на одлучување во кој граѓаните треба да бидат неприкосновени, мислам дека анкетите, референдумите, сето она што претставува мислење на граѓаните на Република Македонија не ни даваат за право да ја преземеме нивната улога и тука во Парламентот да донесеме закон кој е спротивен на нивната волја.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев.

Јас би ве замолил да не правиме чести дигресии, еве сега воспоставивме некакво првило за три дигресии во однос на текстот на законот и да се држиме до текстот на законот, ако веќе се прават дигресии тие три да бидат барем по минута, две максимум, инаку ќе прекинувам дискусија.

Ова не е општа расправа, ова е расправа по текстот, ве молам, дигресиите пред 200-300 години од минатиот век воопшто не можете да ги најдете во текстот, а рековме до три дигресии од по една минута може.

Повелете господине Макрадули, три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Само една куса реплика, неколку пати се споменува, дали беше лапсус, дека доаѓаме од мнозинска листа, но сепак доаѓаме од пропорционална листа не

сум убеден дека еден пратеник е одговорен само за една општина. Неколку пати беше спомнато тоа овие денови и затоа сакам да реплицирам, колку е пратеникот од Струга пратеник од Струга, од Охрид, од целата Изборна единица 5, Изборната единица 4 и да не ги редам сите, затоа не можеме да се врземе само за едно микро ниво, бидејќи сме одговорни за 297 илјади, отприлика колку што беше просекот на гласачи во секоја изборна единица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Друг за реплика е пријавен господинот Ангел Димитров.

Повелете три минути.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам господине претседател,

Господине Ѓорчев се одлучив да ви реплицирам затоа што се обидовте на еден аналитичен начин да објасните некои работи околу децентрализацијата, за разлика од некои ваши колеги кои кажуваа дека руралните општини, помалите општини дека со нивните богатства, шумски плодови, кози, реки итн, заслужуваат да бидат општини, вие на еден покултурен начин се обидовте ова да го објасните. Но, навистина пак водата си ја терате на вашата страна така што вашиот прв заклучок што го искажавте дека овој закон не ја изразува вистинската децентрализација, дека станува збор за еден обичен коалиционен договор. Овој закон воопшто не може да изразува децентрализација затоа што децентрализацијата претставува пренос на надлежности, на ингеренции од централната на локалната власт. Тоа се решава со Законот за локална самоуправа, а не со Законот за територијална поделба.

Понатаму, зборувавте за етничката компонента и дека таа не може да биде  одлучувачки фактор за овој процес, се разбира дека не може да биде, не етничката компонента, туку етничките критериуми не можат да бидат главни, но не можеме да ја занемариме оваа етничка компонента од проста причина, вие знаете дека во нашиот Устав не можеме да изгласаме важен закон без да гласаат 51% од малцинствата.

Понатаму, зборувавте за лежечки полицајци, купишта ѓубре, пластични шишиња итн, сето тоа господине Ѓорчев е само една компонента, само една точка од членот 22 од надлежностите на општините. (Опомена од страна на претседателот моли за тишина)

Зошто не зборувавте за новите ингеренции на општините, зошто не зборувавте како тие рурални општини ќе ги остваруваат надлежностите од

културата, социјалната и здравствената заштита, образованието, тие треба да основаат и финансираат институции и да администрираат основни и средни училишта. Зборувавте само за ѓубре, а ѓубрето можат и месните заедници да го исчистат.

Понатаму, многу се потпирате на анкетите на граѓаните дека граѓаните биле против ваквата територијална поделба, за мене разбирливо ако тие референдуми ги организираат локалните совети поддржани од нивните лоби групи на кои им се земаат ингеренциите.

На крајот само да ви кажам дека не можете никого да убедите дека руралните општини со тоа што ќе останат општини се потенцијали за економски развој на Македонија. Општините и вака и со новите надлежности имаат многу малку ингеренции во однос на економскиот развој. Тие само на посреден начин преку подобро здравство, образование и преку планирање на основен развој можат да придонесат, но ниту отвораат претпријатија, ниту даваат кредити, ниту можат на друг начин директно да влијаат на развојот. Тоа се решава со економската политика на ниво на држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев една минута контра реплика.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине Димитров,

Јас не сакав да ја обременувам дискусијата освен тоа руралните општини на каков начин ќе можат да придонесат за економскиот развој на државата, ќе се обидам тоа со моја дискусија за сите закони за административните, комунални такси, данокот на имот, она што претставува ДДВ, за можностите за ослободување на граѓаните кои живеат во тие рурални општини од плаќање на одредени давачки кон државата и мислам дека се залагам за тој концепт, за рамномерен регионален развој на државата, а без руралните општини тоа не е можно. Едноставно не можев да објаснам во оваа дискусија која се однесува на територијалната организација како претпоставка за руралниот развој сите овие прашања да ги отворам. Но, во дискусиите по законите за финансиска децентрализација ќе ги дадам моите видувања и предлози како може руралните општини навистина да претставуваат темел на развојот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Хусеинџеват, имате реплика од три минути.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Со внимание го слушав ценетиот колега, секогаш говори многу убаво и со образложение, навистина не треба да кажам колку го ценам и на една негова дигресија во приватизацијата во Словенија.

Господине Ѓорчев вие сте долго во политиката и сте знаеле како се вршеше приватизацијата пред 5-7 години. Јас не знам дека сте се спротивставиле на приватизацијата која се изврши кај нас на накаков начин. Дали не мислите дека е дел на вашата одговорност, само дека не сте се спротивставиле, јас не знам колку сте го помогнале овој процес. Значи, економската состојба во нашата држава да биде ваква каква што е. Дали не мислите дека оваа Влада го прави тоа што е можно, за да ја спаси оваа држава да ја консолидира, ова е една наша алтернатива за која и ние ја сносиме одговорноста.

Ги ценам образложенијата што ги дадовте, но сакам да знам колку се чувствувате самите себе виновен за овој минат период од 1990 година па наваму Македонија е во еден пад, а не во подем.

Што беше есенцијалното што се направи во оваа држава. Граѓаните живееја подобро тогаш во еден режим кој сите не го сакавме и сите бевме против тој режим. Што се случи? Каде е одговорноста? Каде е вашата одговорност во овој случај? Сакам да предложам, но сеуште не бев сигурен во себе ниту во вас, ние направивме една акција за доброволно собирање на оружјето. Дали ќе беше подобро паралелно да направиме една акција за доброволно враќање на народниот имот кој е ограбен, можеби оваа држава ќе дишеше послободно и подобро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа реков да немаме дигресии, бидејќи на дигресија ќе имаме и дигресивни реплики.

Повелете господине Ѓорчев, една минута.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Јас навистина на мојот почитуван колега можам да му кажам, затоа говорев за одговорноста еве и како член на Парламентот и како учесник во тие процеси од 1993 година. Ќе ве информирам дека општественото претпријатие во кое работев беше пилот модел на кој се обучуваа проценителите за приватизација во Република Македонија 1993 година. Затоа говорев како процес кој трае од 1993

година до денес во кој учесници сме сите ние, но, можни се секогаш подобри решенија, а тие подобри решенија значеа учество на граѓаните кои во приватизацијата не земаа дел, во државната администрација, преку формирање на она што претставува трансформација на Агенцијата за приватизација за кои говорев во инвестициониот фонд, тој можеше да биде државен и малите дисперзирани акции да бидат дадени на оние луѓе кои работеа во образовниот систем, здравствениот систем, а кои немаа учество во приватизацијата.

Тоа е широка тема, но одговорноста е тука, времето ќе покаже кој учествувал во тој процес и кој за тоа треба утред да сноси одговорност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Денеска пред нас се наоѓа Предлогот на законот за територијалната организација, сите ние и опозицијата и позицијата знаеме дека е една чувствителна политичка одлука затоа што она што го гледаме во Предлогот како опозиција ни дава за право да не веруваме во до крај чесните намери на позицијата. Овој закон всушност претставува јавно објавување на тоа што се договориле за оваа територијална поделба. Говорам за поделба, а не за организација, затоа што за да се исполнат сите нормални предуслови што треба да ги даде овој Предлог на закон ние гледаме предлог на закон со кој се прави поделба на политичка основа или по етничка основа во цела Западна Македонија која со овој Предлог на закон од Липково до Струга ќе биде со албанско мнозинство во овие единици на локална самоуправа.

Според Предлогот на законот, а и секогаш кога се случуваат вакви реформи посебно во локалната самоуправа донесуваат незадоволство. Кај поголемиот број граѓани кај истите владее страв од новото и не баш транспарентното создавање на територијалните организации.

Она за што треба да постои, според овој Предлог на закон, единиците на локалната самоуправа е тоа што таа треба да биде многу поблиску до граѓаните т.е. да ги реализира своите права точно преку овие единици на локалната самоуправа. Нови права што би требало да ги исполнува единицата на локалната самоуправа се следните.

- Планирање и водење на локалниот економски развој;
- Урбанистичко планирање и уредување на просторот;
- Организирање, уредување и управување со комуналната инфраструктура;
- Основање, финансирање и администрирање со основните и средните училишта во соработка со централната власт;
- Управување со мрежата на здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита;
- Финансирање, инвестиции и одржување на објекти од сверата на социјалната заштита;
- Остварување на социјална грижа;
- Воспитување на децата од предучилишна возраст;
- Развој на културата и унапредување на културните вредности;
- Заштита на животната средина и природата; и
- Развој на спортот и рекреацијата.

За сите овие обврски и принадлежности, за да може оптината да егзистира, треба да бидат обезбедени финансиски средства. Со законите за фискална децентрализација и другите закони, што значат урбано планирање на објекти што ќе ги води централната власт, објекти за кои даноци и такса ќе наплаќа повторно централната власт и на крај, средствата што ќе ги добијат општините од централната власт се некаде приближно 20%, говори дека некоја поголема децентрализација тешко да има децентрализација во сферата на фискалната политика.

Кажано е дека, а и премногу е очигледно дека сите овие задолженија за општините и во нашата фаза на развој се многу големи. Не можеме дури ни да ги прочитаме колку се тие обврски. Така што, една Словенија со 14 илјади евра по глава на жител во надлежност на општините ги остави само детските градинки, а не основното и средното образование.

За нашата македонска реалност, за жал, со 1800 евра по глава на жител, не е некоја гаранција дека граѓанинот ќе биде позадоволен и од услугите и од цените. Однесувањето на власта покажува дека таа, во името на децентрализацијата не се откажува од сето она што значи централистички начин на одлучување, со големи принадлежности особено во финансиската сфера задржани за себе.

Со ова што сакате како предлог на закон да го донесете, ние не се доближуваме до ЕУ. Напротив, да го направиме сето тоа треба да ги почитуваме критериумите со Европската повелба на локалната самоуправа чии потписници сме ние и тоа од 1996 година.

Уште во самата Преамбула се кажуваат три постулати. Кажуваат точно каде ние треба да се движиме. Имајќи предвид дека локалната власт претставува една од главните основи на секое демократско уредување што сега треба да го реализираме, правото на граѓаните е да учествуваат во водењето на јавните работи и тоа е демократски принцип што важи за сите земји, членки на Советот на Европа. Тоа би требало да важи и за нас.

Увереноста дека најнепосредно остварување на ова право е можно токму на локално ниво, значи гледајќи ги правата и обврските на локалната самоуправа во ЕУ, ќе дојдеме неминовно до членот 5 од истата Повелба, во која многу убаво стои дека за било каква територијална промена на општините треба да се консултираат истите, затоа што истата се однесува токму за нив. Значи, ова е обврзувачко, а не како што сака Владата да прикаже дека ќе ги има предвид резултатите од референдумите во овие единици на локална самоуправа. Тоа е така, затоа што според оваа Повелба најблиску до граѓаните е локалната власт а не државата.

Во овој наш случај, 200 илјади луѓе го искажаа своето незадоволство од овој начин на територијална организација. Многу често колеги, посебно македонците од албанско етничко потекло, зборуваат за ЕУ. За нивната територијална организација, за Швајцарија и истата ја посакуваат во Република Македонија. Но, заборавааат на нешто дека во Швајцарија не е доволно Владата да предложи, Парламентот со својата гласачка машинерија, т.е. со политичкото  мнозинство, т.е. вас да го изгласа законот, туку на тоа ќе треба потврда од граѓаните на референдум.

Друг пример што е многу поблизок до нас е секако примерот со Словенија. Во моментот има 192 општини, со население од 2 милиони жители, територија приближна колку нашата. Одреден дел од овие општини се формирани после 1998 година и тоа на барање на граѓаните и повикување на Уставот на Република Словенија. Така што, за нивните барања одлучуваше Уставниот суд и пресуди во нивна корист.

Но, кај нас, сега, се случува многу неприроден процес. А, тоа е дека државата е многу позаинтересирана за децентрализација отколку локалните власти и

граѓаните во нив. Но, реков, тоа е апсурд. Секоја држава гледа што повеќе да приграби за себе и што повеќе функции и моќ да има на својата страна.

Друго што е неспоиво со вистината е прикажувањето дека територијалната организација всушност е клучот за реализација на Рамковниот договор, со што воопшто не можам да се согласам. Не се согласувам затоа што не гледам процес. Но, гледам етничко-политички договор што не беше цел на Рамковниот договор. Туку напротив, во него се многу јасни и децидни работите и лошо е да се манипулира со македонската јавност. Слободното толкување на истиот или, што би рекле толкувањето, секој од свој агол, донесе до многу непрецизности и грешки што можат да бидат фатални за понатамошното опстојување на Република Македонија. Едно од таквите решенија беше Тетовскиот универзитет, каде што и покрај Охридскиот договор се призна Универзитетот во Мала Речица, а и сега, територијалната поделба, не организација, може да биде крај за некакви реални надежи за соживот и понатамошна унитарност на државата, што е и сега на голем испит. Затоа што контролата на целата територија на Република Македонија не постои. А, после вакви делби, дури ни правото нема да функционира.

Но, еве да видиме, бидејќи многу често се повикуваме на тој Рамковен договор и уредувањето на локалната самоуправа, што е дефинирана во став 1.5., “Развојот на локалната самоуправа е од суштинско значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците”. Развојот на централизираната власт целосно е реализирана во Глава ИИИ со три става од кои што еден се однесува на територијалната поделба. Тој кажува, во ставот 3.2. “Во рок од една година по завршувањето на новиот попис кој меѓуародниот надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година ќе бидат ревидирани општинските грнаци”. Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалната и националните власти со меѓународно учество. Со ова нема апсолутно ништо дефинирано дали ќе има повеќе или помалку општини. Никаде не се вели дека ревизијата ќе се врши и спроведува врз основа на резултатите од пописот, туку по неговото завршување. Значи, тезата за намалување на бројот на општините не може да се исцрпи од овој Рамковен договор.

Што понатаму? Во точката 3.1. “Ќе биде усвоен ревидиран закон за локална самоуправа, со што ќе се зајакнат овластувањата на избраните локални

претставници и значително ќе се зголемат нивните надлежности во согласност со Уставот и Европската повелба за локална самоуправа.

Зголемените надлежности, пред се, ќе се однесуваат на областите на јавните услуги, урбаното и руралното планирање, заштита на животната средина, локалниот економски развој, културата, локалните финансии и образованието, социјалната заштита и здравствената заштита.

Ќе се усвои закон за финансирање на локалната самоуправа да се обезбеди соодветен систем на финансирање за на локалните власти да им се овозможи да ги исполнуваат своите надлежности”.

Од сето ова што го видовме, членот 3.1. во членот 3.2 во ништо не соодветствува. Така што од ова ништо не е направено за да можеме да профункционираме за да го донесеме овој закон за локална самоуправа.

Понатаму, точката 2, значи точката од Анекс Б: “Собранието до крајот на 2002 година ќе усвои ревидиран закон за општински граници земајќи ги предвид резултатите од пописот и релевантните упатства дадени во законот за локална самоуправа”. Но во Анекс Б има точка 2 која многу јасно ќе ги каже сите работи што до сега се обидовме неколку пратеници да ги презентираме пред позицијата. Мислам дека и ним им е се јасно што е причината да не се согласиме сите заедно. Тоа пред малку го говореше колегата од позицијата.

Во точката 2 од Законот за локално финансирање се говори: “Собранието до крајот на мандатот на овој состав на Собранието ќе усвои закон за финансирање на локалната самоуправа за да се осигура дека единиците на локалната самоуправа ќе имаат доволно ресурси да ги извршуваат своите задачи според ревидираниот закон за локална самоуправа.

Законот, особено ќе го предвиди следното:

1. Ќе овозможи и ќе ги направи одговорни единиците на локалната самоуправа да прибираат значителен износ на приходи од даноци.

2. Ќе обезбеди трансфер до единиците на локалната самоуправа на дел од централно прибраните даноци што кореспондираат на функциите на единиците на локалната самоуправа и имајќи предвид собирање на даноци на нивната територија.

3. Ќе осигура буџетска автономност и одговорност на единиците на локалната самоуправа во областите на нивните надлежности”.

Од сето ова, господине претседател, господине министер и пратеници, апсолутно ништо немаме како показател врз основа на што ќе можеме да гласаме.

Се раоти за комплексна задача, за нас пратениците, за да овозможиме да се има регуларни избори.

На овој начин и ова што го бараме во текот на амандманската расправа, што, како што кажаа дел од пратениците, суштиски не сме се досега искажале и не сме ја убедиле позицијата. За жал, мислам дека позицијата многу тешко се убедува, дури народот не може да ја убеди со своите референдуми.

Во точка 4 од Анексот Ц, во кој што се говори дека страните ја повикуваат меѓународната заедница да помогнат во процесот во јакнење на локалната самоуправа, Меѓународната заедница особено ќе треба да помогне за подготвување на неопходните законодавни измени, поврзани со механизмите за финансирање, со цел јакнење на финансиската основа на општините и создавање способности за финансиски менанџмент и во измената на Законот за општинските граници. Во овој Анекс Ц-договор имаме точка 3.

Точката 3 зборува за враќањето на бегалците, ревитализација и обнова, каде што во точката 3.1. стои дека сите страни ќе работат да обезбедат враќање на бегалците кои се граѓани или имаат законски престој во Македонија и на раселените лица во нивните домови, во што е можно покус временски период. Ја повикуваат Меѓународната заедница, особено УНХЦР да помогне во овие напори.

Во оваа ситуација да можеме ние, како пратеници да ги донесеме сите закони, мислам дека ова е најкраток период, ова е донесено некаде 2001 година сега сме 2004 година, овие работи сеуште не се регулирани. Поминаа три години, Владата и ние како пратеници, како Парламент колку за сето ова ќе придонесеме за да можеме што побрзо да се случат овие работи и да преминеме на законот што суштински сакаме да го разгледаме, Законот за територијална организација кој што сакаме да го донесеме пред да го донесеме овој пакет од 29 закони.

Тој пакет на закони, 29 на број, беше предложен некаде во декември 2003 година и по тој Закон расправавме во април 2004 година. Знаеме што се има во овие законски проекти. Сигурно дека за многу од нив повторно ќе се расправа и на самите комисии, затоа што не се доискажани многу работи. Мислам дека тука ќе треба да се најде правиот начин како, резрешувајќи го пакетот на овие закони за децентрализација, што всушност се суштински и после кои ќе треба да говориме за понатамошниот развој на општините, ние преминуваме на територијалната делба.

Ако е целта да имаме избори само поради избори, а тука многу тешко пратениците од позицијата кажуваат дека ние со овој пакет на закони едноставно

преминуваме на нешто што ќе значи нова локална самоуправа, што јас апсолутно не се согласувам, затоа што воопшто не знаеме и до сега Владата не си дозволи, а мораше да го направи тоа, да се направат општини што и во овие моменти, кога министерот ја презентира Програмата и ја презентираше оваа точка 1 од овие закони, да видиме финансиски конструкции, да видиме што значи ова, затоа што функционирањето до сега и на централната власт, а уште пострашно очекувам да се случи со локалната власт, затоа што видовме колкави ингеренции ние всушност префрламе на локалата самоуправа, а од друга страна како сето тоа ќе профункционира, можеме да видиме од функционирањето, затоа што сите законски проекти што ги донесовме до сега во однос на инвестирање, во однос на вработување, во однос на социјални заштити, кажувавме дека се идеални, дека сето тоа ќе донесе напредок. Но еве, за жал поминаа две години, напредок апсолутно нема. За жал, некои работи се движат и во назаден ток. И, тоа е многу страшно.

Но, со овој понуден модел на територијална делба се гледа дека етничко-политичкиот критериум е доминантен при креирањето на локалните единици, а не неутралните и објективни критериуми и, од сето ова, може да се доведе до етничко чистење, не со воени средства, но на многу перфиден начин што веќе се најавува од партнерите на опозицијата.

На овој начин целосно се редефинира просторот во Република Македонија. Се поставува нов политички поим “Западна Македонија”. Кој, со тек на време ќе ги искаже своите прави цели, дека ништо не е доста кога се однесува до правата и на секој помал проблем  ќе се повикува народот на оружје за да се остварат правата, затоа што еднаш тие тоа јавно го направија и, според нив, успеаја.

Значи, Република Македонија  и во претстојните процеси на Балканот и евентуалните дезинтеграции и прекројувања на границите мора да биде многу внимателна да не изгуби поголем дел од својата територија.

Со овој предлог ќе биде донесена Република Македонија  во поголем дел да има етничко управување што вештачки, механички ќе се формира со спојување на две или повеќе општини. Така, ќе се доведе до мајоризација и натамошно иселување на неалбанското население од овие простори. Значи, со оваа партиска делба, прекуноќ на етничка и деморафска структура се врши промена на една општина. Истото претставува агресија во секој поглед.

Зошто го говорам сето ова?

Ние треба да знаеме дека територијална организација треба да овозможи поефикасно, порационално, поефтино, похумано задоволување на потребите и интересите на граѓаните. Ваквите локални заедници треба да произлезат од потребите на граѓаните, а не да бидат резултат од некој, макар и политички договор по кафулиња, туристички центри и ресторани без воопшто да се знае за кого или против кого се носи решение.

Општините, во секој случај се постари од државата. Токму поради тоа не можат да бидат административен изум. После вакви договори, после реакцијата на огромен дел на граѓаните преку изјаснување со референдуми, после она што се случи во Струга, во Кичево и во сите незадоволни места, гледаме дека полека, полека Република Македонија постанува нестварна држава, виртуелна држава, држава што постои за да ги задоволи сопствените интереси, а граѓанинот не постои во овие опции. Наместо да биде обратно. Т.е. Владата постои за да може граѓанинот да ги реализира сопствените права. Но, полека и се повидливо граѓаните стануваат заложници на политички преговори, договори, разговори и стануваат монета за поткусурување за некоја неприродна, вештачка коалиција да опстане на власт.

Затоа што, за да остане власта, мора да оствари концензус внатре, коалициски. Но, токму овој сегмент, територијалната организација, власта Ќе треба да ги слушне своите гласачи, гласачи кои јасно рекоа не за ваквите поделби. Дел и од пратениците од коалиционото мнозинство, слушајќи ги нивните ислагања деновиве, гледам дека не го поддржуваат законот, посебно за своите места, но го прифаќаат за други места, што за нив е логично.

Некој ќе рече дека ваква иста дилема имавме и 1996 година. Но, сега, аргументите што тогаш беа за, сега стануваат против. Што всушност се случи во таа 1996 година? И тогаш, оваа власт говореше дека таа е формула кон враќање на реалните општини т.е. кон помали општини. Бидејќи тогаш Република Македонија имаше најголеми општини по територија и по население. Значи, пораката беше дебирократизација, при помали општини. Контактите се поголеми и граѓаните се поблиски до власта. Се има можност за директна демократија, референдуми, граѓански иницијативи, собири на граѓани и др. Постои можност за поголема контрола на власта. Подиректно запознавање со податоците и можност за коректитвност на власта. Ова беше донесено без парламентарна опозиција и во многу општини се покажа повеќе од успешно.

Но, сега, ако е повторно со истата теза дека треба локалната самоуправа да им ја приближиме на граѓаните и повторно да им ги намалиме општините за 1/2, тогаш господо, очигледно не се работи за децентрализација, туку за централизација на власта. И, со овој Предлог на закон видовме кои се надлежностите што се пренесуваат на општините.

Ако направиме некоја паралела помеѓу двата закни, тоа е Законот за финансирање на општините и за територијална организација, што течат во иста фаза, може да се заклучи дека за тоа што го нуди Владата е нивна негација. Владата говори дека општините немаат пари, дека немаат ресурси да ги исполнуваат сите нивни надлежности што се сложени, но од друга страна за истите обезбедува пари и ги финансира директно од Буџетот, односно ги трансферира парите за основното, средното, примарната здравствена заштита, социјалната заштита, за домови за стари лица, за деца без родители, територијалната противпожарна заштита, културата, спортот и тоа во четири квартали годишно. А, од таму, во институциите што ги финансира локалната самоуправа.

Значи, кога говориме за децентрализација, најважни се човечките ресурси, економските и стопанските капацитети. Значи, основно прашање треба да биде дали општината може да се одржи?

За овие осум години од 1996 година до 2004, во руралните општини се изгради генерално многу повеќе отколку во однос на целиот период до 1996 година. Да не заборавиме дека Република Македонија, некаде во 1950 година имала повеќе од 200 општини. Тоа го слушнавме и од министерот дека имало двостепеност во раководењето, но во секој случај постоеше и еден друг, поинаков социјалистички систем, така што овие 200 општини не можеме да говориме за некоја локална самоурпава. Рамномерниот стопански развој, развој на недоволните подрачја, редистрибуција на населението, миграција село-град, демографската експлозија кај македонците од албанско етничко потекло, емиграцијата во странство не се решаваат со укинување на руралните општини и нивно окрупнување. И во Европската повелба и секаде во светот се тежнее да се изедначат со својот развој овие општини, т.е. урбаните и руралните. Со тоа што државата, со директни буџетски трансфери, создавање услови за стопанисување, кредитирање, надзор и ревизија ќе обезбеди многу поголем степен на експлоатација директно, ова што за некого беше смешно, пасиштата, шумите, водите и минералните суровини. Значи, едно поголемо размислување, еден многу поголем сенс сето тоа ќе доведе во

ситуација да нема апсолутно никаква потреба од укинување на овие рурални општини. Затоа што ако државата ги остави концесиите на локалната самоупраа, интересот ќе се зголеми. Ако се плаќа за она што се зема од тие општини, многу брзо истите ќе продолжат да живеат, а самата дека таму ќе треба основно, средно образование, култура, економија, спорт, противпожарна заштита, се едноставно неодржливи. Зошто во повеќе од нив, посебно зборувам за руралните средини има луѓе со просек некаде околу 60 години и сегашната власт за нив направила локална власт, за нив направила многу и тие во голем дел, користејќи странски донации, фондови за неразвиени, во секој случај повеќе отколу за претходните 50 години кога овие општини, кои тогаш броеле од 15 до 20 илјади жители се донесени во ситуација во моментално со број од 300 до 500 жители.

Но, ако се продолжи со развој, многу ќе почнат да размислуваат и за враќање. Ако не се случи истото што и порано, ќе добиеме чисти еколошки средини, за жал без никакво население. А од друга страна урбаните центри ќе се гушат со огромен број на граѓани кои наместо да работат, ќе очекуваат социјална помош затоа што и она што досега го земале од средините од каде што потекнуваат од своите родители и тоа ќе го немаат. Не е точно дека актуелите општини која да е од нив, немаат капацитет да го носат товарот на зголемениот обем на надлежности поради што треба голем дел од нив да се укине.

Во членот 14 од Законот за локална самоуправа дава право постојните општини со меѓусебна соработка заради остварување на заедничките интереси при вршење на заедничките работи во надлежност на општините да може да се здружуваат и да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби за извршување на заеднички надлежности. Општините да можат да формираат заеднички административни тела во одредени области во согласност со Законот. Тогаш кое е образложението за укинување на опшините кои немаат изворни приходи за да ги покриваат уставните и законски надлежности. Токму заради овие ситуации во правото постои институт кој се вика стекнато право. Во 1996 година граѓаните на овие општини се стекнале со тоа право. Во многуте територијални реорганизации, една од нив во 1965 година беше укинато се што беше рурално и се одеше на тоа да се добијат што повеќе урбани средини. Значи, во овие 31 година од 1965 до 1996 година се случи она што можеше да се очекува. Населението од селата масовно емигрираше во градовите, а поради неможноста голем број од нив да се снајдат и тука отвореноста на границите по прв пат голем дел од овие граѓани од овие

рурални средини се иселија во прекуокеанските земји Австралија, Канада, Америка, во земјите од ЕУ и тоа беше првиот бран. Тие луѓе и ден денес се водат како привремено вработени во странство. Денеска овие што останаа во градовите поради големиот економски застој што го доживеа Република Македонија, поради 400.000 невработени, поради бркањето од работа, поради малтретирањето, поради неперспективноста, младите кадри оние кои што треба да ја повлечат оваа држава во напредок, масовно ја напуштаат Република Македонија и го формираат веќе третиот, или четвртиот бран емигранти. И таму ќе останат на привремена работа до крајот на својот живот, а се разбира и нивните деца кои сега од тој прв бран се некоја четврта или петта генерација во тие држави и го заборавaат и своето потекло. Но, уште пострашно со овој етнички и политички договор во сопствената држава се поттикнува уште еден миграционен бран, бранот запад-исток што го видовме за време на војната од 2001 година, за жал неисполнување на Рамковниот договор во кој што многу децидно стоеше враќање на раселените лица од местата од каде заминале, неконтролирање на територијата, притисоци, закани, усвојување и освојување на приватни и општествени имоти надвор од секакви закани и закони и на сето тоа неможе да му се стави крај. Што може да се очекува од претставниците на ДУИ? Тоа го слушнавме, имало и премногу македонци вработени, па тие требало да се избркаат од работа во Тетово, во Гостивар, во Куманово, во Кичево и на нивно место да се вработат македонци со албанско етничко потекло. Со тоа општините ќе го решат проблемот. Ако некаде функционира градењето, животот, економијата тоа е во западниот дел, затоа што истокот одамна е мртво, затоа што во него никој не се труди ништо да инвестира, за жал. И наместо Владата да размислува како да останат тие општини со тоа што ќе им ги оставaт парите од концесии, од природните богатства, дрва, вода, песок, минерални суровини, она што им го дала природата што за вакви средини ќе биде доволно да опстојуваат никого да не го оптоваруваат. Владата си зеде за право се она што самата кажува дека едни од овие рурални општини ги исполнуваат демографските критериуми, други економските, а трети просторните и дека токму поради овие причини направено е групирање на оние рурални општини кои според демографскиот статус, економските ресурси, здружени може да се развиваат и понатаму како рурални средини. Некои од овие општини како што оцени државата кои гравитираат кон градските населби се припоени кон истите како што се кажува за подобро инфраструктурно поврзување и користење на објектите и општествениот стандард во градските јадра. Тоа се добива со овој закон

во однос на бројот на општините. Со новата територијална организација според овој закон што го добивме оваа организација опфаќа 13 општини до 5.000 жители, 14 општини од 5.000 до 10.000 жители, 20 општини од 10.000 до 20.000 жители 14 општини од 20.000 до 50.000 жители, 8 општини од 50.000 до 100.000 жители и една општина со над 100.000 жители и градот Скопје сега со десет општини и до 502.000 жители. Просечната големина на овие општини е 25.000 жители од кои 43 се со седиште во град и 37 со седиште во село. Но, господине министер и господа пратеници, јас ќе ве потсетам на нешто друго. Она што во меѓувреме ние сите го изгласавме каде што понатаму го предвидуваме развојот на Република Македонија и говориме во развојот на системот на градовите во Републиката се тежнее кон намалување на релативната концентрација на населеието и активностите во републичкиот центар, односно кон квалитативните промени на нивната социоекономска структура со поинтензивно користење на градежните фондови, земјиштето и локационите погодности, стручните, научните и развојните потенцијали со кои располагаат. Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите како и стимулирање на развојот во помалите градови. Деметрополизацијата, селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други од републичкиот центар во други градови не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социоекономските структури. Една од целите на овој план е развојот на селските населби и подрачја како повеќефункционални производни, социјални и културни простори и зајакнување на економската моќ на селските домаќинства, заради тоа што целта на порамномерниот развој во просторот на Републиката може да се оствари само со квалитетни промени на селските подрачја. Нужно е да се активираат и направат привлечни за лоцирање на стопански капацитети и населување повеќе зони во однос на сегашната состојба и тенденција. Ова во прв ред се однесува на оние подрачја кои поседуваат значителни потенцијали, природни и создадени и релативно добра сообраќајна положба. Развојот на недоволно развиените ридски, планински и погранични подрачја базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори како што се природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфраструктурна опременост. Гледајќи го овој план што треба да го развива Република Македонија и ова што вие ни го понудивте како просторен план мислам дека е тотално во колизија затоа што очигледно е дека

одиме до зголмување на општините а не намалување, не развој на селото како што понатаму во развојот гледаме дека треба да се развијат сите оние гранки во земјоделието кои што треба да донесат развој и просперитет на Република Македонија. Многу тешко дека со електроника ќе стигнеме во Европа и некој ќе не побара. Но, што со ова што досета го правеле овие рурални средини. Едноставно при посетата и средбата со граѓаните, посебно постарите како било пред години и како е во овие осум години застануваат во одбрана на постоечката територијална организација, т.е. во зачувување на се она што е направено години со ред наназад, а беше отфрлено како неможно. Со новите ингеренции кои ги добиваат општиите се доведуваат во многу безизлезни ситуации и големите општини, затоа што сите зависат од буџетот и средствата кои треба да ги добијат од него. Но, државата профорна ги префрла само надлежностите без некоја поголема финансиска поткрепа. Мора да се најде начин на кој што овие општини ќе можат да се грижат за сопствените  средства т.е. да бидат стимулирани со наплата на даноците и средствата за прибирање во сопствениот буџет  и да може со тие пари да се потпира целокупната економска состојба за која што сега општините ќе бидат одговорни. Како сега со сите досегашни движења како миграциони, така и економски кон Европа и светот неможеме да видиме што ќе не очекува после тоа, да видиме она што некој не го прифаќа. Територијата Западна Македонија да се види колку македонци имало после Втората светска војна, каков бил процентот на македонското и албанското население, како е после 56 години и зголемениот број на општини. Бројот на македонците за цело време се намалува. Според пописот во Кичево македонците имаат прираст од 14 жители, од претпоследниот попис до последниот. Тоа доволно говори што се случува во овој дел и на кој начин се освојуваат овие простори. Значи, со ваквите критериуми кои ги предлага Владата реално се намалува процентот на македонците во Западна Македонија. И нема да биде ништо чудно поради невладеењето на правото на државата на целата територија да се очекува бројот на иселените македонци да биде уште поголем, затоа што со сите изјави во владеачката коалиција, посебно од ДУИ, тие воопшто не се задоволни од некоја друга поделба освен она што тие самите го посакуваат. Ако евентуално тоа не се оствари, тогаш се знае како се остварувало, човечки права, како се освојуваат територии, се оди тоа по автоматизам, мислам со автомати, значи повторно она што го говорат овие европејци, тоа е востание. И правата се тука, делбата е готова и тоа е во ред. Но, се што говори опозицијата е многу опасно, затоа што на народот им го

открива етничкиот и политички договор меѓу партиите во владеачката коалиција и тоа никој неможе да го издржи. Зошто го говорам ова? Затоа што со оваа поделба би ги спомнал само Кичево, кое сега има 55% македонско население и 30% македонци со албанско етничко потекло, со спојувањето на општините односот ќе стане 35% спрема 54% во однос на вторите. И општини со 6 населени места како што е Кичево се зголемува на 80 населени места. Општината Струга во моментот има 47,5% македонци и 41,5% македонци со албанско етничко потекло. Со спојувањето односот станува 34% со 54%. Значи, истиот однос како оној што се остварува во Кичево. А бројот на населените места се зголемува од 17 на 49, а бројот на жителите од 36.000 на 63.000 и сето тоа во интерес на нешто што вие го велите дека ќе има подобра локална самоуправа и подобро остварување на правата на граѓаните во овие населени места. Освен тоа, на крајот би сакал да прашам, што утврди Владата како критериум, како анализа, како финансиска конструкција, по што некои општини кои сега се ништат не би можеле да опстојат самостојно што со општините кои сега се зголемуваат по територија и население, што тие добиваат повеќе во остварувањето на своите цели, на своите права, а што пак оние општини што се поништуваат. Што добиваат нивните жители за да ги реализираат своите основни права како граѓани. Дали тоа што овие граѓани ќе трба да одат до новиот општински центар повеќе од 30 километри, а некаде и 70 километри за да можат да извршат преглед во амбуланта, да извадат потврда за било која свера, дали спортската сала што ја има поголемата општина ќе биде достапна и за останатите општини кои ги припоуваме кон неа, дали сега сите патишта ќе се направат во руралните средини, а од друга страна една Битола во моментот има такви улици кое е уметност да не погодите ниедна дупка. Како да се наоѓаме во времето на балканските и Првата светска војна кога Битола беше бомбардирана, а кон Битола се приклучуваат 65 населени места. Што тие граѓани треба да очекуваат за нивно подобро практикување на власта кога и сега градоначалникот не може да стигне да ги помине постојните населени места и да ги прими граѓаните од град Битола. Што ние ќе им кажуваме на граѓаните од соседните општини кои ќе ги припоиме, како ќе ги убедиме граѓаните на општина Бистрица, на општина Кукуречани, на општина Цапари, дали подобро ќе биде во општина Битола сега улиците во нивната општина ќе бидат асфалтирани, училиштата поправени, амбулантите отворени, отворени нови мали погони кои носат приходи во општината и сето тоа ќе го направат со тоа што ќе се отворат сите стопански ресурси во градот и во сите градови Така што ова население

едноставно поради зголемените потреби од работоспособно население, ова население од руралните средини во околината на Битола и во останатите градови ќе го донесеме и ќе ги отвориме “Фрижидери”. “Кожара”, “Свилара” “Битолатекст” и останатите погони кои беа затворени токму со донесувњето на локалната самоуправа и повеќе никој не помислува ни да ги отвори и тешко да ги отвори. Но, затоа ќе имаме нови граѓани кои што ќе бидат корисници на социјалната помош, кои што ќе бидат технолошки вишок кои ќе живеат и ќе преживуваат, или веќе ќе станат некој петти бран кој дефинитивно ќе се отсели од овие простори. Значи, не се работи само за она што кажуваат господата од ДУИ дека луѓето се безбедни, не треба да се плашат, но во секој случај бројките кажуваат се кој, каде се движи и како се движи.

Тука би ја спомнал исто и Старавина за која што говоревме со госпдинот министер и она што Бач се припојува на општината Новаци каде што кажавме дека луѓето треба да поминат две општини за да стигнат до Новаци и да го остварат своето право. Ние, а посебно вие ќе треба да ги убедете дека сега нивните права ќе бидат остварени многу подобро отколку што ги остварувале досега. Сето ова што го гледаме со овој предлог не носи во една ситуација да неможеме многу да веруваме во предлогот дека е направен токму врз основа на она што го бараше народот и опозицијата и мислам сите пратеници да не се носиме во ситуација да носиме одлука а притоа без да знаеме за што се работи. Тука во овој регион во изборната единица 5 како што кажа почитуваниот колега од позицијата, каде што спаѓаат за жал и Струга и Кичево и во двете општини се припојуваат општини кои што функционираат на Струга, Велешта, Лабуништа, Делогожди и Луково и со тоа Струга ја правиме општина од 36 до 63 илјади жители. Некој тука многу убаво кажа дека целта е многу јасна, во моментот според кажувањата на господата: царот со свитата бил во тврдината, ама тврдината е таа што ќе треба и што се сака да се освои, само незнам кои се тие што сакаат да ја освојат, затоа што во таа тврдина има мултиетничност, има двојазичност и тие луѓе живеат заеднички, успеале и кризата од 2001 година да ја поминат безболно. Сега некој се труди да каже дека тоа не е така. Една Велешта, незнам колку од пратениците биле во можност да ја посетат и да видат, мислам дека е една од најизградените места во Република Македонија. Голем број од дуќани во чаршијата во Струга се токму газди господата од Велешта и тоа е фактот и тоа е така и неможе никој да го негира, дека ќе им биде потребно нешто повеќе. Апсолутно не, затоа што со ова што го направиле во овие 8 години

постигнале многу, изградиле општини и по сите критериуми кои што Владата ги дала досега, апсолутно би требало да останат. Со ова што сакаме да го направиме во Струга, правиме злостор, затоа што на механички, на вештачки начин сакаме да направиме нешто за кое што воопшто, еве и граѓаните на Струга комплетно го изразија своето незадоволство. Симптоматична е една друга работа што секој референдум кој се организира во овие општини се кажува дека бил еднонационален, дека тоа неважело, тоа било од македонците. Но, ако сега како што имаше најава за одржување на референдуми и на албанското население, дека се ќе биде во ред и дека тие референдуми се важечки. Господа, треба сите заедно овде да размислиме за што говориме и што правиме, затоа што ова е можеби една од пресутните одлуки која што овој Парламент треба да ја донесе, затоа што после тоа викаме, се е касно. Мислете сега додека има време, ако воопшто има време. И размислувајте кога ќе го дадете својот глас за одржување или неодржување на овие општини.

Другата општина Кичево, каде што се приклучуват Осломеј, Зајас, Другово и Вранешница, но сега со почек од 4 години во кои што 4 години ние веќе знаеме дека овие општини едноставно ќе изумрат, не ќе можат да бидат способни да преживеат и дека ќе мораат да се приклучат на Кичево, каде што Кичево со својата индустрија, со своет стопанство каде што Електростопанство на Македонија во 2002 година после доаѓањето на власт на СДСМ избрка повеќе од 200 луѓе, затоа што беа вработени само во периодот кога на власт беше ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека бркањето на тие 200 луѓе во Осломеј на кој ќе му даде право во Кичево утре да кажете дека ќе има стопански објект кој што ќе може да вработи. Значи она што во моментот Кичево има 10.000 невработени, ќе стигне до бројката од 25.000 невработени и сите тие ќе бидат на социјална помош, државата незнам колку ќе биде способна сето ова да го издржи. Но, еве, начинот на кој што треба Кичево да стане од 30% на 54%, и 55% со македонци од албанско етничко потекло, начинот е тој. Дали со ова ќе има зголемени средства во центрите што се за социјална помош, дали ќе имаме социјална помош за ново пријавените, дали и понатаму ќе продолжи бркањето од работа на македонците за да се вработат македонци од албанско етничко потекло и сите понатаму среќно ќе си живеат како што живеат во моментот.

Господа пратеници, симптоматични се повеќе работи кои во меѓувреме се случија и овој Предлог закон што вие го нудите тука пред нас треба да го усвоиме. Најтипично за овој закон е што, прво и основно, не се прифатени ставовите на ЗЕЛС

и не се активно вклучени во се она што беше одлучување во однос на овие барања, затоа што ЗЕЛС инсиститра на стручни и научни критериуми што ќе бидат правични, објективни, сеопфатни и транспаренти. Мислам дека ниту тоа го обезбеди Владата, ниту стручност, ниту објективност, ниту пак ЗЕЛС ги вклучи во сите разговори.

Исто така, се бараше почтување на членот 5 од Европската повелба, но сето ова важи се до еден момент, додека нашиот претседател кој што пред година дена како гледаме дека се она што беше развој на Република Македонија и еволуција на мислењето, во рок од една година, би сакал да цитирам две изјви. Едната е од 26 јули 2003 година, значи пред една година, во која се вели: “Би сакал да потсетам дека првата девиза во Рамковниот договор е дека нема териториајлно решение за етнички прашања и дека Македонија е унитарна држава. На тој Рамковен договор својот потпис го има ставено и актуелниот лидер на ДПА. Традицијата налага почитување на дадениот збор и потпис. А доколу тоа не го прават, тие ќе ја загубат почитта на сите граѓани” истакна тогашниот македонски премиер Бранко Црвенковски. А колаициониот партнер говори, наш приоритет останува целосна имплементација на Охридскиот рамковен договор, кој е долг процес и бара одговорност од сите вклучени страни. Не само што ДПА ПДП и ВМРО ДПМНЕ треба да го почитуваат својот потпис и треба совесно и одговорно да се однесуваат, туку тие треба да дадат отчет и пред населението и своите гласачи и меѓународната заедница, бидејќи станува збор за меѓународен договор - говори Али Ахмети.

Но после една година, на 24 јули 2004 година ја имаме следната изјава: “етничкиот критериум е вметнат заради целосно спроведување на Охридскиот договор. Во 2001 година имавме етнички конфликт, а со Охридскиот договор тоа требаше да се реши. Децентрализацијата е клучниот сегмент во тој договор. Затоа мораше да се отстапи од класичниот експертски систем при донесување на законите. Ова е закон на компромис и консензус”, говори сегашниот претседател на Република Македонија, односно како премиер стриктно да се држиме до првата девиза дека рамковниот договор нема теријторијално решение за етнички прашања и вториот е дека етничкиот критериум е вметнат заради целосно спроведување на Охридскиот договор, ова е закон на компромис и консензус.

Господа пратеници од позицијата, дали ова што е кажано децидно, јасно гласно вие само треба да го озваничите или вие размислувате дали ова како решение кое што го нудите на граѓаните, а граѓаните треба да ја реализираат

локална самоуправа ќе има било каков ефект од сето ова што ќе го говориме во однос на законите.

Би сакал да ви помогнам уште еднаш пред да се одлучите со она што значи мислењето на граѓаните. Многу често се повикуваме на анкетите и она што го мислат граѓаните на Република Македонија. Ќе бидете добро да го знаете и тоа, сигурно го читате, но колку сакате да го знаете тоа е друго прашање. На прашањето дали децентрализацијата на новата територијална организација се една целина и треба да се разгледуваат во пакет или тоа се две различни работи што треба посебно да се разгледуваат, 67% од испитаниците одговориле дека тоа се две различни работи. Ние господа велиме дека тоа е исто.

Интересен е одговорот на прашањето кој критериум треба да е главен при одлучувањето за новата територијална организација. 84% велат дека тоа треба да биде способноста на единиците на локалната самоуправа да ги извршуваат работите во нивна надлежност, брз оглед на етничкиот состав. За жал, вие сте изгледа во овие другите 16%.

Најголемиот дел од македонските граѓани, 72% до 94%, воопшто не се изјаснуваат по прашањето што значи, според нив, договорената нова организација. Дали е гаранција за мирот во земјата, унапредување на меѓуетничкиот соживот, исполнување на почитување на волјата на граѓаните, начин да се зачува територијалниот интегритет на земјата, исполнување на барањата на меѓународниот фактор, придонес кон приемот во НАТО и во Европската унија, поделба на земјата или вовед во нов конфликт. Овде е голем бројот и на Албанците и на Македонците.

И на последното прашање, дали сметаат дека новата поделба на општините пред да биде ставена на дневен ред на Собранието треба да биде ставена на референдум, а резултатот од неа би бил обврзувачки по ова прашање, најголем дел, односно 69%  се изјасниле позитивно.

Тоа се, господо, мислењата на гласачите на народот, на вашите и нашите гласачи. Вие сето ова го заборавивте, едноставно не е ставено во ниеден дел од овој закон.

Многу често тука слушаме, посебно при објаснувањето по амандманите дали една општина ќе опстојува, ќе егзистира или нема да егзистира, дека сето ова е поврзно со - ако баш не опстои, ние нема да влеземе во Европската Унија и некои такви слични моменти, на кои упорно инсистираат колегите од позицијата, што мислам дека апсолутно не држи. Многу често бевме повикувани дека ги трошиме

парите на народот со долгите дискусии и обидот овој закон да не помине како вие што предвидувате да помине. Но, до сега, господа, не дадовте апсплутно никакво образложение за тие два месеци договори, преговори, она што Македонија ја донесовте на работ на криза и не кажавте уште една работа: Колку ќе чини двојазичноста на Градот Скопје. Дали има некоја таква пресметка, би сакал да се направи споредба во однос на ова што досега го зборувавте и дали понатаму ќе дојдеме во ситуација дека многу скоро ќе треба да излезат и правата на македонците, па после да ги бараат своите права затоа што очигледно тие се жртви на овој договор и на се ова што се случува. Истото се случува и со територијалната органицација и дали ова што цело време го слушаме дека територијалната организација мора да заврши сега и веднаш за да можеме подготвени да ја дочекаме новата поделба на Косово и независноста во 2005 година, дали е токму тоа брзањето, пред да донесеме било какви финансиски резултати и она што треба да биде физибилити студија врз основа на која сите ние пратениците ќе кажеме за или не на овој закон што тука е понуден.

Во однос на генералните тези би кажал толку, а го задржувам првото повторно да се јавам во однос на конкретните предлози во врска со Предлогот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Конкретните предлози преку амандмани ги завршивме, но имате право да се јавите. Ова е расправа по текстот односно со Законот вие го задржувате правото да се јавите по втор пат за збор, тоа право не ви е ускратено.

За реплика се јави г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Колегата Мавровски, како што вели, се обидува да ме убеди, но знае дека не може да ме убеди и јас ќе се обидам да ја убедам опозоцијата во некои работи. Тука ќе го повторувам тоа затоа што не обвинуваат нас, а што мислам дека правилно го толкуваме.

Прво, во делот на Рамковниот договор што и самиот го цитираше пишува дека Собранието на Република Македонија до крајот на мандатот на овој состав, се мисли на минатиот состав кога ВМРО-ДПМНЕ беше парламентарно мнозинство ќе усвои закон за финансирање на локална самоуправа и да не читам понатаму. Конкретното прашање тука е зошто тоа ВМРО -ДПМНЕ не го направи.

Втора работа: апсолутно Рамковниот договор е направен за менаџирање на меѓуетничките односи и не постои погенерална оценка освен таа. Затоа е кажано

дека во множеството на закони што треба да се донесат ревидирањето на границите на општините ќе дојде после пописот, а пописот апсолутно има етничка димензија и тука не можеме да избегаме од тоа или да го прочитаме поинаку. Единствено е читањето на резултатите од пописот и се знае кое е јадрото на пописот.

И трета работа, тоа што и вчера го кажав: лошо е кога политичарите во Македонија не и веруваат на државата, без разлика дали се во позиција или опозиција. Иста одговорност имаме и кога сме на власт и кога сме во позиција како пратеници посебно да веруваме во нашата држава. Никој не треба да се сомнева, посебно не, од оваа говорница или во овој највисок дом на демократијата дека нема да не биде. Не може тоа. Лошо е, лоша е таа порака. Никако нема да стигнеме во Европа и нема да одиме напред доколку не си веруваме самите без разлика дали сме на власт или опозиција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски, една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вие потврдивте се што кажав во однос на Рамковниот договор дека е меѓу етнички договор и сето ова што досега го говоревме за некои анализи и дека ова е локална самоуправа и доближување и децентрализација на власта до граѓаните апсолутно паѓа во вода, што конкретно како вашиот претседател го кажавте. Тоа е првото.

Второ, велите дека не и веруваме на државата ние. И веруваме на државата, не и веруваме на власта затоа што еднаш го излажа народот, рече дека нема да коалицира со ДУИ, коалицираше, направивте коалиција, сега повторно кажавте дека Скопје нема да биде двојазично, дека Струга и Кичево не ги давате, повторно ги дадовте и после ова незнам како можам да ви верувам, а ќе останеме, граѓаните на Република Македонија да продолжат да ви веруваат и понатаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ова е уште еден говор на г-динот Спиро Мавровски во негов стил да зборува три четири часа, а да не каже ништо. Следејќи го, ќе се обидам да изнајдам неколку точки од неговиот говор и да му кажам дека некои тези од неговиот говор се многу опасни, дури се и погрешни.

Г-дине Мавровски, вие зборувате за намалување на бројот на македонците во Западна Македонија, алудирајќи на општинтие Гостивар, Кичево и Струга и поставувате теза дека во притисок на албанците наводно се раселиле македонците или е намален бројот на македонците, но во ниту еден момент не велите зошто дојде до тоа намалување на македонците во Берово, Делчево и во други делови на Источна Македонија. Дали и таму албанците ги раселиле македонците? Но, не ја кажувате вистината дека во тој дел од Македонија, македонците, тргнувајќи од културна, образовна и економска инфраструктура, Скопје, од 100 илјади жители се претвори во Скопје со 800 илјади жители. За ова прашање во ниту еден момент за Западна Македонија не зборувавте ништо што се случува во намалувањето на бројот на албанците во Охрид, Битола и Ресен. Во овој правец не велите ништо, се повикувате на 2001 година, но во ниту еден момент не спомнавте дека во 2001 година во Западна Македонија во Битола се изгорени куќите на албанците, што не се случи со куките и имотот на македонците во Дебар, Гостивар, Кичево и Струга. Зборувате за дуќаните кои ги имаат луѓето од Велешта во Струга. Г-дине Мавровски, тие цело време, цел живот се на гурбет, печалба и нивните пари што ги добиле ги вратиле во своето место, ги инвестирале таму. Со големи пари се дојдени во Скопје, и секаде каде што мислеле дека ќе им биде подобро. Зборувате дека треба да се води сметка што зборуваме. Напротив, вие претходно треба да водите сметка за овие тези што ги имате и би било добро да водите сметка. За многу симптоматични работи зборувате, но најсимптоматични се вашите предвидувања и вашите тези. И незаборавете г-дине Мавровски, никого не заплашувате со ова прашање. Зборувате за приоритетите што ги кажале Али Ахмети, ца целосна имплементација на Охридскиот Рамковен договор, јас ќе ви речам да, приоритет број 1 е имплементирање и конкретно импементирање на овој договор и за ова ви реплицирав и за другите податоци ви кажав дека би било добро да се консултирате со научни студии на Јово Талевски, географот, и ќе видите многу добро што се прави во демографските движења во западна Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Контрареплика за г-динот Спиро Мавровски, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Очигледно не е дека не сум кажал ништо, многу работи сте разбрале. Можеби не ви се допаѓаат, но тоа е тоа, вистината е една г-дине и тука не можеме ниту да помогнеме. И оваа имплементација што ја барате на Охридскиот Рамковен договор

е токму поради вас, и поради вашите заложби. И тоа што се случи во Битола, е повторно поради вас, затоа што се случи она што сега сакате да го заборавите дека тоа било борба за човекови права. Тука е проблемот г-дине. А дека вие кажувате за македонците, имало попис и 1951 година, можете да го видите бројот на македонците и албанците во Западна Македонија и тоа ќе ви биде мерило што, како и колку се сторило во овие 45 години и што сакате вие сега на овој начин да постигнете. Тоа е многу очигледно. Не можеме да ја лажеме понатаму македонската јавност дека се работи за некои договори, преговори, за кои вие самите знаете што сте се договириле и каде сте се договориле.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара реплика? (не)

Продолжуваме со дискусија.

Има збор г-динот Исни Шаќири.

ИСНИ ШАЌИРИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Вистина е дека имаме извонредно значајна тема и е сосема во ред да преправаат пратениците за прашања кои се од големо значење како што е законот за територијална органицација и другите закони кои се однесуваат на децентрализацијата. Ова прашање дали треба да го дебатираме според ќејфот или индивидуалните желби или треба да расправаме и овој проблем да го видиме врз основа на околностите и сето тоа што значи живот, секојдневие во Македонија, што кореспондира со реаланоста во Македонија. Доколку оваа тема ја расправаме според индивидуалните желби, никогаш нема да имаме конструктивен пристап и нема да бидеме рационални во нашето работење. Ова е мое размислување. Доколку ова прашање го расправаме и сносиме одговорност да го разгледаме според реалноста и тоа што е секојдневие во Македонија, верувам дека ќе бидеме конструктивни и ќе имаме реален и рационален пристап, вистината ќе ја најдеме. Колку и да биде болно, ќе ја најдеме вистината. За жал, овие денови имавме дебата околу амандмани со  една голема крајност, каде процентите одат во насока дека се екстремни и зошто да не кажам дека некогаш ги надминуваат параметрите кои секогаш неопходно треба да ги имаме предвид за да ја изградиме и организираме оваа држава и да го организираме животот во неа.

Никогаш не сме во состојба да се соочиме со вината за сето она што ни се случува, бидејќи тие што го бараат виновникот за жал самите тие се виновници и

овде е целиот проблем. Значи тие кои обвинуваат тие сами треба да бидат обвинети и од страна на народот. Но, еве во недостаток на сето тоа што е ангажман за да ја презентираме состојбата што пореално и на праведен начин некој има постигнато појак чекор и сега за жал има подршка од еден манипулиран дел на населението и се организираат протести и реакции и се друго само со една цел за да внесат страв, паника, за да создадат еден неповолен амбиент,за да  создадат една клима која не оди во правец на соживот, за да создадат една клима на недоверба. Сите овие прашања, јас ќе ви кажам дека се опасни, но сега доаѓа до израз, изразот на макија вели за да дојдеш на власт не треба да се избираат средства, но ние за жал не сме во тоа време, во тој период и треба да се отстраниме од тоа бидејќи ова е опасно во ова современо време во овие околности во оваа цивилизација кога сите народи на Европа и државите одат за да го заземат своето место во ЕУ. Овој пат колку и да биде тежок јас мислам дека на сите држави им припаѓа еден ден да ја остварат својат желба и да бидат во Европа. Мислам дека и Балканот и Македонија треба неопходно да чекори кон овој пат.

Законот за територијална организација се коментираше на разни начини. Кога велам се коментираше на разни начини често пати коментирањата кои доаѓаа од дел на пратениците мислам дека не водат кон тоа дека можеби и обичниот граѓанин има право да рече дека Македонија ќе постои или нема да постои бидејќи многу околности, многу други работи за кои сме надлежни и имаме обврска да ги третираме така како што треба ние за жал ги искривуваме и се ставаме во функција на една тотална манипулација кои за интересите на државата се многу опасни.

Почитувани пратеници,

Мулти етничкиот карактер на оваа држава е дефиниран и со Уставот. Уставот е највисок правен акт каде се дефинираат сите работи во квадарот на функционирање на сите држави и на Република Македонија. Изразите, поимите и размислувањата кои доаѓаат од одредени кругови, жалам и од еден дел на интелектуалците и од пратениците дека Македонија се федерализира, македонија се двои, ви се молам сите тие кои имаат за професија правдата нека се повикаат на Уставот. Додека овие прашање немаат основа во Уставот и мислам дека вчера беше многу јасен пратеникот на ДУИ Аднан Јашари кога на интелектуален и професионален начин ги презентираше некои прашања кои се однесуваат на проблемите, кои ни се нас но и во однос на населението. Нас повеќе не загрижуваат проблемите на населението бидејќи ние некогаш одиме толку далеку и некогаш не

знаеме и каде се наоѓаме, а ова што ни се случува во нашата средина, за што за жал е од голема штета за понатамошните процеси демократски на оваа држава.

Кога говорам за мултиетничкиот акрактер, дефинирам со Уставот зошто бегаме од одговорноста и не сакаме да имаме мултиетнички општини. На ова неможеме да се отстраниме, ова е реалност и Македонија треба да се гордее која претставува една земја во Балканот и од историски аспект ако ова го гледаме, треба старата традиција од антика да ја продолжиме, но неможеме да ја продолжиме со овие дефиниции дека таму ќе биде претседател албанец, таму ќе доминираат албанците. Овие се многу ниски работи. Можеби ќе излезам од скромноста и би рекол примитивни се овие работи да се оди во ваква квалификација и вакви проценки.

Јас кога велам дека Македонија има традиција која ја познава и цела Европа уште од времето на антиката и се што е изградено со едно жртвување на многу генерации сега некој го оспорува и става еден знак прашалник за соживотот на албанците во Македонија. Ве молам ние не сме слепи и не сме луѓе кои не ги разбираме овие прашања. Сега е многу јасно, треба да ги дефинираме работите.

Охридскиот договор е еден многу конкретен документ бара оваа држава да ја изградат сите грагани на Македонија, без оглед на кои етнички заедници им припаѓаат. Но изградбата на оваа држава треба да биде во рамките на рамноправноста. Ова треба да ни биде критериум. Значи рамноправниот живот, а не нешто друго. Доколку се отстраниме од овие критериуми да знаете дека секогаш ќе имаме проблеми. Јас би сакал и ние како пратеници, но и други средини и интелектуалците кои не се во овој парламент секогаш да придонесат на оваа држава и за доброто на сите гртаѓани на Република Македонија , бидејќи тоа е најдобриот и правилен пат и нема друг пат. Тој пат кој го гледам и препорачувам и многу други го препорачуваат, тоа е во Охридскиот договор.п

Почитувани пратеници,

Се говори дека територијалната поделба има етнички карактер.Зошто не говориме за претходното. Самиот Охридски договор има етнички карактер. Охридкиот договор е еден многу значаен документ кој треба неопходно првенствено сите да го разбереме добро како еден документ со кој дојдовме до помирување и со кој поминавме еден многу значаен документ. Јас мислам дека во оваа состојба имаше паметни мажи кои знаеја да го решат проблемот, еден проблем кој беше евидентен и присутен во Македонија. Додека денес некои велат дека Македонија се

распарчува, Македонија се поделува. Овие се многу празни и неоправдани тези без никаква основа, што можат да ја имаат во позитивните закони во оваа држава. Македонија се федерализира и поделува во сосема други околности.

Македонија за да се федерализира, уште во првата верзија сум рекол да не ја лажеме јавноста. Значи треба Уставот да се измени. Уставот Македонија ја дефинира како унитарна држава и точка. Тука нема помирување. Зошто сме контраверзни во оваа насока. Кога велам контраверзни, но ќе речам и демагози пред самиот наш народ. Но овие прашања се дефинирани со Уставот и ве молам сега сме причиниле хаос кај граѓаните и некој се плаши и има паника дека Македонија утре ќе има еден нов конфликт,.Кој ќе го направи тоа. Ова го прават неодговорни луѓе. Знам дека некој ќе ми рече Хисни немој да бидеш толку, јас со цела одговорност ви велам, не зборувам за себе си, ќе биде многу ниско тоа, јас овие прашања ги гледам многу сериозно. Јас уште еднаш ќе нагласам доаѓам и излегувам од една зона каде што имаше конфликт, а некој не го почувствувал конфликтот само го гледал преку телевизија и денес секој момент вели доколку не се направи ова ќе се направи нешто друго. Зошто? Тој не го почувствувал конфликтот и не знае што е тоа и сега наоѓа причини и многу заканувачки зборови и сега тој обичниот граѓанин кој живее во Струмица или во Штип, или Струга и друго, во Гостивар значи одиме кон еден конфликт. Да не го малтретираме населението, да бидеме внимателни бидејќи овој закон кој се однесува на територијалната организација, сите вие го знаете тоа но не го кажувате поради икс причини, но причините кои вие не ги кажувате и вистината за овој закон јас ќе ви кажам, разберете ме,ниски се. Овој закон не ја дели Македонија и не ја федерализира Македонија.

Овој закон е еден од законите кој врши децентрализација. Значи врз основа на една нова територијална поделба закон кој се однесува со децентрализацијата е законот за локална власт кој е донесен во минатиот состав. Таму се утврдуваат сите законски норми за функционирањето на локалната власт и колку тие ќе вршат власт во рамките на една општина. Ова се јасни работи. Тој закон е донесен во согласност со Уставот и нема други прашања.

Доколку ги земеме другите прашања и од сите дискусии околу овој закон посебно во однос на амандманите кои повеќе се концентрираа во Струга и Кичево, па после и во Скопје. За Скопје имаме посебен закон, но и покрај тоа во рамките на овој закон се вклучува и Скопје. Ќе ви кажам уште еднаш.

Ние треба да се концентрираме за долгорочни решенија и одржливи решенија. Кога велам долгорочни и одржливи решенија тие решенија се само кога се основаат во Уставот. Токму за Скопје ќе ви кажам со тоа што сме гарантирале 20%, со 20% се вклучени во Охридскиот договор, амандманот број  пет, прашањето на употребата на јазикот дека една етничка заедница која не е помалку од 20% својот мајчин јазик може да го употребува како службен јазик. Тогаш како можеме да и се отстраниме на оваа уставна норма во однос на главниот град каде што живеат, 1/4се,ова е едне центар кој претставува стара од средновековието и на новото време на сите заедници кои живеат во Македонија. Јас мислам дека овде нема изгубено македонскиот народ.

Почитувани пратеници,

Зошто живееме со една стара догма која и припаѓа на еден период, би рекол дека не треба да биде присутна оваа догма во Република Македонија. Не би сакал, велиме ако албанскиот јазик е во употреба се загрозуваат правата на Македонците. Но, да создадема една клима, еден амбиент за да отстраниме некои појави кои се многу штетни за нашето општество, но нека се концентрираме во прашања кои повеќе ја продлабочуваат кризата. А, токму овие констатации овие проценти носат кон продлабочување на кризата и нешто друго што би рекол за моментов, но никогаш не е во функција на тоа што е и добра иднина, во функција што е и просперитет. Јас би сакал да слушнам некои од пратениците и да дискутира за концептуалните прашања на овој закон, за основните принципи. Да се допрат тие прашања кои се почувствителни кај обичниот граѓанин. Кога ќе се допрат тие прашања ки се до граѓаните ние секогаш ќе бидеме на едно ниво и мислам дека нема да имаме проблеми од овој карактер и од оваа природа. За жал, ова не го направивме и во текот на оваа дебата и никој не достави под знак прашалник како ќе функционира општина Струга, туку го стави под знак прашалник кој ќе биде пртседатле на таа општина и како ќе живеат македонците таму. Жалам за тоа население кое живее таму, како се чувствуват тие кога разговараме во оваа насока. Како живеаја македонците во Тетово кои порано беа во помал процент. Тогаш, во суштина нивниот живот бил секогаш загрозен. Фактички им апелираме на граѓаните во сево ова дека таму нема живот. Тогаш се согласувам со тоа дека овде треба да изградиме ѕидови за да ги спречиме односите и да го спречиме соживотот, а не мостови и да создадеме терен за еден соживот. Ова е вистина и врз овие зборови јас констатирам дека ова води во овој правец.

Или на пример да го земеме Куманови, моето Куманово каде што живеам. Во Куманово има 26% албанци, но никогаш самите не се гледаме загрозени од македонците. Соживотот во Куманово е во ред. Имаме пратеник Чедомир Краљевски, Славица Станковска, Иван и сите други, ние декларираме дека граѓаните во Куманово без оглед на нивната национална припадност се чувствуваат слободини и се блиски меѓу себе. Ова е една реалност. Ова го велам искрено.

Г-дине Караџоски гледам дека си го изгубил трпението. Јас сум бил во состојба да те слушам некоку пати со твоите говори и никогаш не се чувствувам уморен, уште повеќе да се јавуваш во говорница, но би сакал, имам почит кон тебе да бидеш секогаш конструктивен и кога говориш за прашањата кои се во функција на тоа што јас го велам конструктивно никогаш не е доволно тоа. Мислам дека слушнав многу значајни дебати кои ми оставија добар впечаток бидејќи врз основа на тоа што се говори овде човек може да дојде до една констатација и што може да се подготви. Јас гледам дека овде одиме во погрешна насока, не одиме во правец на тоа што е и интерес на сите граѓани. Кога реков никогаш, не видов засходно како може да функционираат тие општини. Дали имаат капацитет, со каква инфраструктура располагаат? Дали е испочитуван демографскиот фактор? Дали имаат териториjална компактност? Овие прашања треба да се дискутираат, а не да се дискутира во оваа општина има помалку албанци а во друга општина има помалку или повеќе македонци. Уште еднаш ќе ви речам, немојте лошо да ме разберете, не сакам да ве навредам ова е ниско ниво на разговори. Ова не треба да се толерира во нашата средина. Јас за секоја почит, се создаде и треба да продолжиме така, зошто да ги оладиме односите? Граѓанинот сака да биде слободен и да се движи секаде. Сака да има мдобри односи трговски, економски, со сите граѓани на Република Македонија, но на овој начин не. Со овие изјави со овие сугестии, дека ние, ова и ова ќе ни се направи во однос на протестите и во Струга и во протестите пред Парламентот кои се организираа на 27 во делот на северно Скопје, но не ни се потребни протести со политички карактер. Значи ова решение го бараме преку протести вршејќи насилство. Дали ги знаете проблемите на граѓаните? Знаете ли во каква социјална состојба се, а ние овде добиваме плати и дневници. Некој што доаѓа од Струга или од Ѓевгелија или од Струмица добива за пат. Незнам колку надници зема. Дали вие го имате предвид ова. Јас одам во визило во мојата општина о општина Липково каде социјалната состојба е катастрофална, има многу семејства кои немаат за леб.

Дали ги знаете овие прашања.  Овде ние говориме десет дена за прашања кои се беспредметни. Јас не велам дека овој  закон е беспредметен, но овој закон треба да се дискутира на професионален начин и треба да се дебатира со една единствена цел, колку кореспондира со нашата реалност и далиможат тие општини во иднина да функционираат и дали имаат економска основа, инфраструктура и дали ги исполнуваат условите за да бидат општини на европско ниво. Значи,овде треба да биде нашиот стремеж, но на овој начинне можеме вака да чекориме. Расправата е, се разбира, овој , доби, овој изгуби, кој доби, кој изгуби. Некој вели дека Македонија ја продаде. Кој ја продаде Македонија?

Почитуван Жарко, не е вистина, Македонија ќе остане во овие граници и Македонија ќе биде многу јака кога ќе се сконцентрираме по тие прашања кои се многу витални и од интерес за сите граѓани, но не со партиски интереси. Еден рече дека немаме почит ине веруваме на државата. Ако не и се верува на државата, доколку не им се верува на институциите на оваа држава, без оглед дали сакаме или не сакаме, ние ќе одиме до една декаденција која  е би рекол болна. Некои работи треба да ги стопираме и со заеднички сили да се сконцентрираме во тоа што е сега засега општ интерес да ги донесеме овие закони. Ние сега не можеме да кажеме дека е идеално решение, совршено до колку е направена денес една грешка, утре можеме да ја корегираме. Но, не да се алармира состојбата во таа мерка Македонија дека не постои, се подели или се федерализира. Овој политички жаргон не ни е потребен. Тој е штетен токму за сите тие, кои најмалку имаат обврска да работат за интересот на Македонија. Ова не е нацеионален интерес, не е патриотски интерес. Ова ви го велам сосема искрено. Можеби жалите што ова ви го вели Хисни, разберете ме немам никаква доза на резерва. Секогаш сум бил сериозен за овие сериозни прашања и останувам сериозен. Тоа што го велам и го подржувам. Не да работам нешто друго, а да говорам сосема нешто друго. Значи, треба сите да се движиме кон еден општ интерес тоа што ни е како обврска пред нашите избирачи оваа Македонија да ја стабилизираме и да ја насочиме од аспект на безбедност, да работиме на економските прашања да ги решиме и социјалните прашања да ги решиме и еден ден  сите да бидеме среќни.

Ви благодарам.

ЛИЛАЈАН ПОПОСКА:

За реплика е јавен прв г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине пратеник Шакири, ова пратеник само колку да нема забуна, навистина, кога те слушам не знам што да правам, да плачам или да се смеам. Овде зборувате многу работи, а ќе почнам од она со Макијавели. Кажавте реченица, за да дојдеш на власт, не треба да избираш средства. Значи, одлично си го познавал Макијавели, не сам оншто го познаваш, туку и го примени. И, нормално е тоа е добро да го слушнеме од тебе. Само тоа не треба да се практикува. Кажувате никогаш не сте во состојба да се соочите со вината, се обраќаше на оваа лева страна од тебе, па соочи се г-дине Шакири ти со вината, прво, па после барај од друг. Мислам од таа не можеш да избегаш, не зависно од сето она другото кое следеше до сега. Се организираат протести да внесат страв. Јас незнам дали ти можеш да се уплашиш, на пример. Имаш искуство кое не ти дава да се плашиш и незнам од каде протестите ги сфативте како страв. Што беа, освен свиркање и тек тук некој митинг. Тоа се протести, почитуван Шакири, за да се укаже на незадоволството на граѓаните со овој предлог што го правите. Зборувате и повикавте на правниците како се менува Уставот и дека не сте слепи. Јас верувам дека не сте слепи, ама некој друг е слеп. Тој што е со вас во коалиција. Уставот сите ние знаеме како се менува, знае колегата до вас. Само да ве потсета, дали знаете како го сменивме Уставот, благодарение на тебе и на твојата дружина. Така го сменивме Уставот. Отидовте каде што отидовте и побаравте права на начин од Макијавели. Значи,нема гаранција дека Уставот утре не можеме да го смениме. Еден чекор до тоа е токму овој закон. Зборувате не бил етнички. Па, каков е ако не е етнички. Зборувате ние да прифатиме се во суперлатив, а од друга страна цело време се борите за правата на албанците. Зборувате за Липково, немале леб да јадат, па што ќе им дадете сега со овој закон. Правата, за кои цело време се декларирате. Па, од правата не се јаде. Зборувате за решенија, треба да има решенија, треба и јас се сложувам, ама вие знаете како ги гледате решенијата, се само што вас ви чини. Решенија се се она што е за 20%, а за сметка на сите други од 80% во оваа земја. Така не се градат решенија. Зборувате за решенија само на начин на кои вас ви чини. Струга мора да биде по секоја цена ваква, Кичево мора да биде по 4 години и тоа се решенија за вас. Надвор од сето она што во овие амандмански расправи го кажавме. Значи, апсолутно нема логика она што го зборувате. Јас сакам да видам и да верувам дека сте искрени во она што гокажувате, ама за жал тешко можам да се уверам и не само јас и многу други. За жал, мултиетничкиот карактер за кој што зборувате е

дефиниран во Уставот и тоа е така, ама вие не се залагате за мултиетнички, вие се залагате за бинационален карактер. Цело време зборувате правата на албанците, правата на албанците, не сум ве слушнал за некое друго право да кажете. Каде се правата на турците. Вчера ви се пожали коалициониот партнер, сте му ветиле, не му дадовте. Дали тоа е мултиетнички карактер, една општина не му дадовте. Значи, да не сееме магла. Велите, немојте да гледате индивидуалистички, гледајте реалистички. Прво, гледајте вие реалистички. Реалната состојба во Македонија не е каква што ја барате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Јас бев свесен дека некој ќе реагира во врска со мојата дискусија, но реакцијата сакам да беше на линијата на мојата дискусија. Но, за жал можам да констатирам дека некогаш човек навистина залудно губи енергија, а кога некој нема врска со реалноста и она што е секојднеие во оваа држава кога некој сеуште живее во соништа и да речеме сеуште е во некоја авантура. Но, сите политичари, кои своите движења ги прават врз основа на авантуризам, ќе ви речам г-дине Караџоски, дека се многу опасни и тие одат дури до ниво, кое што може да уништи едно општество, дури и една држава. Ова е и историски документирано, тргнувајки од империите и императорите кои не го познавале секојдневието на својот народ, а живееле во некоја своја фантазија, вонекоја авантура, која штоне била восогласнсот со секојдневието,  тоа било многу болно. Јас мислам дека треба да се отстрани од едни такви политичари и би ве замолил како колега да имаме барем добри односи меѓу нас.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за реплика е г-динот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, дами и господа пратеници, господине минситер,

Многу почитуван г-дин Шакири, 12 години сме тука во Парламентот и многу добро се познаваме. По вашата дискусија дефинитивно паѓа и она што во 2001 година го нарекувавме конфликт или војна во Македонија. Дефинитивно,имам видување и чувство дека ние македонците сме ја изгубиле војната, затоа што во моментот мислевме дека е барем 50:50. Сега, ние сме ја изгубиле војната.

Зборувате за толеранција и за компромиси. Може да зборуваме за толеранција и да се почитуваме како луѓе кои живеат на овие простори, што е така одредено од Господ, но толеранцијата оди до таму што малцинството од 20% е доминантно во Македонија. Ние зборуваме за компромиси кои секогаш одат на штета на македонскиот народ. Вие, г-дине генерале Хисни Шакири, храбро го напуштивте Парламентот и вие сте јунак за албанците, затоа што го напуштивте Параментот и отидовте во првите борбени линиии вас ќе ве слават како јунак, затоа што под изговор дека сте се бореле за правата, за човековите права добивте тоа што го сменивте Уставот. Тоа дека во Македонија приговарате дека нема демократија и дека нема толеранција, ние направивме истчекор напред што во ниедна држава во светот го нема направено. Ние направивме амнестија. Тоа знаете како би дошло, еве да земеме најдемократската зеја восветот, Америка. Член на Алкаеда да биде сенатор. Вие пак сте парлментарец, што значи Македонија е многу толерантна. Со ваквите тези дека под изговор демократија, под изговор децентрализација намерите се нечесни. Тоа ја боли јавноста и тоа го боли македонскиот народ. Јас со целиот ваш респект, по втор пат повторувам, вие многу често,многу храбро кога многу наши тука пратеници не можеа тоа да го направат, вие земавте пушка и отидовте во првите борбени редови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Даневски, ве молам не инсистирајте наизрази кои што можат да бидат навредливи.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Човекот си е јунак за албанците и тоа кој може да му го земе. Храбро и ќе го слават. Затоа, може да зборува отворено, да критикува, затоа што тој е победник во војната.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине, Хисни Шакири, повелете.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Навистина, е многу тешко во некои моменти човекда изнајде зборови да одговори за ваков приод и ваква реплика во врска со мојата дебата во однос на репликата на г-динот Даневски. Јас многу добро стојам со него. Тој е од Свети Николе и јас имам добри мислења за него, сме размениле многу мислења за многу прашања и мислам дека едниот со другиот сме се разбирале и ќе продолжиме да се

разбираме. Но, што се однесува на тоа дека имате констатација некој изгубил, некој добил, јас мислам дека ов ане стои не држи. Од конфликтот во 2001 година јас сум длабоко убеден, не сакам да го убедам Даневски,но целата јавност треба да ме разбере дека соовој документ доби Македонија. Но, потребни се умни, паметни луѓе, луѓе кои имаат сенс за организирање на животот во Македонија. Треба да го искористат овојдокумент, бидјеки е многу значаен, затоа што тој пледира за соживот, за една стабилна Македонија и не предвидува територијална поделба врз етничка припадност, што е основен принцип. До колку тргнеме од овој принцип, г-дине Даневски, ние ќе се растовариме од сите догми од минатото и ќе одиме напред.Мислам дека во оваа насока треба заеднода се движиме.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-дин Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Еве уште едно излагање и повторно протестите се тоа што се страв во Република Македонија. Само да сикажеме една работа, стравот е човечки и тој не познава националности, така што стравот има и кај еднит еи кај другите и многу јунаци има и кај едните и кај другите и  тоа е нешто универзално.

Во односна законот, јас се сложувам со вас за финансиските услови,кои што требаше г-динот минситер и Владата да ни ги претстави тука, тоа не го видовме.Но, јас ќе ве запрашам како член на парламентарното мнозинство да им објасните на господата од Струга како од 36 илјади во моментов со 63 илјади ги остваруваат подобро своите права како единица за локална самоуправа,каде што се меша еден град со едно рурално подрачје. Што е им кажете на господата во Кичево, каде што Кичево двојно се зголемува од ова што во моментов го има како население, каде што повторно имаме рурална и градска средина и каде што еве како случајно ќе причекаме уште 4 години, Кичево е ставено на почек за 4 години, а вие уште во старт им кажувате дека после 4 години  тоа ќе биде завршена работа. Тука, незнам кои се вашите критериуми за да говорите за финансии.

Последно, би ве прашал, добиваат општините Врапчиште, Желино, Липково, Боговиње, Камењане со 29 илјади жителии дали тие вомоментот стануваат градски, урбани подрачја и далии тука се предвидува да се гради некоја силна економија. Дали инфраструктурата , веќе знаете дека во наредните две години ќе биде толку

зголемена, овие луѓе да гиреаизираат своите права во едни толку големи гломазни општини по 29 илјади жители, а досега функционирале како што функционирале. Не гледам апсолутно ништо, овие средини кои што сега вие ги формирате соовој закон на териториjална поделба, се многу поголеми од голем број на градови во Република Македонија.

И, последното, што Сарај и Кондово добиваат што ќе бидат приклучени кон Градот Скопје,како подрачја кои што имаат апослутно свои проблеми и свои потреби кои што воопшто не коегзистираат со Градот Скопје. Тоа ако можете да ми го објасните г-дине Шакири и при објаснувањето со Владата да го имавме како фактори, сигурно дека немаше толку амандмани да има и немаше да има толку голема расправа, ќе знаевме за што се работи. Вака, останува дека е тоа меѓупартиски, меѓуетнички договор и апсолутно за друго ништо не станува збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Хисни Шакири , повелете.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Господине Мавровски, јас колку што забележав во текот на мојата дискусија вие не бевте присутни и незнам како вие земате право да ми реплицирате ког ане знаете што реков. Сега сум длабоко убеден за нивото, дури и ви завидувам за нивото и за кондицијата што имате да дискутирате со часови. За ова јас сум разговарал и во ваше присуство, треба да ме разберете дека некогаш и самиот се изненадувам за целата дебата што ја правит еи кога би ја имале во функција на она што е интерес, јас мислам дека ќе имате многу поголема работа. Значи, само вие сигурно ќе направевте многу пвоеќе во функција на граѓаните, доколку нависитна дискутирате како што треба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Господине Шакири, не посоветувавте да не живееме и да не бидеме повеќе оптоварени со старите догми. Јас би ве запрашала дали она штопред некој ден се случи кај Јаја Паша пред Штабот на Дуи е стара догма. Господине Шакири, тоа е секојдневние во Чаир и тоа е реалноста со која денес се соочуваме. Пред Штабот на ДУИ, г-дине Шакири, беше каменувана токму мојата кола, колата во која што јас се возев. Дали јас како граѓанин на оваа држава, родена во Скопје немам право на

мирени демократски начин на одредени територии од Скопје да го изразам моетодемократски и уставно загарантирано право да гоизразам моето право на протест. Дали е тоа соживот, г-дине Шакири. Соживотот, г-дине Шакири, се гради на принципиелни основи. Не може само да се гради, доколку едната страна прави отстапки. Колку што ќе дадете, толку и ќе земете. Тоа е соживот, г-дине Шакири.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Хисни Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

За прашањето на инцидентот што се случи кај Јаја Паша ние имавме изјава и мислам дека инцидентите никогаш не смеат да се толерираат. Тие не се во функција на соживот, но не мислам дека е потрагичен актот кој што се случи кога се случи нападот врз куќата на министерот Бучковски од страна на демонстрантите. Јас не можам и немам никакво разбирање кон протестантите, но секогаш стојам на тоа дека сите тие кои биле на чело на протестантите, имаат одговорност за тој акт што се случил тој ден.

И зошто да не кажам, мислам дека за да се дојде до некој етнички конфликт, кој што некој го посакува, но не и структура на категорија на луѓе Македонци, Албанци, кои што и натаму стојат силно на изградбата на соживотот, затоа што го велиме, тоа треба да го браниме и затоа, јас сум за соживот врз рамноправни норми, почитувана госпоѓо Ганка.

Но се разбира, тоа е еден процес и треба да се движиме заедно кон тој процес и еден ден да се почувствуваме како рамноправни граѓани на оваа држава.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, продолжуваме со дискусии.

Збор има госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Може ли после паузата да дискутирам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Давам пауза до 14,00 часот.

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Република Македонија е на колени. Експертите предлогот го оценуваат како срамно национално предавство. Поделба на Македонија, разочарана јавност, СДСМ - ДУИ 0:3. Ова се дел од насловите на печатените медиуми кои преку 40 дена го креваат адреналинот секојдневно и уште ни го креваат, што е нормално, затоа што во тек е расправа по предлогот на законот за територијална поделба.

До почетокот на оваа седница, значи претходните над 40 дена бевме буквално малтретирани од 6 -7 луѓе, кои како што посочија некои други личности и изјавуваа дека преговорите се де еден чекор напред, де сега се до мртва точка, па од таа мртва точка кој преживеаја имаме трискок и се така 40 дена и повеќе, за да на крајот излезе овој убаво во наводници спакуван Предлог на закон на тие 6-7 луѓе. Овој предлог закон треба да се однесува на еден единствен субјект кој треба да е најважен и да го почувствува благодетот од децентрализацијата на власта преку ваквата територијална поделба, а тоа се граѓаните на Република Македонија.

Прв и непосреден контакт на граѓаните се во институциите на системот, таму каде што живеат или т.н. локална власт. Затоа ако се има предвид дека локална власт претставува една од главните услови на демократско уредување, дека локалната власт, односно правото на граѓаните да учествуваат во водењето на јавните работи во нивните единици на локална самоуправа претставува демократски принцип, а особено потенцирајќи дека ова право најнепосредно се остварува како што реков, во локалната власт. Се доаѓа до заклучок дека територијална организација на локална самоуправа во Република Македонија претставува исклучително сериозен и важен елемент во општото функционирање на општините и на населението кое живее таму. Локалната самоуправа е уфрлена и како темелна вредност во Уставот на Република Македонија. И заради тоа заслужува исклучително високо ниво на професионализам и повеќе димензионален пристап со цел локална самоуправа да биде организирана така што ќе овозможи ефикасно функционирање на институционалната инфраструктура на меѓучовечките односи од сите етникуми со крајна цел формирање на стабилна локална самоуправа, стабилен населбен систем, а со тоа и просперитет на Република Македонија.

Сега малку ќе се вратам наназад како што многу колеги претходно и во текот на овие дискусии ја споменуваа 2001 година кога го добивме Рамковниот договор. Сегашнава територијална поделба поготово стручњаците кои ја правеа упорно не убедуваа дека таа е, и е неопходно потребна и е дел од Рамковниот договор. Но да не бидам премногу груба и да кажам дека тоа е лага, ќе кажам само дека е извртување на вистината и тоа од една единствена причина.

Во Рамковниот договор се зборува за децентрализација на власта од централно на локално ниво и со тоа создавање на локална самоуправа во интерес на нејзините граѓани. Но никаде во Рамковниот договор не се зборува за територијална поделба, а не посебно за ваква територијална поделба. Дури се оди и понатаму, па во Рамковниот договор се вели и тоа многу пати беше овде екслплоатирано за овие денови дека не постојат територијални решенија за етничките прашања.

Истовремено се согласувам со можноста дека постои потреба од ревидирање на границите на општинските граници како и што стои во тој фамозен Охридски договор, но никако не можам да се согласам со вакво ревидирање како што е предложено со овој предлог закон без почитување барем на критериумите кои се утврдени со Законот за локална самоуправа, ако навистина се има искрена намера да се направи реална и потребна територијална поделба.

Она што ни се случуваше претходните денови во врска со преговорите и со траењето на преговорите, заврши со спуштање на завесата на уште една од многуте комични партиски лакрдии во која главна улога секако има т.н. сложна коалиција. На народот пак му останува во овој случај кога власта не ги почитуваше голем дел од референдумите кои беа организирани, а со нив се бараше тие да останат во постојните граници кога не ги слушаше советите на експертите по локална самоуправа, кога се појавија интелектуалци кои размислуваат малку поинаку за вака предложената територијална поделба. Значи на народот му останува да користи демократски методи со кој ќе изврши притисок врз актуелната владеачка коалиција. Колку ќе биде тој успешен демократски притисок тоа допрва треба да го видиме. Во овие неколку денови или претходни денови кружеше едно писмо од лидерот на ДУИ Али Ахмети иако мене по друго ми е познат а не како лидер, во кое писмо вината која тој ја носи врз себе за 2001 година се обидува да ја префрли на некој друг, со тоа што кажува дека нему веќе му била понудена ваква територијална поделба и тогаш ама тој како лојален во наводници македонски

граѓанин, не ја прифатил. Не навлегувам во неговите мотиви и потребата на граѓаните на Република Македонија да им објасни што значи оваа сегашна предложена територијална поделба. Но, ми остави впечаток почитувани колеги крајот на тоа обраќање. Имено, Ахмети не потсетува сите дека политичката зрелост на една земја се докажува преку избраните институции на демократски начин и дека тој се залага за донесување на одлуки преку институциите а не преку улица, И, ДУИ со тоа апелира политиката да се води во рамките на овие институции, а да не се одбере улицата како начин на изразување на своите ставови.

Вакво лицемерие и хипокризија навистина посебно кога се однесува за територијалната поделба не треба да има барем не од Демократската унија за интеграција. Сметам дека тие најмалку се повикани да кажат на кој начин и како се вика како се води политиката кога знаеме кој ја предизвика војната. Сметам дека тие не треба да кажуваат кои демократски методи ќе ги употреби населението, граѓаните на Република Македонија за оваа предложена територијална поделба кога истите такви методи посебно во однosн на референдумите постојат и во самите држави на Европската унија. На крај ќе излезе дека ДУИ и Ахмети сакаат да не убедат дека ако тие не ја  ни предизвикале војната, ние не сме требале и да помислуваме и не можеме да влеземе во НАТО и во Европската унија.

Можеби и навистина се неповикани да кажуваат дали со војна или на улица се добиваат некои права, затоа што прво бевте на улица па заминавте во кориите од кориите директно во министерските фотелји и во највисоката власт и законодавна и извршна, за да на крај денес, мислам не е крајот, ова за денес велам се предлагаат законски проекти кои ја менуваат етничката карта на Република Македонија.

Ќе се навратам на она што претходно го говорев дека сите во Република Македонија зборуваат за децентрализација на власта. За децентрализацијата на власта зборуваат и претставниците на Европската унија во Република Македонија. Никој не зборува за новата територијална поделба или уште построшно новата територијална поделба со тоа и новите етнички доминантни општини, вешто се кријат за т.н. пакет закони за децентрализација.

Имено, новата територијална поделба не само што претставува никаков израз на интегративните процеси, како што наложува и Рамковниот договор, туку напротив, станува сосема очигледно дека ова води кон создавање на вештачки општини, класички етнички чисти енклави, каде доминантно население е албанското,

така што, наместо соживот што укажуваше претходно колегата Шаќири, кон кој се стреми Охридскиот договор, ние фактички имаме рушење и на тој мултиетнички карактер на кој упорно се повикуваат претставниците на ДУИ. Како поинаку да се разбере во онаа дебата која ја имавме и за Кичево и за Струга и за сите останати места, основата за спојување на руралните со градските општини, освен ако не е доминантен етничкиот принцип или како што кажа премиерот Костов спојувањето на Сарај и Кондово со Скопје, објаснувањето тој го наоѓаше во постоењето на некој мост кој ги поврзува овие две места Ѓорче Петров и Сарај. Можеби мост е потребен, но за други работи.

Една друга работа е многу симптоматична и уште еднаш ја потврдува мојата теза дека, а верувам и на останатите граѓани, не само на колегите пратеници од опозицијата дека оваа територијална поделба има политичка заднина, а не ги изразува интересите на граѓаните, на кој таа во крајна линија треба да се однесува. Ако е фактот што ниеден експер од областа на локалната самоуправа не најде барем со еден збор да ја одбрани вака предложената територијална поделба, или да рече, добра е оваа територијалнаподелба, таа навистина е одраз за интересите на граѓаните на Република Македонија. Значи во Република Македонија не се најде ниеден таков интелектуалец и експерт по локална самоуправа кој кажа дека оваа територијална поделба е добра.

Истовремено, имаше определени натписи, се разбира на провладини весници кои упорно не убедуваа дека со ваквата територијална поделба всушност Македонија дефинитивно ја вртело кон иднината.

Се прашувам дали овие личности кои ги пишуваат ваквите натписи за територијалната поделба се свртеле околу себе и виделе дали другите колеги така размислуваат, дали размислуваат граѓаните на Република Македонија. Како реагираат на тоа луѓето на кои треба да се однесува оваа локална самоуправа.

Едно нешто кое упорно ни се сервира од претставниците на Владата, па и од определени меѓународни институции е дека доколку во Република Македонија се одложи процесот на децетрализација, со давање на поддршка на референдумот кој е во тек, а со кој се бара да си остане постојната територијална поделба, тогаш тоа ќе било чекор назад на Република Македонија кон нејзините аспирации за влез во Европската унија и НАТО структурите. Ваквите инсинуации сметам дека се со единствена намера да се исплаши јавноста и граѓаните и истите да се разубедат во давањето на поддршка на референдумот чии потписи се во тек.

Не знам дали сте имале прилика, можеби колегите од ДУИ повеќе ќе знаат дека во Косово исто така е започнат процес на децентрализација на власта, меѓутоа, објаснувањата на експертите од Европската унија се однесуваат на фактот дека потребно е раситнување на општините на што помали единици на локална самоуправа, додека од друга страна на нас во Македонија упорно ни се сугерира дека ние треба да ги окрупнуваље нашите општини. А знаеме дека иднината на Република Македонија е непосредно врзана или ја врзуваат определени структури за иднината на Косово и независноста на Косово во 2005 година. Имавме и Извештај на Меѓународната кризна група, во кои исто така се потенцираше, или чии наслов беше многу драматичен Македонија или ќе ја биде или нема да ја биде, доколку не се спровел процесот на децентрализација, а претходно, значи да не ги мешаме тие две работи, имаме територијална поделба, па врз основа на таа основа се спроведува процесот на децентрализација, а претходно, значи да не ги мешаме тие две работи имаме територијална поделба, па врз основа на таа после следува и децентрализација.

Сега јас накратко ќе го наведам примерот и ќе се вратам на она што велев дека референдумите како демократски метод се користат и во Европската унија, па ќе им кажам на колегите кои не знаат дека во Шветска исто така имаше распишано референдум дали Шветска да влезе во Европската монетарна унија или да не влезе. Граѓаните на Шветска решија дека тие не треба да влезат во Европската унија, па ништо не се случи на Шветска до ден денешен. Јас како што гледам и слушам, значи како право референдумот постои во земјите на Европската унија и следствено на тоа како право треба да се применува и во Република Македонија и се применува. Или во тек е постапката за распишување на референдум во Франција заради прифаќање на новиот Устав кој го донесува Европската унија. Значи уште една потврда дека референдумите се демократски права на граѓаните во секоја држава.

Почитувани колеги мене и на македонските граѓани никој не ни објасни, или не можеше да ни објасни што ние ќе добиеме со ваквата територијална поделба во перспектива, односно како ќе биде иднината на Република Македонија за 5, 6 или 8 години со ваквата територијална поделба. Освен се разбира добро познатите фрази за мултиетништво зад кое се крие желбата и се повеќе излегува на виделина желбата за биетништво и кој искрено тука никаде не го гледам мултиетничкиот карактер, останува само една декларативна заложба на ДУИ и за останатите членови на позицијата.

Некои луѓе кои се занимаваат подолго време со демографија предвидуваат дека во Република Македонија согласно вака предложената територијална поделба ќе се случи следново. Значи почнуваме од Струга со вклучување на руралните доминантно албанско сега за во иднина ќе видиме колку тоа ќе биде доминантно 80, 90, 100%. Во Кичево, истото ќе се случи, само што агонијата на Кичево е продолжена до 2008 година со ваквиот предлог на Владата. Овде ќе додадам кога се работи за Кичево еден момент кој можеби Владата го знае а не сака да го презентира. Меѓутоа, граѓаните на Република Македонија не можат да не гледаат што се случува, така да постои факт дека жителите на околните општини кои ќе се припојат кон Кичево во 2008 година, значи Зајас, Осломеј, Вранештица и Другово масовно поднесуваат барање за жителство во градот Кичево, со што она што според оној предлог на Владата за приклучување на овие општини кон Кичево во 2008 година всушност, до 2008 година таа работа ќе биде завршена.

Само ќе настапи на сила она што сегашната владина коалиција го нуди како решение или излез за Кичево во 2008 година.

Тука го повикувам Ахмети да ми објасни како тоа граѓаните од овие општини и околу Кичево се залагаат за соживот со македонците, а истовремено тие албанци, не по своја волја, верувајте, туку поради определен партиски притисок користат определени методи со кои и натаму во иднина ќе се покаже колку се македонците сурови, колку се македонците лоши, албанците невин и напатен народ.

Понатаму, познавајќи ги методите со кои се служи албанската заедница, не целиот дел, меѓутоа, раководена од партиската елита на ДУИ во перспектива ќе се случи притисокот на албанците кон македонците и натаму ќе продолжи со зголемено темпо проширувaји ја територијата, сигурно од онаа постојната територијална поделба и онаа што ќе ја изгласа парламентарното мнозинство, претпоставувам, притисокот ќе биде или преку механички прилив на населението, систематско вработување, согласно Рамковниот договор и пропорционалната застапеност на припадниците на заедниците кои се малцинство во Република Македонија, со изградба на семејни живеалишта, без оглед на тоа дали се предвидени со урбанистички план или се како диво градби, дополнителна експанзија на тој терен на сивата економија и тн.

Значи, ние ќе имаме, ова прашање мора да се отвори, како што бараше колегата Хисни Шаќири, по легален пат преку легалните институции на власта

притисок врз неалбанското население на тие простори, што ќе ги принуди, верувајте дека ќе ги принуди, да се иселат од просторот на кој сега егзистираат и да бараат, се разбира, некаде друго место каде можат да продолжат да живеат. Ова не се фантастични тези или плашење на народот, ова е само една реакција на она што ќе следува со усвојувањето на овој закон за терирторијална поделба.

Албанскиот дел истовремено ќе вели еве ние ништо не им правиме на неалбанското население, меѓутоа луѓето сами се иселуваат. Затоа уште еднаш сакам да предупредам што ќе се случи на овие простори.

Овој вид на притисок ќе продолжи во Скпје со самото тоа што кон него се припојуваат Сарај и Кондово, а за чие припојување не видовме, барем од министерот, тој го остави тоа како аргумент кога ќе дошла расправата за градот Скопје, значи, до сега не слушнавме аргумент, не слушнавме логично образложение освен она што го кажав претходно. Образложението на ЛДП од типот дека изворот Рашче го снабдува Скопје со вода и логично било тоа да се врати во Скопје или изјавите дека Матка од секогаш припаѓа на Скопје и сега се враќа таму каде што припаѓа, во најмала рака е крајно несериозно.

Ова го велам да ги потсетам колегите од ЛДП дека Рашче и Матка не припаѓаат на Скопје, туку тие се богатство на Република Македонија и припаѓаат на сите граѓани на Република Македонија. Значи, тие образложенија за Рашче и Матка воопшто не држат.

Ние, со вака предложената територијална поделба го дефокусиравме вниманието на граѓаните и на јавноста од најважното нешто на кое се однесува децентрализацијата, а тоа е можноста граѓаните навистина да ги почувствуваат благодетите што ќе ги донесе децентрализацијата на власта.

Тие граѓани треба да плаќаат определени локални такси, локални даноци кои подоцна треба да им овозможат богата и просперитетна општина. Се прашувам колку од граѓаните ќе останат вработени за да можат да ги плаќаат сите тие такси и даноци, со оглед на тоа дека имаме и реформа на јавната администрација во која до Нова Година, според информациите на Владата, околу 1000 од јавната администрација ќе треба да бидат отпуштени.

Понатаму, сите се согласуваме, нормално освен Владата, дека имаме историски пад на индустриското производство, што јасно укажува дека фирмите во Република Македонија не работат, не создаваат профит односно работат нерентабилно, со исклучок на определени фирми, економија, јас не знам што беше

тоа економија во Република Македонија, се некако ни функционира по инерција, па сериозно се прашувам дали Владата навистина сака да не убеди дека сите ние овде и граѓаните сме толку ограничени што не можеме да видиме ништо подалеку од она што ни се нуди.

Со вака предложеното окрупнување сосема ќе се запостави развојот и вложувањето во тие општини, што согласно територијалната поделба на 123 општини сепак има некаков напредок иако министерот упорно не убедуваше дека не било така, а некои дури имаа исчекор напред, тоа се потврдува со амандманите кои беа поднесени од Владата во однос на опстојување на определени општини.

Сега пак ќе прашам она што го прашав минатиот пат министерот, што ќе му значи на идниот градоначалник на пример на Струга за жителите на Луково? Изградба на водоводи, реновирање на определени средни училишта, основни училишта, дали градоначалникот на Струга, без оглед на која етничка заедница ќе припаѓа многу ќе се загрижи за Луково или за останатите општини кои се припојуваат кон Струга? Верувајте не. Зборувам од искуство. Таква е праксата во Република Македонија.

Ќе елаборирам определени размислувања на некои професори за оваа територијална поделба, за да не бегам од темата за да не ме опомене претседателот, со поставување на...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам госпоѓо Којзеклиска, никогаш не ве опоменав.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За да не ме опомените, за во иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие сте видовита, очигледно, добро благодарам. Со внимание ве слушам, но два пати го потрошивте правилот малку да направите отстапка.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Значи, јас ќе елаборирам за определени размислувања на некои професори кои се однесуваат на оваа територијална поделбал и објаснувњата што ни ги нуди како обратно објаснување од она што ни го нуди владеачката коалиција.

Факт е дека со оваа територијална подебла се нуди окрупнување на постојните општини со таканаречено образложение за подобро функционирање на новите општини. Меѓутоа, ние во овој предлог гледаме и тоа за најспорните точки Струга и Кичево, окрупнување на општините во кои не само што општината

територијално окрупнува значи многу поголема територија од таа што ја има сега, станува нефункционална и по 100 илјадити пат ќе повторам припојување на руралните кон урбаните центри, можеби на некој ќе му влезе во глава, но со единствена цел зголемување на, значи зборувам за спорните Струга, Кичево, Скопје, заради зголемување на албанското население, што значи дека територијалната поделба која се предлага доведува до албанизација на значајни општини во Република Македонија.

Значи, истовремено упорно се форсира и пропагандната порака дека македонците станале албанофоби и се однесуваат ксенофобично кон албанскиот народ. Е, сега во вакви услови, што ќе се случи доколку Владата, затоа што претресот сеуште трае, амандмански интервенира и на пример направи општината Теарце или општината Студеничани, каде доминантно население се албанците да окрупнат, така што доминантно население да стане македонското, турското, ромското, српското, бошњаците или било кој друг припадник на етничка заедница. Што мислите? Што ќе се случи тогаш? Само едно знам други тогаш ќе се видат реакциите и револтот против таканареченото ксенофобично однесување на македонците. Тогаш повторно македонците ќе бидат највиновни за вечно неостварените права на албанците, ова ме потсетува на еден цртан филм кој го гледавме како деца правда, дали има или нема.

Сега, сакам колегите од ДУИ, посебно ним им се обраќам, да замислат доколку ги смениме улогите ние да станеме албанци, а вие да станете македонци. Значи сега ние албанците правиме војна 2001 година, правиме Рамковен договор 2001 година за таканаречени човечки права. Сега продолжуваме од тогаш па наваму да си бараме, да си бараме, да си бараме права, значи, без крај. (Реакција од страна на пратениците).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска веќе вашите претпоставки не се во врска со Предлогот на законот, а до пратениците без нервози. Повелете.

Втора опомена госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА.

Трета опомена и црвен картон.

Јас ќе се обидам да не заработам црвен картон или можеби ќе бидам првата што ќе заработи црвен картон во вој парламентарен состав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако се држите до текстот на законот нема да заработите црвен картон.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Само сакав да ги потсетам колегите од ДУИ да размислуваат малку во обратна насока и да помогнат, почитуван претседателе, со една реченица, македонците кои живеат во Албанија да ги добијат истите права, истата територијална поделба за која вие се залагате тука во Македонија. Е, тогаш, бидејќи сте дел од албанскиот народ кој живее во Македонија, согласно Преамбулата на Уставот на Република Македонија, кога таму ќе го иницирате тој процес што тука беше иницииран, тогаш можам да ви симнам капа и да ви речам е, сега можеме да одиме заедно во Европа. Ама тоа, како што тргнало, не верувам дека ќе се оствари.

Да се вратам сега на Предлогот на законот и да ги прашам, не знам дали колегите од СДСМ, ЛДП или ДУИ или можеби граѓаните на Република Македонија независно дали се албанци или македонци или од било кој друг етникум, дали тие навистина веруваат дека сите ние и албанци и македонци и срби и роми и турци и власи и бошњаци заедно ќе работиме, заедно ќе ги обработуваат своите ниви, ќе останат невработени заедно, ако ја добијат двојазичноста во општините каде доминантно население ќе биде албанското со над 20%.

Јас верувам дека луѓето во Македонија, граѓаните и пак ќе повторам независно од кој и да е етникум на ист начин и сосема подеднакво ги боли и невработеноста и немаштијата и сиромаштијата. Значи, тоа нема етнички белег. Најголема вина за ваквата состојба и со овој Предлог за донесување на закон ја има токму гарнитурата која владее со Република Македонија  во овој момент и таа ќе биде највиновна и за федерализацијата на Македонија иако тој збор некому му предизвикува алергија, меѓутоа, времето ќе покаже дека ќе дојде така, значи тоа е она што ни следува во наредниот период.

Би сакала да ги потсетам и оние кои имаат намера да молчат за оваа територијална поделба, независно дали семод ЛДП, СДСМ или ДУИ, некогаш навистина почитуван претседателе молчењето е злато, ама не и во овој случај и не и овде...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не го спомнавте ВМРО-ДПМНЕ можеби некој ќе молчи и од таму.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Нема да молчи сигурно, верувајте, затоа што сметам дека со молчењето во овој момент ќе се стави точка на иднината на Република Македонија така како што и ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ ја замислуваат согласно Рамковниот договор.

Ќе повторам, со молчењето сега ставаме точка на иднината на Република Македонија и на тој мултиетнички карактер на кој се повикуваат колегите.

Единствената разлика меѓу мене како пратеник кој ги претставува граѓаните кои го избрале и кој не ги заборабвил и вас останатите колеги од позицијата е тоа што јас сигурно ќе ги употребам сите демократски методи и нема да дозволам вака како што сте се собрале да се коцкате со иднината на Република Македонија.

Вас ќе ве обвинува и македонецот и албанецот и србинот и ромот и бошњакот, сите ќе ве обвинуваат вас затоа што успеавте повторно да ја разгорите меѓусебната недоверба и да ја пропуштите шансата да се изгради патот по кој треба да оди нашата земја.

Граѓаните на Република Македонија не се ниту вандалисти ниту хулигани ниту сеирџии, тие само го креваат гласот за да ги чуете сите затоа што сосема се заборави на граѓанинот или граѓанинот тотално беше откачен кога гласаше за оваа коалиција, можеби не сте очекувале ваква реакција на граѓаните по однос и на овој закон, посебно на овој закон за територијална поделба, меѓутоа, не знам што сте очекувале по две години упорно пропаѓање на Република Македонија во сите сегменти.

Можеби заборавивте дека не постоиме ние за народот, не постои народот заради вас.

Сосема за крај ги повикувам сите колеги пратеници уште еднаш да се потсетат на се она што го кажав во мојата дискусија, на она што го кажаа останатите колеги пратеници и оние што ќе го кажат, на она што го кажуваше јавноста, на она што искрено го мислат и сакаат да го кажат членовите на останатите политички партии, а не смејат јавно да го презентираат во однос на Предлогот на законот, на онаа иницијатива која ја води Светскиот македонски конгрес и која сеуште трае добро да размислат пред да го дадат својот глас за Предлогот на законот за територијална поделба свесни дека ваквата територијална поделба апсолутно не не води во Европа, туку не води на патот кон конечно разнебитување на Република Македонија која сите толку ја сакаме и во која сите толку се колнеме.

Благодарам на вашето внимание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Навистина беше вдахновето и инспиративно.

Па заради тоа имаме доста реплики.

Господине Невзат Бејта, имате реплика или збор.

А, не е тука.

Господине Адеми Абдилаќим, реплика, повелете 3 минути.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Ви благодарам господине претседателе,

Јас имам чест да направам реплика со гопоѓа Којзеклиска.

За време на дискусијата на госпоѓа Којзеклиска, јас уште еднаш го погледнав дневниот ред, можеби да не го имаме на дневен ред писмото на господинот Али Ахмети кој го испрати до граѓаните на Република Македонија или пак Законот за територијална организација на Република Македонија.

Госпоѓо почитувана, можам да ви кажам дека сте многу мала за да се бавите со господинот Али Ахмети, и многу е подборо да се бавите со писмата кои што претседателите на вашата партија ги пишуваат за јавноста како оној актуелниот и оној поранешниот.

И споменувате дека во Охридскиот договор не се споменува децентрализацијата. Јас ќе ви сугерирам да ја погледнете точката 3, а потоа и точката 3.1., точка 2 и точка 3 каде што се зборува за ценрализацијата, ревидирањето на границите на општините и Законот за општините. Потоа велите дека во Охридскиот договор на дециден начин се вели дека нама територијални претензии, со етнички претензии и така е. Кога го велите ова и кога го споменувате Охридскиот договор треба да имате предвид еден факт. Во моментот кога е попишан Охридскиот договор во тој момент, во тоа време имаше многу проекти кои што произлегуваат, да не спомнувам сега за размена на територии и размена на становништво. Тие беа моментите и тие предлози беа од некои партиски лидери и затоа се определивме дека во Охридскиот договор да биде оваа диспозиција, да нема промена на границите на државата, не, да нема промена на границите на општините.

Потоа поставувате уште многу прашања и за Владата и за ДУИ. Ова го прават и вашите колеги од вашата партија. Јас би им препорачал да ги чуваат за седница,

кога ќе имаме пратенички прашања. А што се однесува до прашањето за ДУИ, ние сме многу спремни да организираме еден семинар за вас, каде што  и консултиравм со координаторот на Парламентарната група на ДУИ и бесплатно можеме да организираме за вас еден семинар. Ние ќе ги платиме сите трошоци.

Почитувана госпоѓо, вие со вашите предвидувања кои што ги кажавте овде, и со кое велите што  ќе стане со Република Македонија во иднина да ви кажам ми се чиневте овде како една чаробница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам на комплиментот на почитуваниот колега ако му така личам на волшебничка.

Јас..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И тоа убава волшебничка.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам.

Значи, да му кажам дека јас не сум мала, имам 175, повисока сум и од него и од гопосинот Али Ахмети.

Симптоматично е што господинот Али Ахмети воопшто не се појави на седниците и додека траеше расправата.

Трета работа, мислам дека ДУИ не е потписник на Рамковниот договор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули, имате три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Три минути се недоволни да се проба, да се дообјасниме некако, согласно Деловникот, но да пробаме.

Прво, би сакал да ве замолам да наведете на кои домашни експерти се повикувате, многу би ни значело во подготвувањето на мојата дискусија што ја планирам, да можеме да дебатираме кои се тие релавантни домашни експерти. Доколку мислите за децентрализацијата, а не за фри-шопови и за слични теми.

Второ, не се определени институции што вика дека децентрализацијата е клучен фактор за Македонија, туку тоа го вика НАТО и Европската Унија. Тие не се определени, туку најрелевантни и ќе дозволите да се извиниме тука, дека тие не инсинуираат. Малку потежок збор.

Што се однесува до референдумот, што мислам дека требаше да бидете прекинати од претседателот, кога се потпишавте вие, ако бевте искрени? Зошто чекавте јули да дојде па да се потпишете на иницијативата на Тодор Петров?

Потоа зборувате за Шведска. Е, во Шведска за среќа, директор на Фондот не бил Војо Мијаловски и директор на Електростопанство на Шведска не бил Ламбе Арнаудов. Затоа Шведска нема проблеми и затоа Шведска може да оди напред.

Зборувате за албанизација на Скопје, а викате дека некој ве обвинува за ксенофобија. Што е тоа? Како вие ќе го толкувате тоа?

И, на крајот се повикувате на граѓаните. Па, зарем тие ве избраа да отидете во ВМРО-Народна? Вратете го мандатот, бидете искрени, тогаш ќе бидете искрени пред граѓаните.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, 1 минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА.

Сите оние експерти почитуван колега Макрадули кои вие не сакате да ги слушнете..

(Реакции од место)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, не треба дофрлање.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Сите тие кои вие не сакавте да ги консултирате кога го донесувавте овој Предлог за територијалната поделба.

За непознати зборови има лексикон почитуван колега Макрадули, таму ќе видите што значат зборовите кенофобија, инсинуација и тн.

Незнам од каде ви е информацијата дека сум во ВМРО-Народна, сега, засеа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Исмет Рамадани, имате 3 минути реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Благодарам господине претседател,

Госпоѓо Којзеклиска,

Жалам, сериозно од еден голем дел од вашиот говор, како една госпоѓа која предвидува многу црни облаци во Македонија во иднина. Доколку се случи вака, како што вие предвидувате што ќе се случи во Македонија, навистина лошо и се пишува на Македонија.

Вие, навистина, стрелката што оди кон минатото сакате да ја претворите во перспектива за Македонија. Доколку вака продолжете и доколку вака навистина размислувате и вака ги убедите и оние кои ви веруваат, тогаш серозно ви велам - жалам.

Колку сте контрадикторни, само ќе ви дадам еден пример. Многу пати предвидовте дека ќе се случат етнички чистења. Предвидовте многу црни работи што значи дека ние во иднина, со ниту еден чекор, ниту ние албанците, ниту вие нема да конвертираме кон тоа за да ги почитуваме сите европски критериуми за кој ги вршиме овие измени. Ќе ви дадам еден пример колку сте контрадикторни.

Вие и некои ваши колеги, вчера, во суштина, мојот колега Коце Трајановски кој припаѓа на парламентарната група и е координатор на групата поднесе амандман да селото Брњанци, населено со македонци, да се отстрани од општина Арачиново и да се припои во Гази Баба. Со документ направивте едно етничко чистење во општина Арачиново, со амандамот и документиравте, а овде се даде еден голем аплауз. Како ќе го објасните ова пред меѓународниот фактор? Значи, со ваше барење го направивте ова за што говорев. Што значи дека овде сте во контрадикција. И сега, каква порака им испративте и на тие за кои, колку пати овде сте лееле крододилски солзи за да се вратат македонците во Арачиново кога вие ова го документиравте и ова останува така. А, јас ќе ја документирам оваа можност и со меѓународниот фактор во однос на тоа што работите вие со аргументи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, 1 минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Господине Исмет Рамадани,

Да знаете јас за колку работи жалам, многу повеќе сигурно од вас. А што, ако навистина се случи тоа што јас го предвидувам? Што тогаш ќе биде вашиот коментар?

И, кога веќе сме кај етничкиот принцип, да ве потсетам само на Арачиново, на раселените лица и, дали тогаш ќе кажете дека има етнички чисто Арачиново, или таму имаме мултиетништво.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓице Грковска, имате 3 минути.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска зборувате цело време по текстот, барем така би требало, на Законот за терирориjалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија. Меѓутоа, цело време го употребувате терминот територијална поделба. И, не само вие, за жал и другите пратеници од вашата пратеничк група навистина не ни е јасно зошто воопшто го употребувате терминот, и зошто го именувате законот онака како што не е. Можеби затоа што е тоа реторика што ви останала во навика од вашиот лидер Љубчо Георгиевски кој дефакто предлагаше територијална поделба на државата. Меѓутоа да не навлегуваме во тоа. Сакам само да ви укажам на тоа дека зборуваме за закон за територијална организација на држават.

За разлика од вас, јас не сметам дека мултиетничкиот каракер со овој закон е само декларативна заложба. Ако го видите прегледот на општините ќе видите дека во најголемиот дел од општините мултиетничноста се задржува. Така што тој аргумент апсолутно не држи или паѓа во вода.

И, третата работа, велите дека окрупнувањето на општините се прави со цел да се изврши некаква албанизација. Сега ќе ве потсетам на еден документ од 1999 година, каде што Владата на Љубчо Георгиевски, Стојан Андов и Џафери го донесе, со цел во кој што се вели дека  треба да се најде преодно решение и окрупнување на територијалната организација на општините во Република Македонија, заради тоа што се уведело дека организацијата од 123 општини е нефункционална. Што значи тоа? Дека и тогаш се предвидувала албанизација на општините?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ќе бидам и пократка господине претседателе,

Јас знам што е на дневен ред но да ја потсетам колешката дека имавме исцрпна дискусија претходните денови во во врска со амандманите почнувајќи од Житоше, Витолишта, Цапари. Значи, завршивме со тој дел. Сега одиме на Предлогот на закон таков каков што е во целина.

А инаку, јас не извртувам ништо. Почитувана колешки членот 116 од Уставот на Република Македонија гласи:

"Територијалната поделба на Републиката со подрачјата на општините се утврдуваат со закон".

Јас тоа не сум го измислила. Владата. Вака како што го дала предлогот за територијална организација требала да го даде како територијална поделба. Е сега, тоа е уште еден аргумент за скриените намери и политичкиот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Топузова, имате 3 минути.

РОЗА ТОПУЗОВА - КАРЕВСКА:

Господине претседателе,

Не знам колку вреди да се има реплика на дискусија што се сведе на видовитост, која како и секоја видовитост и гатање почива на некои нереални анализи и проценки, но простете ми не можев да премолчам на реченото дека граѓанинот беше откажен кога гласаше за оваа коалција.

Кој ви даде право, како можевте да го земете правото да навредувате половина милион граѓани на Република Македонија кои гласаа за Коалицијата "За Македонија".

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, 1 минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Не знам дали почитуваната колешка протолкувала така како што го мислев тоа, меѓутоа останува на нејзина совест.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Гашовска имате 3 минути.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Благодарам претседателе,

Госпоѓата Којзеклиска ја почна својата дискусија "Македонија е на колена". Не можам никако да се согласам и нема да се согласам, ниту еден граѓанин на

Република Македонија бидејќи Македонијаниту била некогаш во својата историја пред некого на колена, ниту е сега. Туку, Македонија е исправена пред вратите на Европската Унија.

Понатаму продолжи “Македонија се дели”. Ни тоа не е вистина. Македонија територијално се организира.

Уште се прашувате кој ја предизвика војната во 2001 година? Па ние знаеме дека војната ја предизвикаа коалиционите партнери што беа на власт од 1998 до 2002 година. Ама, немавте храброст да го спроведете ова што сега го спроведуваат партиите на власт.

Понатаму, никој не може да ве разубеди во тоа во кое сте цврсто убедени. Значи, народот не е убеден во тоа во кое вие сте убедени и затоа неможат да се соберат потребните потписи за спроведување на референдумот.

Одлична е споредбата со Шведска. Ама, за жал, не решаваме исти проблеми со Шведска.

Каква ќе биде судбината на Македонија после 5 или 6 години, јас ќе одговорам - зависи од нас самите и ќе имаме тоа што сите заедно ќе се заложиме да имаме.

И на крајот, се прашуваат каков ќе биде Скопје. Е, Скопје ќе биде како некој град во Швајцарија, како некој град во Канада, или како Брисел, како што рече почесниот претседател на Партијата ВМРО-ДПМНЕ. Затоа, јас како македонка сум горда што ќе имам главен град како Брисел

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, 1 минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА.

Точно е дека реков Република Македонија на колениции, така ја започнав дискусијата и потоа цитирав поделба на Македонија, разочарана јавност, СДСМ-ДУИ 0:3. Тоа се натписи во весниците. Ако не знае колешкат тоа е нејзин проблем.

А, во однос на влезот на Република Македонија во ЕУ, новиот претседател на Европската комисија, колку што се сеќавам убаво рече “Романија,точка”.Земјите од Западен Балкан ќе чекаат подобри времиња. Така што убедувањата Европска Унија и НАТО мислам дека до наредните десет години нема да ни врши многу работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Хусеини, имате 3 минути реплика.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Почитувана колешке, верувам дека ќе се согласите дека една држава треба да функционира како едно тело, како едно човечко тело. Затоа доколку еден орган на телото или еден мал дел на телото е болен или инфектиран, целото тело не функционира. Човекот тогаш добива боледување. Не работи. Значи, треба да знае дека Македонија е на боледување веќе 13-14 години. Европа не сака празни дискусии, туку сака работа.

Јас слушнав дека ние, со нашите обиди и подготвуваме на Македонија еутаназија. Еутаназијата на некои места е легална. Морална или неморална е дискутабилна. Меѓутоа, со вашето владеење, добро организирана, мислам дека вие на Македонија и подготвувате не еутаназија, туку свирепо убиство.

И уште нешто за вашиот говор, за една госпоѓа која знае да гледа напред, јас не сум видел дека Нострадамус предвидел дека треба да се роди една жена Нострадамус.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па и Нострадамус може да згреши.

Има збор г-ѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, кога сме веќе кај Нострадамус, сите се трудат да го преведат, може би и пишува за некоја таква, ама ние не сме ја разбрале.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Јас за разлика од Вапцаров поинаку ќе се изразам. Оваа земја во која што чекориме, читај, живееме сите ние граѓаните, нашите дедовци, нашите родители, ние, нашите деца и внуци, оваа земја е наша. И туѓо е само тоа што денеска ни се импутира предавство, делби, федерализации. Тоа можеби за Вапцаров би било така. Денеска ние често се среќаваме со овие термини. Незнам зошто? Еве, и денеска слушнавме, коленици, дали едно или две, незнам, слушнавме и многу потешки работи, меѓутоа морам да ви кажам дека некои од нашите колеги оваа дискусија ја водат на две нивоа. Едни во Парламентот тука и секоја чест независно од тоа што и како мислат и како се изразуваат, и други надвор од Парламентот вон

институционално. За нив не можам да го речам ова првото, секоја чест. А, затоа што пред се не водат сметка за историската дистанца.Еден од нашите колеги кој што сакам да го предупредам на еден од првите митинзи пред Парламентот ја спореди сегашнава Македонија со онаа пред Букурешкиот мир, па рече дека сега ја делат нашите деца и синови. Нека прости, тогаш Македонија не постоеше, тогаш ја делеа туѓинци, тогаш ја поделија ваква каква што е, а денеска како ја делат и како ја организираат, тоа се нашите деца, тоа сме ние. Арно, или лошо, ако грешиме ќе се корегираме, ако е добро, ќе биде како што треба да биде. Затоа сметам дека тие надворешни дискусии како да немаат одговорност и подобро би било тоа да не се случува.

Господине Мавровски, те слушав цело време и парите што ги даваме за да те слушаме тебе ќе бидат исто толку колку што за двојазичноста на Скопје за што денеска дискутираме. И мене и другите сите што ги слушаме. Меѓутоа, дозволете да се изјасниме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Направивте грешка, г-динот Блаже Стојаноски беше тој што дофрли.

Продолжете  и без дофрлувања од место.

Јас и допуштив на г-ѓа Којзеклиска да се искаже, иако беше навистина надвор од темата во многу случаи. Имав коментари од мојата пратеничка група. И затоа ве молам да бидете коректни.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Територијалната организација на локалната самоуправа која што ние сме должни како генерација сега да ја спроведеме. Некој реагираше дали е успешна, или не е успешна. Јас мислам вака како што ја правиме, вие можеби сметате поинаку. Територијалната организација е процес во рамките на државата како единствена и неделива суверена и меѓународно призната територија на која успеавме да одржиме еден заокружен државно правен субјективитет со силно потврдени чекори кон НАТО И ЕУ. Вакви делби, вакви организации и реорганизации оваа земја, оваа држава познава многу. И никогаш на ваков трауматичен начин не се правело. Се укинувале и околии, се укинувале и општини, се реорганизирало и Скопје, од 19 општини па на една, па повторно на 9, па на 7, па на 3 итн., и никогаш вакви трауми немало, а во него живееле пак истиве овие луѓе кои што живеат и сега. Зошто сега го првиме тоа, сега кога ја имаме државата во наши раце од осамостојувањето па наваму. И сега кога веќе зборувам за овој период, сакам да споменам три фази. Онаа после 1990-

тите после распадот на Југославија кога се определивме, ние се определивме, вие се определивте, добар дел од вас и сега седат во овие клупи, дека ќе имаме исти општини кои што ги наследивме после распадот со многу јака централна власт, затоа што не знаевме што ќе се случи во општините. Па тогаш кога видовме дека децентрализацијата е процес и дека е неминовен, во 1996 година со 400-тини амандмани, сега имаме 150, 160, со 400 амандмани се определивме да имаме ваква територијална поделба каква што е сега, сметајќи дека децентрализацијата се сведува на тоа ако имаме многу општини и дека тоа е децентрализација. Не водевме сметка дека децентрализацијата се процеси, односно надлежностите кио што треба да ги имаат граѓаните во општината. И тогаш кога во 2002 година во почетокот сите вие, оваа претходна власт што беше заедно плебисцитарно би рекол го донесовте законот за локална самоуправа и ги спуштивте надлежностите до локалната самоуправа, ги спуштивте онака како што треба да бидат, можеби и уште повеќе, за тоа никој денеска не разговара. Сега разговараме за територијалната организација, како тие надлежности долу да ги имплементираме. И тука се овие закони што ни ги понудија. И наместо да разговараме како тоа ќе го имплементираме во одредена средина, ние денеска зборуваме кој каде живееме, како говориме. Тоа не оди. Јас бев, ајде сега да употребуваме од денеска ако сакате, селски и градски општини, дајте тоа рурални и урбани да го избегнеме, ми се чини дека така ќе биде попријатно за оваа наша територија. Јас живеев и работев во една таква општина само до пред две години, бев претседавач на Совет во скопска општина во која што имаше и селски населби. И немојте да мислите дека таму живеат недораснати луѓе. Членовите на советите на таа општина знаеја што сакаат и знаеја што бараат и знаеја што добија. Немојте да мислите дека сите овие населби вакви во иднина само ќе губат. Тоа ќе зависи од самото членство што ќе си го изберат, од советниците, од градоначалникот од можностите на таа општина. Ако овие надлежности образованието основно, здравството, социјалната грижа, културата, урбанизмот итн. му ги спуштиме сега доле, како тие граѓани во Витолишта и Старавина навистина без служби , некој пред мене во претходните расправи спомна дека имаме една општина во која што нема ниеден вработен, како ќе ги решаваат проблемите. Кога во едно Ѓорче Петров бидејќи ги немавме овие надлежности како служби, затоа што беа во некои други општини од кои што се издвоивме, граѓаните реагираат зошто ние мораме да одиме во Карпош. Значи, ние мораме да добиеме општина која што ќе ги има овие надлежности Старавина овие надлежности не

може да ги има. И како ќе ги решава, здравство нема, школство нема, ќе плаќаме во Прилеп, пак треба пари, тоа не е едноставно . Мислам дека на тој проблем ние многу малку сакаме да посветиме внимание. Децентрализацијата е процес на она што му го даваме на граѓанинот, што ќе може да го оствари. Немојте да го гледаме дали е тој граѓанин албанец, турчин, ром, македонец, србин. Секој е рамноправен за нас, секој оди по патот, бе оглед дали е тоа граѓанин од една, или од друга националност. Според тоа, мислам дека за ова прашање многу малку сакаме да разговараме. А јас дури да ви кажам искрено сум разочаран, дури и од средствата за јавно информирање. Ако е на дневен ред законот за библиотеките, или ззаконот за некое училиште, а таму се расправа за библиотеките, бегајте со камерите, ќе одиме во политички систем, таму се расправа незнам за што. Како да овие прашања не се интересни, како да тие не се прашања со кои што народот треба да живее од утре. На база на ова мислам дека опасностите што вие досега ги спомнувавте од поделби можат да се користат како аргумент само од оние кои незнаат, или не сакаат да ги знаат надлежностите на централната и локалната власт. Она што е децентрализација принципиелно ја разликува централната власт од локалната самопурава и карактерот на надлежностите, карактерот на средствата за нивно остварување и карактерот и капацитетот на локална самоуправа станува збор за постоење на ексклузивна зона би рекол на надлежности за кои што се обидов да зборувам која регулира круг на прашања што се исклучиуво во надлежност на локалната самоуправа и исклучиво во доменот на централната власт, како што се типично политичките и државните прашања. Значи, станува збор за супериорен дел во системот на власта, односно функциоонирањето на државата како правна држава. Овие права сами по себе се заштитна мерка од секакви можни и во нечии глави федерализации, растурања , парчосувања, припојувања итн. Општо кажано двете власти можат и имаат свои типични надлежности и функции во таа смисла конечно непремостива разлика и граница меѓу државната власт и локалната самоуправа во општината се состои уште и во тоа што таа само првата преку Парламентот со Устав или со закон може да се генерира, да ја генерира втората, локалната, а не обратно. А, таа втората, значи локалната, општината, не може самата ниту да се укинува, ниту да се проширува, или умножува, или спојува, ниту да се надградува во повисоки степени за кои што се плашиме и појавуваме овде би рекол параноични идеи дека тоа ќе биде некоја си голема Албанија, или незнам каква федерација со некја друга држава. Оттука, секакви небулозни сфаќања за

делби се можни од нас од овој дом во кој стојат легитимно избрани народни пратеници. Ние можеме да поделиме, а ние сигурно тоа нема да го направиме. И дури овде сакам да го спомнам и прашањето од некои експерти што јас денеска ги нареков експерти витале, некогаш кога требаше беа експерти и нудеа едни решенија за да опстојат и да преживеат, а сега, нудат истите тие експерти други решенија. Добро беше прашањето, но никој не ги кажа кои се тие. Ние ги знаеме. Тие кои што тогаш нудеа една друга ситуација, денеска се залагаат за друго нешто, затоа што така им одговара. Врз таа основа се гради и посебната позиција на граѓаните во локалната самоуправа преку која тие ги решаваат оној дел од "јавните работи поврзани со нејзините основни потреби" што го регулира веќе донесениот закон за локална самоуправа во 2002 година.

Посебно прашање кое со Законот за територијална органицација се истакнува е прашањето, дали и во која мера локална самоуправа во општината може да биде инструмент на етничките заедници. Во голема мера од тоа се плашиме. Едното оди кон тоа зоната на локалната самоуправа да биде зона во која одделни заедници би биле територијални единици на локална самоуправа. При ова во основа се зборува за определба, всушност се заборава за определба од Рамковниот договор и уставните измени. Исто така, се заборава дека првата и правата на локална самоуправа не се подразбираат како права на колективитети, туку како индивидуални права, или како права на граѓанинот што произлегуваат од регистерот на граѓанските права. Аналогно на тоа се заборава дека локалната самоуправа е дефинирана како една од зоните на структурите на граѓанското општество и на правата на државата, а не како рамка и дел од традиционално национално колективистичко општество во кое државата би се јавувала како држава на националнот, а не на граѓанинот. Од овие причини сите истакнати опасности за тоа каква територија и состав ќе имаат општините е помалку значајно од она какви надлежности ќе има општината и колку граѓаните ќе умеат да се организираат и да ги решаваат. Условот за територијата и за територијалните простори до каде ќе се простира општината пред се е условено од заедничките интереси на граѓаните во тој простор да можат успешно сами организирани во општината да си ги решаваат своите прашања. Ако ова е така, а така е, тогаш зошто се налева зла крв кај нашиот граѓанин и се настојува да се оди кон идни несреќи. Кои се тие, кој го нуди тоа? Луѓе што овде ќе престојуваат тогаш кога ќе се појави нешто вакво како што е ова сега, па откако нема да му успее, ќе ги гледаме по цела година во Америка, земајќи тука

плати на факултетите исто така, или луѓе кои што овде ќе ги нема сега во клупите таму горе да седат каде што им е местото и да си расправаат па ќе трчаат по градовите влечејќи ги луѓето за рака да се потпишат за референдум, а потоа прават фешти и гозби кај истите, заканувајќи се дека во прашање се нивните синови и нивните деца, ако тоа не го направат. Тоа го направиле колеги и синоќа и кај мене дома. Изгледа згрешиле, дека е утка направена и затоа реагирам на тоа. Затоа г-да, сериозни, знаени, учени, овластени, аман, немојте да се грижите дека сон не ве фаќа заради донесувањето на овој закон. Ајде ослободете се по секоја цена да бидете опозиција заради опозиција, ќе бидете поголеми, покорисни, попринципиелни. Па луѓе, имаме работа. Да не заборавиме оваа држава е наша и кој може, замислете си на свое да биде предавник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господинот Дојчиновски зборува дека територијата била помалку значајна од тоа кои надлежности ќе ги има општината. Ако се сеќавате добро, ние овде предложивме прво да расправаме за сите оние закони кои што се однесуваат на тоа како да профункционираат општините, како тие да се финансираат и кои надлежности и на кој начин ќе ги извршуваат. Меѓутоа, тогаш со ниеден збор не кажавте дека имате ваков став по однос на ова прашање. А, ако не е тоа толку значајно, зошто е толкав притисокот кој што се врши и од страна на Владата и од страна на вашиот коалиционен партнер Али Ахмети по секоја цена да се донесе овој закон за определување на границите на Струга како што е предложено, за Кичево кое што е само одложено, или за двојазичноста на Скопје. И, ако зборуваме веќе, ако зборувате на начин кој што го кажувате треба да имате предвид дека не живееме повеќе во комунизмот, затоа што ова е еден закон, еден пакет закони кој што се однесува на децентрализација односно на автономија во функционирањето на општините и тоа не претставува она што претставувало некогаш кога Комунистичката партија на Југославија или на Македонија, или Сојузот на комунистите преку Централнот комитет поставувал градоначалници или поставувал началници на подрачните единици на полицијата или незнам на урбанизмот. Сега тоа ќе го прават оние кои што ќе бидат непосредно избрани од страна на мнозинското етничко албанско население или македонско население ако е обратна ситуација. Од тие причини немојте да споредувате баби и жаби, она што беше до

1996-та година како територијална организација се однесуваше на еден друг систем кој што апсолутно не преставуваше децентрализација во оваа смисла  која што сега ние ја реализираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас одамна сум член на таа партија која што ти ја спомнуваш и одамна не сум член на таа партија. За жал, ти незнаеш во која партија си.

Второ прашање, територијата, навистина јас ве прашувам, дали сметате дека територијата не е значаен фактор во смисол на тоа што во неа ќе се случува. Ако тоа така го гледате, тогаш навистина вие сте ја утнале работата.

Трето, а кој сакате да ни понуди закон, ако не надлежните органи, Министерството за локална самоуправа, улицата? Па викате, врши притисок. Па ние луѓе од јануари месец расправме за ова. Дали вие слеговте кај вашите граѓани да им објасните што значи овој закон освен сега за референдум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Водиме расправа по текстот на законот, кој во завршна основа треба да го понуди финалното решение по кое овој Парламент треба да се изјасни и бидејќи во оваа расправа се изнесуваат сеуште одредени дилеми и размислувања, и покрај завршувањето на амандманската расправа јас би сакал да укажам на ставот на Владата и да помогнам во делот на водењето на претресот по текстот на законот.

Би сакал да укажам дека Владата на Република Македонија смета дека понудените решенија во законот за територијалната организација на Република Македонија, особено врз основа на јавната расправа која се водеше, врз основа на расправате која се водеше по амандманите во овој Парламент и прифатените амандмани кои ќе ги објаснам, ја одразуваат македонската реалност и нудат добра, и тоа многу добра основа за децентрализација на државата Република Македонија, развој на локалната самоуправа , респектирајќи ги пред се решенијата за меѓуетничкиот соживот врз основа на Рамковниот договор, особеон врз основа на

Уставот, а посебно ги респектираат и укажувањата и подршката на меѓународната заедница.

Почитувани пратеници, предлогот кој е пред вас нуди територијалната организација на Република Македонија на 84 општини, од кои 10 во Скопје, 74 општини на територијалната организација на Република Македонија. Просечната големина на општината е 20000 жители. Повикајте експерти, луѓе, стручни служби кои ги проучуваат врз основа надлежностите и тоа е едно оптимално решение кое нуди квалитетно остварување на правата на граѓаните и е во рамките на трендот на европските држави за големината на локалната заедница.

Првобитното решение кое ви беше понудено во Предлогот за донесување на закон, во кој беа 62 општини за територијалната организација на Република Македонија и девет во Скопје, сега нуди зголемување за 13 општини или 74 за територијалната организација на Република Македонија и 10 општини во Скопје. Од постојната територијална организација од 120 општини, 41 општина се спојува со други општини.

Почитувани пратеници, само 1/3 општини се укинауваат, а 1/3 според желбата на граѓаните изразена на референдуми и други облици на консултација се прифатени. Во расправате слушнавме и други решенија, други приоди, други размислувања. Но сакам да укажам дека Владата цврсто стои зад ова решение, ја носи политичката одговорност. Владата ве повикува со заокружување на целиот пакет закони да одиме на локални избори, да одиме на парламентарни избори во предвидениот рок и таму ќе ја провериме довербата, правилноста на решенијата пред граѓаните. Можеби има други концепти, други сваќања, можат да се понудат и други типови на општини, 200 општини, 150 општини, но кога ќе се добие легитимитетот на граѓаните мислам дека секоја коалиција може да понуди друга територијална организација .Не е ништо спорно во тој дел на фумкционирање на парламентарните системи во секоја држава, и во нашава држава Република Македонија. Покрај ваквите изјаснувања кои ги слушнавме, има и други изјаснувања, кои деновиве ги слушаме, за одлагање и нерешавање на процесот на децентрализација или одлагање на територијалната организација, па спроведување на процесот на децентрлаизација.

Јас укажав и отворено сакам да кажам дека не е можно спроведување на процесот на децентрализација без територијалната организација . Сакајте викајте ја ревизија, сакате викајте измена согласно Рамковниот договор на законот. Тоа за

мене не е спорно. Но според мене територијалната организација е рамноправен дел на елементите и сегментите од надлежностите, изворите на финансирање и основата каде треба да се спроведува таа. Но сакам да укажам, најлошото решение за Република Македонија и нерешавање или одлагање на процесот на децентрализација.

Сигурно ќе се согласиме целокупната расправа по овој пакет закони, особено законот за територијалната организација од 84 општини, решенијата за Струга, Кичево и Скопје предизвикаа најспротивставени ставови и реакции кај политичките партии, стручната јавност, граѓаните и овде меѓу пратениците. Секој има право во овој процес да го изразува своето мислење, без разлика на своите политички цели, загриженост, страв и сл. враќање на политичка сцена, оценување на моментот, разни чудни коалиции, враќање на дел на политички партии и гледање шанса - во секој случај треба да се респектира и делот на експертските мислења, кои се сигурно во функција на надградување на овој процес, но сметам дека местото на решавање на проблемите е во овој Парламент и парламентарците тука треба да изразуваат свое мислење, користејќи го она право за кое овде се зборуваше, на собири и друг начин на протестирање. Но одредени лидери и пратеници овде пред Парламентот ги повикуваат парламентарците или министерот, излезете со еден глас неартикулиран, излезете пред Парламентот. Кого го повикувате г-дине Груевски? Треба да бидете тука пред камерите и на нас да ни соопштите, тука е Владата, тука се парламентарците. Пред оваа зграда вие со еден глас, пак ќе кажам неартикулиран ги повикувавте. Од кого се криеме? Ни Владата се крие. Да, камерите тоа го покажаа многу јасно, тоа го видов јас, можеби и граѓаните. Тука сте слободно да размениме мислење и сигурно вашите тези, вашите размислувања, дали градите ѕидови, дали рушите ѕидови. Ќе повторам, Владата цврсто стои зад овие ставови и носи политичка одговорност.

Би сакал да се осврнам на решенијата кои предизвикаа најголема распраа. Од целокупната расправа за Скопје многу е јасно и видливо, двојазичноста на Скопје не е проблем и не го загрозува македонскиот јазик во никој сегмент. Проблематичен е начинот на кој се прави двојазичноста и претставува проблем-кратко ќе се задржам на тоа. Скопје, организирањето на Скопје, функционирањето на Скопје, Скопска котлина или урбаниот дел на Скопје, ненавлегувајќи во историјата за која зборуваше почитуваниот Киро Дојчиновски, со сите скопски општини, припадниците на албанската заедница и според пописот од 1994 година се над 20% и според пописот

од 2003 година се 23%. Укажувањата зоштериторијалната организација Сарај, Кондово, па дојде Петровец, Зелениково, Арачиново не држат во тој дел на укажувања. Можеме да правиме разни игри ако сакаме тој процент кој е реалност согласно пописот, да го додаваме и одземаме. Кажав и ќе кажам Сарај и Кондово како 10-та општина во Скопје е компромисно решение, не неприродно решение и никој тоа неможе да го оспори. Дека Сарај е неприродно решение само еден аргумент да кажам: Сарај е дел од урбанистичкиот план на Скопје и на тоа вие и одредени пратеници укажуваа во првата фаза за спортско рекреативниот дел. Да не зборувам за другите сегменти во кои беа изнесени.

Вториот проблем кој овде се истакнува со особено голема жестина од пратениците и како клучна територијалната организацијачка, тоа е делот за Кичево. Општината Кичево продолжува да функционира во досегашната територијалната организација со дел на општини кои не исполнуваат дел од критериумите. Едни исполнуваат, други не ги исполнуваат критериумите , но до 2008 година е дадена шанса за остварување на новите надлежности во територијалната организација што се предлага и сигурно функционирањето, животот, нови политички коалиции. Законите се донесуваат и се менуваат, но оваа Влада му предложи на Парламентот вакво преодно решение што не е спорно од законски правен аспект како што се оспоруваше и често се применува во дејството на одредени закони. Интересно е кога зборуваме за граѓаните, градоначалникот сите го видовме и граѓаните од Кичево ја прифатија оваа солуција, ова решение со изјави како шанса да докажат она штериторијалната организација треба да претставува децентрализација, за другиот ден од разбирливи причини се она кое го кажуваа да го демантираат. Чудно и интересно, можеби не се вклопуваше во шемата која одговараше на одреден дел на субјекти кои имаат поинакво мислење.

И најпосле, делот кој е најспорен, на кој имавме најмногу амандмани и се водеше доста конструктивна расправа во текот на вчерашниот ден, тоа е делот за Струга.

Општината Струга во предлогот на законот се предлага да функционира во две општини. Едната општина е Вевчани, другата општина е Струга, во чиј состав влегуваат општините Делогожда, Велешта, Лабуништа и Луково. Постојната територијална организација на сегашната општина Струга брои 36.892 жители, од кои морам да кажам дека 16.000 се во градот. Градот Струга брои 16.000 жители. Бидејќи често пати беше споменува дека се носат рурални делови, сега во

општината Струга имаме 20.000 граѓани кои живеат во рурални краишта, што значи повеќе од 60% и тоа мешано етничко население со голем дел на големи населби кои беа споменувани, дури со дел на населби со над 3.000 жители, како што е Радолиште, делот на Мислешево 2.700, во делот на над 1000 жители се Дрслаица, делот на Заграчани, делот на Калишта со 1100 жители и слично. Значи се бара да опстои во постојните граници со 36.000 жители, од кои 16.000 се гратско население, а 20.000 се рурално население. Сега на Струга се приклучуваат уште 20.000 со постојните општини кои ги кажав, рурално население од Велешта и Делогожда.

Почитувани пратеници, структурата на ова население, со приклучување на овие места, Струга од 36.000 доаѓа на 66.000, доминантно е албанско население, чисто етнички се Велешта, Делогожда и поголемиот дел на Лабуништа, со исклучок на Луково. Врз основа на критериумите кои во одреден дел ги исполнуваат, одреден дел од овие општини не ги исполнуваат, што би направиле во групирањето на дел на овие општини, заедно Велшта, Делогожда, Лабуништа и дел од руралните средини кои припаѓаат кон Струга. Би направиле една чисто етничка општина поголема од Струга. Ако е тоа решението кое се предлага, бидејќи во делот на опстојување на самите општини не би можеле да опстанат, имаме под 1000 жители до неисполнување на одредени економски услови. Тоа решение оваа Влада не го прифаќа во делот на групирање, гетоизирање и не нуди иднина во делот на чисто етнички општини онаму каде што има можност.

Тука се поставува на едно вакво организирање на Струга едно од осонвните прашања на опасноста, стравот на граѓаните во делот на заштитата и остварувањето на правата на граѓаните од Струга. Ова организирање особено се сведува сега на Струга, бидејќи Скопје е прифатливо, во одреден дел Кичево, но Струга се дочекува или се доживува како загрозување на македонската држава, особено нејзината унитарност, територијалниот интегритет и суверенитет како идно етничко чистење на македонското население, како и доминација, што е многу важно, на албанците во остварување на локалната власт врз основа на новите надлежности.

Еден друг дел овде не е спомнат, тој не е присутен, кој исто така е опозиција парламентарна вели дека понудените решенија за територијалната организација на Република Македонија на 84 општини се, односно ги оценуваат како уште една голема измама на остварување на правата на албанците во Република Македонија.

И третиот дел кој бара одлагање на целокупниот дел на територијалната организација.

Сега она што сакав да го поставам и да го објаснам, тоа е дали постојат правни заштитни механизми за понудените решенија, особено за Струга и кои се тие решенија.

Почитувани пратеници, за процесот на децентрализација најважен заштитен механизам е довербата меѓу граѓаните. Бидејќи граѓаните ќе решаваат за секојдневни животни прашања од локално значење, на единиците на локалната самоуправа не пренесуваме прашања кои го тангираат унитарниот карактер, територијалниот интегритет и суверенитет. Во членот 22 јасно се наброени сите области кои се трансферираат од централно на локално ниво, додека основните функции на централната власт кои го гарантираат територијалниот суверенитет, унитарноста на државата, како што е полицијата, како што е војската, судството, обвинителството, имотните листи односно т.н. Завод за катастарот од државно значење, електростопанството и во најважниот дел во кој зборуваме за локалниот економски развој, кој е еден од најпотребните во овој процес, особено фискалната политика, вие и ние знаеме дека во Република Македонија согласно Уставот јавна давачка може да пропишува само овој Парламент со закон. Така е граден и системот на финансирање на единиците на локалната самоуправа. Затоа имаме и дел на закони во кој го регулираме тоа. Општините немаат никаква надлежност во фискалната политика. Можат да собираат, но државата го пропишува тука данокот, со исклучок на данокот на имот.

Исто така  делот за кој спомнуваме за ридско планиснските подрачја немаат додирен дел освен иницијативниот во потикнвуање равномерен развој. Сите централни фондови, политиката на државата во кредитната, во монетарната останува на централно ниво. Тука мислам дека нема никаква дилема.

Вториот дел што сакам јас да го укажам и кој е многу битен, повикуваат и одредени невладини организации, можеби во целокупниот  процес не беше доволно јасно образложен, тоа е надзорот над законитоста односно правниот надзор над законитоста на работењето од страна на централната валст на локалната власт. Вие ќе донесете пакет на закони во сите сфери и ќе видите како е регулиран надзорот над законитоста од страна на ресорните минситерства преку финкционирање на инспекциските служби основеново делот на многу важните области, во кои јасно, точно и прецизно е, една од опасностите е во Струга, во Кичево ќе се донесуваат

урбанистички планови, ќе се заземаат плажите,нема да се почитува правната држава.

Господа пратеници,

Во законот за урбанистичко и просторно планирање јасное, да единиците на локаната самоуправа ги носат локалните планови, но претходно добиват согласност од централната власт. Нема никаква дилема, ни еден план не може да биде донесен доколку не е во согласност со просторниот, во регионалнопросторниот и слично со другите.

Во образованието инспекцискиот надзор многу јасно и прецизно е определен стандардот во образованието. Стандардите на програмските опредлби и програмите од сите аспекти, и од евиденции и од стручност и компетентност на водење на наставата.

Ако сакате во други области и најважниот дел.

Согласно Уставот на Република Македонија на секој правен акт имаме двостепеност. Ни еден акт, за градежна дозвола, ни еден акт за одреени права восоцијалната сфера не може да помине без двостепенсот. Двостепеноста е на централната валст. Секој граѓанин кога ќе добие одредено решение за одредено свое барање по кое смета дека му се повредени правата смета дека му е пворедена законитоста ќе го обжали до надлежото министерство. Тука нема никаква дилема во почитување на правната држава и на законитоста, доколку функционираат, а за тоа ќе зборуваме од аспект на целосно функционирање, но зборувам за нормативно-правниот дел на механизмите на заштита.

Често е споменвуано еден друг тип на заштита кој го имаме согласно Уставот на РМ во овој Парламент за одредени прашања особено за локалната самоуправа, локалните избори до одреден дел на закони кои вие треба да ги донесете, а кои навлегуваат во делот на културата, во делот на јазиците и слично.

Во единиците на локалната самоуправа за прашањата од културата на пример Законот за имиња на улици, плоштади и мостови. Јасно и прецизно е определено како ќе се определуваат во цела Македонија тие имиња, со таканареченото гласање, советниците кои се во мнозинство и советниците кои припаѓаат на малцинството односно на одредена заедница и во одредени општинии на македонскиот народ кои се во мнозинство во однос на малцинство. Значи имаме заштитен механизам.

Во законот за споменици и спомен обележја истото решение го имате. Сметам дека не претставува никаков проблем, што не значи дека во идниот дел на функционирање не може покрај културата, покрај  употребата на јазиците испод 20%, за кои исто така се бара такво изјаснување и за донесување на знамето и грбот на единицата на локалната самоуправа не може да се прошири, надгради тој принцип на Бадинтерово мнозинство доколку се утврди одредена потреба во заштита на етничкиот, културниот, јазичниот или мајоризација, како што зборуваме за Западнио тдел, за Струга што ќе се случува од припадници на една етничка заедница кои во таа единица на локална самоуправа  се мнозинство.

На крајот, во законот за локална самоуправа многу јасно и прецизно е определено секој акт на органите на единиците на локалната самоуправа особено на градоначалникот како извршен орган се објавува во службеното гласило на општината министерот за локална самоуправа има право да го суспендира од правно извршување на тој акт и во рок од 30 дена да покрене постапка пред надлежниот Уставен суд доколку смета дека е спротивен на Законот и на Уставот на Република Макеоднија.

И, едно многу важнои битно прашање е, кое се постави повеќе пати и  за кое отворено и реално треба да разговараме. Одреден дел на општинската администрација ќе биде врз основа на новата територијална организација и промена на структурата во одредени општини особено во делот на Струга, во делот на општинската администрација службениците ќе бидат  сменувани,недавање на можност. Сакам да истакнам дека општинската админситрација има третман на државнислужбениции за нив согласно програмите и согласно политиката која ја води Владата врз основа на уставните решенија важи делот на соодветна правична застапеност врз основа на принципот на компетентност. Значи најважен е делот на довербата и уверен сум дека со спроведување на процесот на локална самоуправа врз основа на нови надлежности тој дел на најважниот сегмент ќе ствара нови коалиции во РМ , не врз основа на оној тип кој ги ствараме до сега во Парламентот.

Убеден сум пред овој Парламент да кажам, сигурно во текот на интересите на граѓаните врз основа на решавање на прашања од животно значење ќе има коалиции на локално ниво и од ВМРО- СДСМ, ќе имаи со ДУИ, ќе има и со ДПА,со сите релевантни политички партии бидејки ќе решаваат прашања од локално значење. Тоа е најважниот дел во делот на коалицирањето во советите, а во другиот дле на заштита и на делот на градење на довербата во делот на граѓаните и

почитување на правните механизми кои стојат на располагање. Сигурно сите ние треба да работиме на  функционирање на правната држава,можеби некој од вас ќе рече може да има заштита, може да има Устав но не функционира правната држава. Основна  задача на сите нас е да направиме тоа да функционира и да ги преземаме законските и уставните обврски  кои ни се определени.

Уште еднаш ќе потенцирам дека овие механизми кои ни стојат на располагање и пред се изградената доверба која сметаме дека ќе се изгради меѓу граѓаните во РМ се реална и добра основа за функционирање на локалната самоуправа, за функционирање на локално ниво на правната држава и заштита на унитарниот карактер на Република Македонија.

Би завршил со уште едно укажување.

Ние сме на самиот почеток. Делот за кој расправаме, територијалната организација е еден дел на нормативно регулирање на процесот на децентрализација и мислам дека , може не е важен, не е за поценвуање, но е во рангот на делот на надлежностите, трансферот на надлежностите, изворите на финансирање, бидејки без стабили и сигурни извори на финансирање не можеме да зборуваем за локана самоуправа и за целокупниот процес на закони. Јас морам да викажам, сигурно вие ќе ја водите расправата во рамките на целокупните можности но Владата на РМ е синхронизиран, координиран и нудени се приближно исти решенија.

Ние со донесување на овие закони ќе створиме нормативни услови за одржување на локални избори врз основа на нова  територијална организација, врз основа на нови надлежности  и ќе избереме претставници на граѓаните, градоначалници и совети. Од 1.01.2005 година сметам дека претстои пред нас најтешкиот дел , а тоа е имплементација и спроведување на новите надлежности.

Не е лесно за еден ваков сложен процес, кој мораме да кажеме дека треба да го спроведеме за краток временски период. Вие зборувавте немаме пилот општини, во рамките на можностите правени се сите напори како да почнеме да го спроведуваме овој процес од 1.01.2005 година. На одредени пратеници им е јасно дека само 25 илјади вработениод централната администрација треба да преминат на локалната. Да не зборувам што ќе настане во делот на образоваието и во кадровскиот дел, нови директори, нови овластувања. Во делот на социјалата исто. Затоа сметам дека почитувани пратеници Владата на РМ гонаправи максимумот што можеше во рамките на своите согледувања и од расправата која се водеше во

амандманскиот дел и сметаме дека вака донесените закони и подржани ќе овозможат РМ да го продолжи својот пат кон демократска држава и својот дел кон евроатланските интеграции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине минситер се надевам дека сите пратеници кои поставуваа прашања ги добија одговорите и мислам дека е на некој начин посочен патот на нашите дискусии, но тоа сепак зависи од пратениците дали е пораката прифатена и чуена.

Повелете г-дине Стојаноски, имате реплика три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сакам да му заблагодарам на минситерот што вака темелно ни го објасни кои ќе бидат идните федерални функции, а и кои ќе бидат идните локални функции, затоа што ако зборуваме за децентрализација во РМ не можеме да ја третираме таа тема на начин како што беше договарано и преговарано во однос на нејзе, и со учество на политички фактори од соседните држави.

Меѓутоа, кога зборувате за Меѓународната заедница, јас само ќе ве потсетам дека Меѓународната заедница го поздрави договорот помеѓу СДСМ и ДУИ, но таа не одлучуваше дали Струга ќе биде со доминантно албанско население, Кичевоисто така, дали Скопје ќе биде двојазично. Меѓународната заедница само кажа дека ова прашање треба да заврши пред 2005 година кога ќе се решава статусот на Косово. Значи да не ја замајуваме јавноста со тоа дека Меѓународната заедница ги креирала границите на Струга, Кичево и двојазичноста на Скопје.

Исто така би прдложил, ако веќе велите дека се укинуваат 41 општина, нека се укинат 39, оставете ги Струга и Кичево во сегашните граници и да нема повеќе проблеми околу тие прашања.

Кога веќе се зборува за плаќање на политичката цена факт е дека не ја плаќа СДСМ, тој секако ќа ја плати оваа цена, меѓутоа жалосно е што цела Македонија и макеоднскиот народ треба директно да ја плати оваа цена за овој закон, затоа што овој закон предизвикува нестабилнсот и директни нарушувања на меѓуетничките односи во РМ.

Двојазичноста на Скопје не е со никаква друга цел освен тој да биде двојазичен затоа што е Главен Град на РМ и затоа што само во федерални држави главниот град е двојазичен.

Уште еднаш сакам да ве потсетам дека и покрај одлуката на Уставниот суд 1997 година немаше почитување на таа одлукаи тогаш Министерството за внатрешни работи,кога вие бевте на влст, интервенираше во Гостивар за симнвување на знамињата, а сега велите со одлуки на повисоките инстанци ќе бидат гарантирани правата и заштитени правата на лицата што живеат во овие краишта. Затоа ве молам кога зборуваме за заштита на македонците во Струга зошто тогаш се инсистира по секоја цена да се има мнозинско албанско население во оваа општина. Третирајте го мултиетничкиот пристап, а не бинационалниот пристап со утврдување на граници врз оснвоа на етнички принципи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине минситер.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Стојаноски, сакам да ви укажам дека Владата на РМ овој процес самостојно го водеше без никакво мешање од страна на Меѓународната заедница. Владата на РМ цврсто стои зад овој процес и смета спротивно од ова вие што го искажувате дека ќе предизвика нестабилност, напротив таа смета дека ќе предизвика стабилност на РМ. Тоа е ставот на Владата и парламентарното мнозинство.

Вашиот став и нашиот став ќе го видиме на локалните избори и на парламентарните избори. Јас неколку пати се обидувам да ви укажам што потпишале потписниците меѓу кои и ВМРО-ДПМНЕ. Во Анексот Ц точка 4 е развој на децентрализирана влст и пишува “страните ја повикуваат Меѓународната заедница да помогне во процесот на јакнење на локалната самоуправа и во измената на Законот за општинските граници”. Да, во Минситерството за локална самоуправа голем дел на меѓународни организации,како владинии невладини даваа стручна помош, ги кажуваа искуствата бидјеки правевме напори да ги имаме искуствата од земјите кои правеле процес на децентрализација во подлог период, а ние гоправиме во пократок и да направиме што помалку грешки.

Јас не викам дека е ова најдоброто решение. Сигурно е решението кое го нуди делот на развој на РМ во локалната самоуправа и ние цврсто стоиме во тој дел, а кога вие зборувате дека бараме заштитнимеханизми за македонците во Струга не. Ние бараме заштитни механизми и на албанците во Ресен и во Прилеп, и на турците во Крушево и на бошњаците и на ромите во Струмица. Не можеме така да

зборуваме. Република Македонија по својот националенсостав е јасна според статистичките податоци овие се механизмите кои скам да ги укажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Внимателно го проследив излагањето на г-динот минситер и добив впечаток дека сме поминале на Предлог законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, а не дека сеуште расправаме за Предлогот на законот за територијална организација , бидејкив иеминситре многу пвоеќе говоревте за фискалната децентрализацијаотколку за овој предлог. Но, како и да е повремено се навраќавте на Прелдогот на законот за теритоирјална организација и притоа се обидувавте да не убедите, еве на пример дека Сарај природно припаѓа на Скопје, меѓутоа воопшто не се обидувате да кажете дека Сарај како Сарај, можеби ќе не убдите дека природно припаѓа на Скопје, меѓутоа  ние овде не говориме само за Сарај. Ние овде говориме за две општини,општина Сарај и општина Кондово, кои  покрај овие две села  во своите рамки, во своите граници имаат уште 23 рурални општини кои не припаѓаат ни природно, ни никако на  Градот Скопје. Кои имаат поинакви параметри и поинакви потреби сега и во иднина. Значи не станува збор само за селото Сарај, туку станува збор за две општини кои со припојување на Скопје, Скопје ќе дојде некаде до Јагуновце и до Косовската граница.

Се работи за една територија кое е скоро идентична со сегашниот Град Скопје. Јас мислам дека  макеоднската јавност ова треба да го знае,  а не да ги убедуваме дека се работи само за Сарај какоприроден дел на Скопје. Тоа е делот што сакав јас да го појаснам.

Исто така рековте дека можеби не сте го избрале најдоброто решение и дека вие ќе сносите политичка одговорност. Ме интересира г-дине минситре што ако времето наскоро покаже дека сте го избрале  најлошото, или едно од лошите решенија. Што граѓанинот ќе добие од тоа што вие ќе ја сносите политичката одговорност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре, имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска проблемот е што не сме го избрале погрешното. Сме гоизбрале правото. Правото и можното решение во интерес  на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки нема веќе реплики, г-дине Кедев повелете.

Се надевам дека ќе ги исслушате советите на минситерот, но имате права на три отстапувања.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам господине претседател, почитувани дами и господа пратеници,

Деновиве, поточно изминативе две недели Македонскиот Парламент и Македонија како држава живее во еден историски период. За жал, оваа парламентарна сесија и оваа парламентарна расправа продолжува и во најголемиот шпиц на годишните одмори. Денес е 7 август, сабота, 16,00 часто, Парламентот работи со полна пареа и одлучува за виталните интереси, кои што ја дефинираат иднината на Република Македонија. Не случајно дојдовме во ова време да се води расправа. Не е толку наивна македонската јавност да поверува дека требаше да има 40 дена преговори помеѓу коалиционите партнери и после 40 дена на тешки преговори во фаза на годишни одмори да се инсистира на итност и скратена постапка при носење на најважниот законски проек пред кој што е исправена Република Македонија како држава.

Деновиве, поточно и денес слушнав многу реплики и контра реплики, дискусии, во кои што се споменуваа многу луѓе, кои не учествуваат во работата на Парламентот, како независни интелектуалци, експерти по локална самоуправа, т.н. експерти итн. Потоа, се спомнуваше дека единственото место каде што на демократски начин  треба да се искажат мислењата за овој законски проект во Парламентот, се потценуваше највисокото законско право за референдум во државата, кое што уште еднаш ќе потсетам, е легално и највисоко демократско право и никој пратеник, ниту никој граѓанин на Република Македонија не може потценувачки и игнорирачки да се однесува кон институцијата референдум на сите граѓани на Република Македонија.

Почитувани пратеници, овој законоски проект во голема мерка ги надминува партиските интереси, коалициските интереси и етничките интерси, па би кажал ги надминува и националните интереси на Република Македонија. Овој законски проект директно ги засега државните интереси на Република Македонија, поточно ги засега сите граѓани кои живеат и ја почитуваат и ја сакаат Република Македонија како своја татковина, уште еднаш ќе потенцирам, без разлика на која етничка заедница и припаѓаат.

Огромен дел од дискусиите овде се фокусираат на одредени партиски состојби, одредени коалициони состојби, одредени идни состојби, потоа голем дел се потроши и на одлагањето кога се водеа дискусии дали локалните избори да се одложат за еден месец, за шест месеци, за девет месеци и се правеа ситни политички калкулации кој и како ќе помине на локалните избори. Се спомнува дека одредени партии, одредени политичари, коалиции ќе сносат диретна политичка одговорност за овој законски проект.

Почитувани пратеници и почитувани граѓани на Република Македонија,

Не постои начин, не постои политичка казна која што може да го казни штетниот аспект, штетниот карактер на овој законскит проект за иднината на Република Македонија. Бидејќи, на почетокот ќе потврдам, овој законски проект нема да ја федерализира Република Македонија во моментов. Овој законски проект ќе отвори и ќе создаде верификација на концептот за федералицација на Република Македонија, која што ќе се случи во првиот иден историски момент. Сметам дека суштинската намера на овој законски проект и суштината зошто овој законски проект предизвикал толку турбуленции во Република Македонија и ја разбранува државната јавност во Република Македонија токму поради овој факт. Овој факт не може да го скрие никој, не може да го скрие ниеден министер, било кој премиер, претседател, било кој функционер кој што има државна функција или било кој пратеник од позиција или од опозиција. Ова е реалноста која што треба да ја прифатиме и ова се стенограмите кои што ќе останат во овој Папламент запишани во овој период кога дискутираме и одиме кон неминовно изгласување на овој законски проект.

На почетокот би се задржал во мојот осврт на предложениот концепт за територијалната организација на Република Македонија на основните евроатлански демократски принципи на модерна Европа. Модерна Европа не прифаќа да биде држава или унија на етноси. Модерна Европа е унија на граѓаните. Тоа е унија на држави со граѓанска ориентација. Значи, модерна Европа е унија на демосот, не е на

етносот. Тоа е нешто што треба секогаш да го имаме предвид сите кога зборуваме за прикладноста на овие законски проекти со евроатлантските стандарди на демократијата. Овој законски проект и официјално слушнавме и од претседателот, потоа малку со задршка и со одложување и од премиерот и од сите релевантни државни субјекти дека е донесен врз основа на етнички принципи. Значи, имаме етничко кроење на територијалните граници во Република Македонија во моментот кога северната граница во однос на Косово не е демаркирана. Ние велиме дека ова е вистинскиот историски момент кога ќе ја зацврсти Република Македонија.

Почитувани пратеници и почитувани граѓани на Република Македонија, ова е законскиот проект кој што води до дезинтеграција на Република Македонија. Ова е законскиот проект кој што не одговара на никој граѓанин во Република Македонија. Не одговара на Македонците, не одговара на Албанците и не одговара на сите останати етнички заедници, Турци, Бошњаци, Срби, Власи и Роми. Бидејќи, овој Предлог закон, го кажав тоа вчера и денес ќе го повторам и понатаму ќе го повторувам, овој законски проект е против уставен. Очигледно е дека оваа Влада и ова парламентарно мнозинство продолжува со традицијата на работење против Уставот на Република Македонија. Уште едно потсетување, Република Македонија уставно е детерминирана како мултиетничка и мултикултурна држава. Секој законски проект, кој што ги крши тие принципи е против уставен.

Во денешнава дискусија на едне од ценетите пратеници беше поставено прашањето и на некој начин одговорот дека не треба никој да се плаши од федерализација на Република Македонија, бидејќи во Уставот на Република Македонија стои дека таа е унитарна држава со подеднакви права и рамноправност на сите граѓани, без разлика на етничката припадност, кои живеат во Република Македонија. Но, во оваа фаза би го искористил првото правило и право на дигресија од ценетиот претседател на Собранието и би се навратил на дел од неговото излагање на Свечената седница по повод 60-годишнината на АСНОМ, кое што на моменти имаше призвук на комеморијална седница. Не можам дословно да го цитирам, меѓутоа суштински кажа дека моментот во кој што живееме веќе е минато, дека утре треба да бидеме спремни на многу крупни поместувања. Не знам дали беше свесен или намерно ни најави дека навистина ние пред македонската јавност треба да се подготвува на одредени крупни поместувања, бидејќи тој во своето излагање кажа дека сегашноста и актуелниот момент е веќе минато.

Почитувани пратеници,

Дали иднината што ни претстои ќе значи повторно прифаќање на одредени фабрички грешки и технички грешки или аномалии или некои конгенидални аномалии на нашиот Устав, кој што би требало понатаму да ги корегираме сите заеднички. Тоа е едно прашање на кое што би требало многу сериозно да се осврнеме и посебно да имаме предвид оценките и на Меѓународната јавност која што го поддржа овој законски проект, пред се, на децентрализација, ќе потенцирам, значи процесот на децентрализација го подржуваат сите меѓународни релевантни субјекти. Меѓутоа, и навестија дека иднината на Република Македонија во голема мера ќе зависи од начинот на кој што Република Македонија ќе се справи со сериозниот предизвик на децентрализација.

Почитувани пратеници, не сум експерт од оваа област, меѓутоа, сите знаеме дека процесот на децентрализација е долгорочен и многу тежок процес, кој што бара многу долго време, но бара и храброст и решителност, а бара и принципиелност. Кога зборуваме за храброст, храброста треба секогаш да ја ставиме во контекст на критичност. Република Македонија има сериозен проблем ако смета дека има храбри на моменти неаргументирано арогантни политичари кои јавно декларираат дека се храбри. Меѓутоа, почитувани пратеници на Република Македонија, на сите граѓани на Република Македонија, не и требаат храбри политичари и требаат одговорни политичари. Јас сум сигурен дека одговорни политичари има многу и во позицијата и во опозицијата, меѓутоа, за жал, нивниот глас многу малку се слуша.

Би апелирал во оваа расправа, која што најверојатно ќе продолжи и во понеделник, да го слушнеме гласот и на одговорните политичари, одговорните пратеници кои се присутни тука. Да го слушнеме и нивното објективно мислење, бидејќи уште еднаш ќе повторам, овој законски проект во најмала рака има партиски призвук или партиски интерес или коалициски интерес. Не е важно, почитувани пратеници, кој ќе ги добие локалните избори, следните локални избори кои што во моментов се одложени за еден месец, можеби ќе бидат одложени уште некој месец, без разлика, воопшто на граѓаните на Република Македонија и за иднината на Република Македонија не е важно која политичка партија ќе има градоначалник, па дури и кој ќе биде градоначалник во Скопје, иако тоа ќе биде многу моќна позоција. Суштината на важноста на овој законски проект е со каква физиономија ќе заврши овој законски проект и со која физиономија ќе се соочи овој законски проект со јавноста во Република Македонија. Бидејќи, слушав и денес одредени реплики и

дискусии, контра реплики, меѓутоа, би апелирал до тие пратеници да се обидат дел од тие дискусии да ги остварат во одредени места, каде што навистина локалното население, опстанокот на локалното население се чувствува загрозено. Нека ги објаснат тие работи и во Струга и во Кичево, нека ги објаснат и во Неготино, Полошко и во Чегране и во Долнени, нека ги објаснат и на граѓаните кои живеат во Облешево, кој е тој што им внесува интеретнички немир на граѓаните и зошто ги подвојува граѓаните. Која е позадината на сето ова. Дали е позадината да се создаде  една конфузија во Република Македонија, најпрво, да се доведат во прашање одличните меѓуетнички односи кои постојат во моментот и постоеле и во Кичево и во Струга. Јас не се сеќавам да имало интеретнички проблеми и во Кичево и во Струга, дури и за време на кризата во 2001 година. Која е целта на овој законски проект. Дали од една страна да се намали довербата меѓу сите граѓани во Република Македонија, посебно на етничка основа. Од друга страна да се внесе немир во позиционата партија да се форсираат одредени турбуленции во опозиционите партии, да се овозможи интраетничко несогласување и конфликт, кој што најочигледно го гледаме во општината Облешево, кое што е типичен пример на успешна рурална или како што кажа ценетиот пратеник Дојчиновски, селска општина. Која е целта? Дали е таа цел која што ја има владеачката коалиција или вистинската цел е новата територијалната организација да ја води Република Македонија цврсто кон евроатланските интегративни процеси и да ја направи витална земја. Дали овој предлог закон е базиран на некоја развојна стратегија. Бидејќи, почитувани пратеници, не се менува лесно општинска граница. Замислете, на што личи менувањето на општинските граници во добро етаблираните европски демократии, па и евроатлански демократии. Дали знаете колку е тешко да се сменат границите на општини и во Европа. На кои принципи треба да бидат базирани тие измени. Кога сме кај ова, ако зборуваме за нашата евроатланска иднина,  која што недвосмислено мораме принципиелно да се поддржуваме на евроатланските стандарди. Стотици пати беше спомнат членот 5 од Европската повелба, кој што е ратификуван 1996 година во Македонскиот Парламент, кој што недвосмислено укажува дека треба да се респектира, во секој случај треба да се респектира мислењето на локалното население при било какви менувања на општинските граници. Е, сега, одговорот на позицијата и на предлагачот беше дека не било обврзувачки тоа. Јас тоа би го протолкувал дека тоа е формално правна отстапка во однос на суштинска карактеристика на Европската повелба.

Понатаму, европските стандарди, еден од основните принципи, европски принципи во однос на локалната самоуправа е признавање, почитување и стандардизирање на урбани и рурални или градски и селски општини. Тоа е еден основен европски принцип кој што треба сите да го имаме и да се придржуваме кон тој принцип, ако навистина сакаме како сериозна држава да се ориентираме цврсто да одиме кон Европската унија, а не само декларативно. На пример, би го навел еден од најголемите камења на сопнување на оваа поделба - Кичево. На кој начин би можело било кој експерт, тука би посочил експерт од Европската унија, било кој експерт да му се објасни дека било од проектите на руралните општини во Кичево, кои што навистина постигнаа забележителни резултати и како пример би посочил дека општините Осломеј и Зајас покажаа многу позначителен придонес во Буџетот и во нивното самофинансирање и прогрес во нивната локална самоуправа кога се самостојни. Кон што ќе се подобри и во што ќе резултира во попозитивен аспект квалитетот на животот на граѓаните, без разлика тоа што се мнозинство Албанци од Осломеј и Зајас. Што ќе добијат граѓаните на Другово и на Осломеј кој што ќе се спојат со Кичево. Ова би било многу логично ако ова спојување се случува во момент кога Кичево би бил некој индустриски центар, моќен центар кој што би можел да апсорбира стотици и илјадници нови работници, да им се отворат илјадници нови места, па би било нормално дел од руралните селски општини, кај кои што иднината на Осломеј како селска општина би била неизвесна и да се приклучат кон Кичево. Тогаш, би било нормално.

Меѓутоа, почитувани граѓани, во моментот кога имаме поголем број на невработени, отколку вработени и во Кичево и во Струга и насекаде во Република Македонија, спојувањето, топењето и на некој начин губењето на селските рурални општини и механичкото спојување со урбаните средини, го кажа предлагачот, го кажа претседателот дека е етнички детерминиран.

Модерна Европа не е Европа на етносот, Европа е унија на демосот на сите граѓани, во кои што сите граѓани се подеднакви. Значи, имаме кршење на основните принципи и европски стандарди. Ова е дефинитивно, почитувани пратеници ние можевме да полемизираме, меѓутоа, тоа е факт, колку што е факт дека овој предлог закон е против уставен, како што е и против уставен Законот за високо образование, кој што скоро една година чека расправа во Уставниот суд, кој што ако беше во право, многу брзо ќе го одбиеше тој законски проект.

Почитувани дами и господа,

И денес од одредени дискутанти беше спомнато дека општините еволутивно и историски настанале и се создале пред државата. Тие настанале како резултат на една интерхумана релација на тие простори и нивните граници биле детерминирани со животот, кој што ги натерал тие граѓани кои живеат на таа територија, да се организираат во една заедница која што ја крстиле општина. И, таа институција на општина, уште еднаш ќе повторам, еволутивно историски се појавила пред државата, не само во Македонија, насекаде во светот.

Затоа, ова потценување на заедницата - општина и потценување на сите граѓани и давање на етнички призвук и јавно произнесување дека овој закон е етнички базиран, етнички детерминиран, е потценувачки за сите граѓани, потценувачки и за Македонците, потценувачки и за Албанците и за сите останати етнички заедници, кои што можеби се најмногу оштетени, бидејќи, понатаму ќе се надоврзам во кои општини конкретно се оштетени најмалите етнички заедници. Многу зборувавме за Долнени и Житоше, каде што припадниците на турската етничка заедница и на бошњачката етничка заедница, најмногу настрадаа.

Каде албанците се потценети во овој Предлог-закон. Потценети се во општината Неготино Полошко. Зошто 18 илјади албанци кои што квалитетно ја практикуваат локалната самоуправа во нивната општина да бидат припоени кон 8 илјади жители на Врапчиште. Кој е тој критериум? Кој е тој критериум кој што ги припојува 18 илјади албанци од Неготино Полошко кон Врапчиште. И со што ќе се подобри квалитетот на нивниот живот во локалната самоуправа.

Понатаму, која е причината една од најуспешните рурални селски општини Облешево да биде предмет на сериозни манипулации на Владата. Која е причината секојдневно да гледаме полициски сили како тргаат и влечат луе по патиштата, тргнуваат одредени барикади и стимулираат индиректно револт кај локалното население, кога Облешево е пример за една од најуспешните рурални средини со децениска традиција. Сега ги доведуваме жителите на Облешево во еден интраетнички конфликт и нивните соседи од Чешиново. Тоа е траги комично почитувани пратеници. Многу повеќе трагично отколку комично. За жал не гледам комични елементи во вакви интра етнички манипулации во конкретниот случај на македонците.

Кое е образложението кое што предлагачот, или било кој поддржувач на овој законски проект би го објаснил, во моментот, да ги исклучиме нашите домашни

експерти за локална самоуправа и независни интелектуалци, кои што јас лично сметам дека се компетентни, да ги консултираме некои меѓународни експерти, кои што од друга страна сме обврзани да ги консултираме ако веќе принципиелно се поддржуваме на Рамковниот договор. Со кои аргументи на меѓународни експерти на локална самоуправа ќе им објасниме еден туристички и културен бисер на Македонија Струга механички да се припојува со успешни рурални целини, како што се Лабуниште, Велешта, Луково и Делогожди. Кои ќе бидат вашите аргументи не пред нашата јавност, бидејќи оваа владина коалиција според мене се покажа на многу високо, па дури би кажал експертско ниво во однос на комуникацијата со јавноста. Бидејќи точно знаат во кој момент да активираат одредени преговори, знаат точно кога да го исплашат граѓанинот на Република Македонија и поради што знаат точно кога да фокусираат со одредени афери, кога да заплашат некого со одредени најави за кривични пријави во одредени афери, со одредени документи, фотокопии, и таканаречени оргинали. Во тоа се навистина експерти. И не случајно на 7 август во сабота попладне, ние дискутираме за највиталниот законски проект во моменти кога биолошки македонскиот граѓанин не е спремен да се соочи со вакви тешки предизвици за својата иднина.

Од овој аспект, македонската владина коалиција, актуелната Влада е навистина експерт. Јас им честитам, треба да бидат пример како може да се манипулира јавноста. Меѓутоа, почитувани пратеници таа манипулација е со краток здив, бидејќи гласот на народот е се посилен. Почитуваниот пратеник го спомна писателот Славко Јаневски вчера. Меѓутоа, почитувани пратеници гласот на народот е се посилен и ќе стигне до секој, без разлика колку ние гласно зборуваме, дискутираме или дебатираме во македонскиот Парламент. Гласот на народот треба да го почитува секој. А гласот на народот во моментот кажува дека овој законски проект не е во интерес на сите граѓани. Нема национален призвук овој глас на народот, бидејќи во тие 41 референдуми не беа тие национални референдуми, ниту партиски референдуми, почитувани дами и господа пратеници, тие беа одраз на волјата на локалното население кои што мора да се почитуваат. Иако формално правно владеачката коалиција, не е обврзана да ги почитува до крај тие референдуми, од морален и од етички аспект предлагачот на овој закон и парламентарното мнозинство и сите пратеници мораат да го почитуваат гласот на народот. А гласот на народот вели не е во интерес механичко припојување на општина Сарај и Кондово. Многу добро од претходната пратеничка беше упатена

репликата. Дека не е во прашање општината Сарај. Не е во прашање двојазичноста на Скопје. Јас лично немам против двојазичноста на градот Скопје. Тоа го кажувам и цврсто стојам зад тоа. Меѓутоа, почитувани дами и господа, тоа треба да биде по природен начин. Тоа го кажавме десетици пати тука и ќе го повториме. Природниот начин со демографските приближувања не се решава двојазичноста. И овој начин на кој што се постигнува ги потценува од прва рака албанците од Сарај и од Кондово. Ги потценува почитувани дами и господа, бидејќи албанците се предмет на пренесување од Сарај и Кондово каде што имаат успешно профитирана локална самоуправа и ги става во најурбаната средина Скопје, само да се постигне цензус. Дали е во интерес на албанците да се претставува бројка, или процент. Или некој еднаш треба да води грижа за економската состојба на албанците и на сите граѓани.

Почитувани пратеници, сите граѓани подеднакво гладуваат и подеднакво ги чувствуваат проблемите на бедата и сиромаштијата. Тоа добро го знаеме сите. Невработените албанци исто така страдаат како и невработените македонци. Тоа е факт кој што треба да се признае. Меѓутоа, ако некој смета дека ќе добие политички поени, што ќе ги пренесе механички албанците од Сарај и Кондово, а нема да ги вработи, нема да им дозволи подигнување на нивниот стандард на живеење, на нивната економска состојба, на нивната благосостојба. И во никој случај нема да го подобри квалитетот на нивниот живот. Единствено ќе овозможи подигање на рејтингот на партнерот во коалиционата партија, кој што се изборил за ова право. Тоа е типичен пример на потценување. Тоа е од една страна на коалициониот партнер.

Од друга страна, го замајува сопствениот народ и вели добро е да го имаме изворот Рашче под контрола. Уште едно потценување и интракоалициско и интеркоалициско потценување и на коалиционите партнери и на македонците и на албанците. Македонците се потценуваат со самиот факт дека да не ни се повторува Липково, да гоземеме Рашче под контрола. И многу посурово потценување на албанците и претставување на албанците кои што живеат во тој регион како потенцијални дестабилизатори.

Не се почитувани дами и господа албанците дестабилизатори кои што живеат во околината на Рашче, бидејќи не ја дестабилизираат водоснабденоста на градот Скопје во кризата во 2001 година. Меѓутоа, албанците и македонците и сите граѓани што се предмет на тешки манипулации, политички манипулации на таканаречените

нивни душегрижници. Тоа е актуелната владеачка партиска коалиција, чиј основен интерес и јавно го кажаа тоа дека е зачувување на коалицијата.

Почитувани пратеници, во интерес на тие кои што не избраа сите нас, не е да ја штитиме владеачката коалиција. Не е да се штитат министерските, директорските и пратеничките фотељи. Интересот кој што треба да го застапуваат и Владата и позицијата и опозицијата се граѓаните. Бидејќи граѓанинот е на врвот на пирамидата на интересот на секое современо општество. На врвот на пирамидата која што ја сочинува, чија база ја чини државата на која што се надоврзува општината. И помеѓу тие три сегменти за кои што најважен е врвот, а тоа е граѓанинот треба да имаме принципиелна интерактивност која што ќе води единствено кон подобрување на квалитетот на животот на врвот на таа пирамида, тоа е граѓанинот, почитувани дами и господа.

Бидејќи уште еднаш ќе спомнам современите евроатлантски системи се граѓански системи, граѓански општества, не се општества на етносот на етничките заедници поединечно. Ако Република Македонија не ја градиме на уставните принципи на мултиетичност и мултикултура, ако ја водиме кон бинационална држава, во која што сите потези и од страна на Владата и од страна на парламентарното мнозинство ќе бидат насочени само кон штитење на партиските и коалициските интереси, тогаш иднината на Република Македонија дефинитивно е загрозена почитувани дами и господа. Тоа е реалноста која што мораме најпрво овде отворено да ја прифатиме за која што би требало поексклузивно да дискутираме со претставниците на парламентарното мнозинство, кој што го повикувам секој поединечно да го искаже својот став за овој законски проект, бидејќи никој не може да се скрие, не може да биде амнестиран или со одредено отсуство при гласање, или како што беше случај парцијална поддршка на амандманите и демонстрирање на воен морал, како што беше вчера кога дел од амандманите кои се однесуваат на Зелениково, Лозово и некои останати предложени од страна на дел од опозицијата и на дел од позицијата не беа прифатени, а потоа, во минута до 12 експресно Владата излезе толку великодушна према овие граѓани и им даде галантно четири нови општини. Меѓутоа, со напомена дека треба да го имаат предвид при наредните локални избори.

Почитувани пратеници, ако го задржиме овој принцип на доминација на партиската определба и доминација на дискусиите и нивната консултираност кон одредени партиски состојби, а не се фокусирани кон врвот на интересот на

Република Македонија  и на секое отворено општество граѓанинот. Навистина иднината ќе биде многу неизвесна.

Почитувани пратеници, после 14 јули о.г. кога Владата на Република Македонија  го даде овој неприсотен Предлог-закон за територијална организација, или територијална поделба, како што стои во Уставот, ништо нема да биде исто во Република Македонија, без разлика дали овој законски проект ќе биде усвоен во целост со одредени измени, ќе бидат направени одредени импровизации, би кажал сами импровизации како во случајот на Кичево и ќе не доведат во невистина состојба на импровизирана држава, насока во која што сегашната Влада и за жал дел од парламентарното мнозинство ја води Република Македонија.

И уште еднаш ќе повторам, овој Предлог-законски проект не ја федерализира Република Македонија  денеска, или утре кога ќе биде изгласан овој Предлог-законски проект. Овој Предлог-законски проект ја заживува, ја верификува и ја легализира идејата  за федерализација на Република Македонија. Тоа е реалноста, која што мораме отворено да ја кажеме едни пред други во Парламентот, тоа е реалноста која што секој пратеник треба да ја знае за себе, треба да ја каже за своето семејство, треба да ја каже на своите соседи и на тие кои што го избрале во овој момент. И тоа е реалноста кон која што најверојатно неизбежно оди Република Македонија.

Меѓутоа почитувани пратеници, одговорноста за тоа дека во Република Македонија ништо нема да биде исто како пред 14 јули и потоа, ја сноси предлагачот на овој законски проект и ја сноси мнозинството кое што најверојатно ќе го изгласа овој законски проект. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам.

Имаме повеќе реплики, ќе одиме по редкот како се пријавени. Прв е пријавен господинот Зоран Шапуриќ, повелете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам, сега го видотв министерот, простете господине Шапуриќ, министерот за локална самоуправа  господинот Александар Гештаковски, повелете.

АЛЕКСАНДАФР  ГЕШТАКОВСКИ:

Господине потпретседател, сакав само некои технички укажувања.

Прво би сакал да укажам дека  Владата и парламентарното мнозинство го почитуваат уставниот принцип. Суверенитетот произлегува од граѓаните и му

припаѓа на граѓаните, а граѓаните власта ја остваруваат преку нивни претставници, во дадениот случај бидејќи ова прашање се утврдува со закон, тоа се пратениците избрани на демократски и фер избори и преку другите облоци, особено на референдумот и јасно и гласно кажавме одлуките на референдумот национален кој е согласно Законот за референдум ќе се почитуваат и никој не ги потценува, не ги омаловажува, тоа е прво.

Второ, би сакал да укажам дека смислата на амандманската расправа на размена на мислењата е Владата да ги почитува искажаните мислења и да ги преиспитува и на вчерашната седница согласно Деловникот за работата на овој Парламент Владата поднесе амандмани и прифати амандмани од пратеници, бидејќи морам да укажам дека делот на техничкото спроведување на овој закон е многу деликатен од називите на населените места и јас во името на Владата сакам да укажам, Владата амандманите ги поднесе врз основа на расправата и врз основа на согледувањата и исполнување на одредени критериуми за новите општини, бидејќи од Предлогот за донесување на закон имаме 13 нови општини од вкупниот број на 84.

И уште едно прашање во кое често се споменува, а би сакал да укажам за бинационалниот карактер и градење на бинационален карактер. Со Предлогот на закон припадниците на турската заедница покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, службен јазик ќе биде во три општини, турскиот, тоа е Центар Жупа, Пласница и Вранешница, српскиот ќе биде во една општина и ромскиот ќе биде во една општина. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Кедев сакате контра реплика? (Не).

За реплика се пријавил господинот Шапуриќ.

Повелете, имате три минути.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас би реплицирал во оној дел на дискусијата на колегата Кедев каде што зборуваше дека треба да се залагаме за европски општини.

Јас би кажал дека, токму, европската општина во последните 10 до 15 години, а условено од фактот на се поголема децентрализација и се поголемиот трансфер на надлежностите од централната на локалната власт, окрупнува. Па така, само би напомнал само пред десетина години во Данска бројот на општините е намален од

1400 на 270. Значи и Европа се стреми кон намалување, се разбира, како што кажа тој и таму има одредени отпори. Во Норвешка, земја до 5,5 милиони жители, со огромна површина пред 15-тина години тројно е намален бројот на општините. Во Холандија, овој процес на намалување на општините и окрупнување е постојано присутен. Сега, во Холандија има 449 општини, а пред десетина години тој број беше преку 1000. Но, со тенденција на натамошно окрупнување на општините.

Се разбира, во овие земји има големи отпори од одредени субјективни, можеби некаде објективни причини, особено оние општини што се укинуваат, секако се незадоволни, што е нормално, меѓутоа исто така би нагласил дека оние земји што ги наброја господинот Кедев дека имаат помали општини, мора да кажеме дека тие општини имаат двостепен, а често пати како Италија, Франција и Шпанија и тростепено ниво на локална самоуправа. Значи општина, околија или  округ, па потоа региони, провинции и сл.

Ние имаме едностепена локална самоуправа, според Уставот и доколку некој би се залагал за оваа работа, опозицијата, во последно време ја слушаме таа теза дека е потребна двостепена локална самоуправа. Мислам дека не е момент за таква една расправа. Но, во секој случај и онаа што го зборуваше, дека е потребно разликување на рурални и урбани општини, односно за политипен карактер на општините, јас тоа го поддржувам. Меѓутоа, нашите закони, нашиот Устав фактички не дозволуваат за разни видови општини, разни надлежности. И со Уставот и со Законот за локална самоуправа, за еднакви општини се предвидени еднакви видови на надлежности.

Доколку би го имале ова што вие го зборувате, политипен карактер на општините, тогаш би можеле да зборуваме за различни нивоа  на општини, урбаните да имаат одредени надлежности, поголемите општини поголеми општини, помалите помали и тн.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Кедев контра реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Ви бладогарам за репликата.

Мислам дека бројот на општините не е толку важен, пред се е важен принципот на организирањето на локалната самоуправа во тие општини. Како

пример би го посочил приметот на Словенија. Иако Словенија е земја со доста повисок стандард на живеење, и побогата земја од Република Македонија, меѓутоа во Словенија има 192 општини. И тие општини се базирани и нивниот опстанок се базира на развојна стратегија. Ако ние во нашиот нов закон за територијална организација, немаме развојна стратегија на руралните и урбаните општини, тогаш ништо всушност не постигнува. Основна цел, тоа го слушнавме поеќе пати во овие дискусии е како да се заживеат руралните средини во Република Македонија. Бидејќи Република Македонија својата иднина треба да ја бара во просперитето и унапредувањето на земјоделието, форсирањето на руралните средини, а не потценувањето на руралните средини и таканареченото квази урбанизирање. Уште еднаш ќе посочам. Што имаат заедничко постигнување на квалитетот на животот граѓаните кои што живеат од општина Кондово се граничат со Јегуновце со тоа што формално ќе бидат дел од Скопје.

Тие ништо немаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кедев.

Повелете господине Макрадули, 3 минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам.

Прво, да реагирам како координатор на Пратеничката група. Господине Кедев нема потреба да ги прозивате пратениците од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија тие ќе си го кажат своето мислење и неколку пати досега го кажавме, дека сме уверени и убедени дека ова е најдобриот пат за Република Македонија.

Како тргнавте на почеток, само не кажавте во колку изгреа сонцето денеска и цел астрономски календар ни го прочитавте. Јас незнам зошто 7 август е несоодветно за расправа во Собрание. Кој е тој 3 мај посоодветно, 15 февруари, како ги бирате датумите, тоа апсолутно не го знам.

Она што се сложувам со васе е дека секој од нас треба да му објасни на свотето семејство. Да, јас му објаснив на своето семејство. Ама тоа не значи дека вие треба да ми седите пред врата и да фрлате камења, па вие да му објаснувате на моето семејство. И тука да си ги расчистиме тие работи. Да нема некои дилеми. Да не се рашетувате по градовите од Македонија, пред домовите на пратениците. Ние самите ќе им објасниме и тие знаат и разбираат како е добриот пат, и кој е вистинскиот пат за Македонија.

Никој не го потценува референдумот. Го потзенувате вие, сошто не се потпишавте прviot ден кога Тодор Петров ја поднесе иницијативата. Тоа е проблемот. Не на 20 јули да се потпишите. Тоа е лицемерие господине Кедев. А ние не го потзенуваме и ќе ја почитуваме одлуката од собиратето на потписите што е зо законот, бидејќи Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и ова парламентарно мнозинство работи според Уставот и според законите во Република Македонија.

Зборувате за Европа. Па во модерна Европа денеска мотото на Европа, Стара Европа ја запознава нова Европа. мотото на Европа е, единство на различности. А какви разсличности, јазични, етнички, културни, историски. И тоа не само како на држави, туку и внатре во рамки на самите држави. И немојте да ги барате правата на албанците, да ги прозивате ДУИ. Побарајте ги ДПА кај ви се вашиот коалиционен партнер. Зашто не ги осудувате нив дека не ги бранат правата на албанците, овде кај што е вистинското место. А не на одмор некаде се сончаат. Тука е Собранието вистинското место каде што ќе ги разменуваме аргументите. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам за репликата.

Јас само ќе се задржам на мојот личен став дека би сакал да го слушнам мислењето на секој поединец, без разлика дали е позиција - опозиција. Без разлика, јас господине Макрадули не ги двојат колегите пратеници, дали се од ДУИ или од ДПА. За мене подеднаков значај има мислењето на поединецот, пратеник. Бидејќи секој поединец е лично за себе. Тоа е доказ дека вие неможете да се ослободите од партиските стеги околу вас, и сакате тој начин на размислување да го пренесите и на опозицијата, меѓутоа и на вашиот коалиционен партнер. Тука имаме тежок проблем, бидејќи гледате со искривена диоптрија на состојбите во Република Македонија. И многу важно би било вие, или било кој да им објасни на граѓаните, што се случува. Објаснете им на најзасегнатите граѓани, зошто го подржувате овој законски проект и нема ништо лошо во тоа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кедев.

Господине Витановски, збор или реплика?

Повелете реплика, 3 минути.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Почитуван господине Кедев, денеска имавте добар говор, ми се бендиса да ви кажам искрено и сакам сега нешто да ве прашам или да ви поставам неколку прашања.

Првото, во однос на тоа како јас ќе се изјаснам кога ќе земам збор по овој закон, а сметам и да ви дадам и една критика. Мислам дека е местото на улица или пред мојата куќа да ги праќате вашите активисти и таму да држат митинзи. Овде е местото кај што треба да се разговара по овој закон. А не по улица или да се свирка.

Втората работа, за која што сакам да кажам е тоа што во однос, се обративте на говорот на претседателот на Собранието, но мислам дека вие тоа не сте го разбрале. Јас одамна не сум слушнал таков добар говор.

А сега, што забележав од денешната дискусија и од вас. Мислам дека сите ја вртите истата плоча, и до сега стварно не чув некои аргументи ни по амандамните ни во расправата. Се зборува за една иста работа, а тоа вие го кажавте како еден од, ве сметам меѓу врвните луѓе во оваа партија. Зборувате за федерализција, зборувате зо етничко кроење на граници, зборувате за противуставен закон, а не спомнавте ниту еден член, кој е тој член кој е противуставен. А за уставност цени Уставниот суд во рамките, согласно членот 110 од Уставот на Република Македонија.

И на крај би ве прашал. Која е вашата цел. Да ја извршиме децентрализацијата и да одиме чекор напред кон Европската Унија и НАТО, или да се вратиме назад во 2001 година. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Ви благодарам за репликата.

Во однос на првиот дел од вашата реплика, би ви одговорил дека секој пратеник треба да ја сноси одговорноста за своето партиципирање во активностите за кој што е избран од граѓаните. И тоа би требало да и го кажите а луѓето кој што бараат одговор од вас. Меѓутоа, јас лично не поддржувам насилни средства и насилен притисок врз пратеници, меѓутоа ваша должност и одговорност е на граѓаните, без разлика од која партија се, без разлика од која етничка заедница се,

да им дадете одговоро зошто го поддржувате овој законски проект. А целта на мене како пратеник и како граѓанин на Република Македонија е да дадам свој скромен допринос во зачувување на унитарноста на државата.

Во однос на кршењето на дел од уставните карактеристики на Република Македонија, само би посочил дека овој законски проект индиректно се коси..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Топузова.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Господине Кедев и вчера и денес се обидовте нам и на целокупната македонска јавност да не убедите дека вие сте единствениот што си ја сакате својата држава.

Господине Кедев, љубовта кон својата земја не се докажува со големи зборови, туку со големи дела. Бевте во можност, граѓаните ви ја дадоа довербата да направите големи дела за Македонија, ама, за жал, направивте големи злодела чија цена ја плаќаат токму граѓаните на Република Македонија. Наместо да говорите за љубов, а притоа да сеете жолчност, омраза и делби, ќе биде подобро и сеуште имате можност да направите барем едно добро дело за овој народ. Вратете му го сето она што му го зедовте, сето она што е негово, вратете им ги парите што ги украдовте и тогаш ќе ви поверувам дека веќе почнавте да го слушата гласот на народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута за господинот Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Ова е типичен пример на максимален примитивизам во Парламентот, среќен сум што не доаѓа од нашата парламентарна група, инаку, на пратеничката би и кажал дека и таа лично ја плаќа цената на последниот изборен фалсификат и ќе ја плаќа таа и семејството и нејзината партија ја плаќа таа цена која ќе ја плаќаат сите граѓани на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборот примитивизам не оди со тоа што го кажавте вие господине Кедев.

Повелете процедурално господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претсеедателе, процедуралното е укажување до вас како претседавач на седницата. При репликите доколку се нема аргументи и се надвор од дискусијата не би требало да дозволите  да се прават вакви навреди од ваков тип како што кажа колешката, бидејќи во секој случај се вжештува расправата во Собранието, а вие сте најодговорен за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски јас внимателно го слушав господинот Кедев надвор, бидејќи сакав малку да се одморам и не гледам дека репликата не е во склад со она што го кажа господинот Кедев. Прашањето е само на интерпретација и на начинот на кој е кажано.

Повелете процедурално господине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Претседателе, јас ќе ве замолам да ги опомenete пратнеиците да не зборуваат дека други колеги се примитивци, бидејќи јас имам многу што да кажам за примитивизмот на партијата на господинот Кедев (опомена од претседателот) кога се качуваше на клупите и чукаа по тенџериња. Ве молам да го прекинете и да го опомените господинот Кедев да прекине со примитивни изрази.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го кажав тоа на еден поубав начин, бидејќи претпоставувам дека господинот Кедев го разбра тоа.

Повелете госпоѓа Теута, имате три минути реплика.

ТЕУТА АРИФИ:

Ви благодарам.

Треба да констатирам дека господинот Кедев во неговиот говор денеска се обиде максимално да го подобри неговиот вокабулар со политичка теорија, меѓутоа, за жал, тој не успеа да ги разбере, како што треба, сите политички тези.

Сакам да кажам дека на неговата реченица дека Европа не е заедница на етноси, туку заедница на демоси. Фактички тоа е вистинска дефиниција, меѓутоа, господине Кенев вие не го разбирате тоа што е демос. Демос е концепт на заедница на политички бази, спогодба на граѓаните која се прави на демократски принцип и во исто време осигурува механизми за одбрана на етничките групи кои не се мнозинство. Да, господине Кедев, Македонија ќе биде дел од Европа на демосот со еден демос во кој ќе бидат сите рамноправни.

Исто така го употребувате прашањето на федерализација, мислам дека не е правилно да го употребувате како застрашувачка флоскула кон барањето на албанците и доколку можете да ми го објасните контекстот на зборот кон генитална аномалија, мислам дека како термин ова не може да стои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев, имате една минута контра реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Ви благодарам за репликата.

Не е дискутабилно дека модерна Европа е Европа на демос, не е на етнос, тоа е недискутабилно, среќен сум што и ценетата пратеничка го мисли истото.

Меѓутоа, кога зборуваме за тетиторијалната организација треба да се вратиме на Рамковниот договор на кој толку се инсистира од страна на владеачката коалиција. Сеуште не добивме одговор зошто во Рамковниот договор стои дека нема територијални решенија за етнички прашања, а Владата излегува со етничко решение за територијална поделба на Република Македонија. Тоа е суштинското прашање кое еве 20-тина дена во Парламентот не добивам одговор. Зошто територијални прашања се решаваат на етничка основа, тоа е суштинско прашање. Значи, овој закон е и против Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Аднан Ќахил процедурално.

АДНАН ЌАХИЛ:

Вие како претседател требаше да реагирате, бидејќи често реагирате на некои испади и аномалии, веројатно од преводот имаше една аномалија, презимето на господинот Кедев се преведе како Кенев, а тоа во превод знаете што значи. (Реакција од пратениците) Не е смешно, тоа е трагично..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа господине Аднан Ќахил не ви давав процедурално, бидејќи веќе знам што ќе кажете, тоа е лапсус, мислам дека вие сега сами се засрамивте со тоа.

Повелете господине Хусеини, три минути реплика.

ХУСЕИНЏАВАТ ХУСЕИНИ:

Господине Кедев денеска сакам да ви реплицирам по оваа теза, се гледа јасно, јас реков дека државата треба да функционира како едно тело, дека меѓуетничките односи се болни. Јасно се гледа и се виде дека во телото на ова тело Македонија, албанскиот елемент не е слепо црево. Доколку беше слепо црево ќе

беше лесно и работата ќе се завршеше, операцијата ќе се завршеше за еден ден и се ќе беше во ред.

Но, еден многу витален орган, вашите говори вие ги употребувате како еден вид анестезија, но не оперирате и не вршите работа. Таа анестезија не ни ја упатувате нам, бидејќи не влијае на нас, туку се обраќате на некој друг. Незнам колку има успех тоа.

Реалноста е следната: 25% има албанци во Македонија и што да правиме, како е можно да не бидат некаде мнозинство. Јас имам едена предлог, вие кажете дали го прифаќате. Да изградиме домови, куќи со можност да ги вработиме, да им дадеме земја на албанците и секаде во Македонија да бидат 25%. Дали го прифаќате ова? Тие треба некаде да бидат мнозинство во некој дел од државата. Понатаму доаѓа тоа што не сакате Македонија да биде двојазична. Тука е стравот високиот наталитет, што ќе се случи по 50 или 100 години не знаеме, но ова е најдоброто, ние некаде треба да бидеме мнозинство господине, некој треба да биде некаде малцинство, но сите ние живееме во државата Македонија.

Многу говоревте за граѓанинот, за граѓанскиот концепт на државата. Сето тоа е во ред, јас се согласувам со вас, но тој граѓански концепт на државноста, а тоа е рамноправност на сите полиња, образовен, културен, економски. Јас и вие знаете во македонскиот јазик и во ниеден јазик придавката рамноправен не е качествена, нема рамноправен, порамноправен, најрамноправен. Тоа впрочем некаде постои во едно дело на Орвел, но се однесува на фауната.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Кедев, контра реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Ви благодарам за репликата и би потенцирал дека ценетиот пратеник, навистина ми е задоволство дека во неговите реплики многу често користи медицинска терминологија и лично го поздравувам за тоа, бидејќи демонстрира навистина една ширина во неговиот речник.

Меѓутоа, почитуван господине, јас ќе го употребам медицинскиот речник, ако се прифатиме на ваква операција кој ја предлага овој законски проект, таа операција е со многу висок ризик и витално го загрозува организмот на кој ќе биде изведена. Без разлика каква анестезија ќе прими вашата операција како што ја предлагате за територијална поделба на Република Македонија е високо ризична и ни еден лекар

не би прифатил да изврши таква операција, бидејќи го доведува во прашање неговиот стручен кредибилитет.

Во однос на граѓанскиот концепт во ниеден момент јас не искажав дилема дали сум против мнозинството каде се албанците и против употребата на двојазичност или каде се над 20%. Тука нема дилема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кондарко, три минути реплика.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе,

Да почнам со неколку тези на госпдинот Кедев. Најпрвин вели дека овој концепт на законот води кон ферედрализација. Јас ви го велам токму спротивното господине Кедев, вашиот концепт на етничко разграничување води кон федерализација.

Понатаму вие велите дека унија на граѓаните треба да биде државата, значи демосот треба да има доминантно значење. Меѓутоа сте контрадикторни, бидејќи со вашите идеи за етничко разграничување вие всушност му давате приоритет на етносот и вие вашите идеи затоа водат кон федерализација. Тоа е вашиот концепт. Нашиот концепт е обратен, заедничко живеење, границите на Република Македонија се едни единствени, неповредливи, недделиви и не гледам каде е опасноста и зошто ви е стравот, зошто ви анимозитетот.

Зборувате за референдумите, што би било доколку сите прават референдуми на етничка база. Тоа значи дека албанците околу Струга ако направарт исто таков референдум биде позитивен и едниот и другиот референдум, кој ќе биде валиден. Затоа тоа не е решение на проблемите.

Понатаму, тоа треба да им го објасните, ние тоа им го објаснуваме нашиот концепт, вие тоа треба да им го објасните на граѓаните, на вашите митинзи, затоа што вие треба да се вратите во реалноста, не сте сами и не живеете сами. Тоа е реалноста во Република Македонија.

На крајот зборувате за вештачки механички донесувања на законите. Нема механичко донесување на законите. Зарем треба механичко припојување на границите.Зарем треба хемиски да се припоиме, тие луѓе живеат таму или вештачко донесување на законите. Какво е тоа природно донесување. Има уставна процедура за донесување на закон. Има аргументи и против аргументи и овде е вистинското место за соочување.

Инаку, тоа што во пречи дека  на 7 август работиме, ако сакате вие да одиете на годишен одмор, ќе ве ослободиме и така година ипол не доаѓавте и не ве знаеја граѓаните дали сте пратеник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Г-дине Ќедев имате една минута.

САШКО ЌЕДЕВ:

Благодарам.

Најпрво да расчистиме една дилема г-дине Кондарко. Кога вие сте слушнале дека јас имам некој концепт за етничко разграничување. Јас говорам овде лично од мое име. Во вашите дискусии и во Парламентот и во јавноста и претходната реплика се однесува на некои претходни гарнитури, Влади, состави, за кои што ниту јас ниту огромен дел од пратениците од опозоцијата немаа одговорност. Затоа, треба многу конкретно да образложите кога велиде дека некој имал концепт за етничко разграничување.

Ниту јас, ниту било кој сметам дека има концепт за етничко разграничување. И, многу важно е, сето ова што го зборувате, да излезете во центарот на Скопје, да одите во Струга, во Кичево, да ги постите и Вашите партиски активисти на митинг го образложите вашиот став.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Ќедев,

Повелете г-дине Анастасовски, имате три минути.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарм.

Почитуван претседателе,

Како да се започне со реплика на еден модерен, европски деклариран политичар.

Г-дине Ќедев, морам да констатирам дека брзо учите. Вчера или завчера, ако не се лажам вие брзо ја прифативте сугестијата од колегата Хусен Хусеинџеват. И во вашата повторна дискусија по однос на Законот за територијална органицација, имавте една и по однос на амандманот на колешката Цветле Јаневска, го смиривте и гласот, и дикцијата, имавте едно умерено темпо во вашата дискусија. Навистина брзо сте ја сватиле сугестијата од колегата Хусеинџеват.

Зошто ова го говорам.

Кај мена, сомнежот што го имав по однос на првата дискусија и оваа сега дискусија излезе на површина дека всушност говорите што ви ги пишуваат всушност ви ги учите на памет и така што се исти и по однос на мандманот за Струга, и сега по ооднос по текстот на законот.

Меѓутоа, едно мора да сватите вие не сте на митинг во Вевчани или во Виница. Вие сте на говорница во највисокиот законодавен дом. И така однесувајте се. Кога ќе одите како кандидат за претседател во овие населени места, дури тогаш разговарајте на тој начин. Морам да признам дека вашите говори, по однос на вашите говори јас морам да носам Лексикон од Вујаклија со мене за да ти детектирам вашите термини. Навистина тоа ви го признавам и ви честитам за тоа. И сега, вие, упорно говорите за еден историски важен момент, период, времето тоа ќе го покаже. Дали вие со вашата поезија или н ие со нашите аргументи сме биле во право. Оставете го тоа на времето.

Кажувате експерти и така наречени експерти. Кои се експерти? Оние што ги поддржуваат вашите ставови?, Кои се тогаш така наречени експерти, објаснете го тоа.

На крајот, храбро не повикувате секој од нас пратениците, поединечно да се изјасниме по тоа како ќе гласаме и дали се криеме. Еве, бидејќи земав реплика по однос на вашата дискусија, на вашиот говор кажувам дека ќе гласам за овој предлог и не се кријам. Ул.”ЈНА” бр. 64, г-дине Ќедев.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, една минута г-дине Ќедев.

САШКО ЌЕДЕВ:

Благодарам г-дине пртседателе,

Оваа реплика беше типичен пример на маргинализирање и дефокусирање од суштината.

Почитуван г-дине пратеник состојбата во Република Македонија е драматична, без разлика како ќе ја кажеме. Дали ќе ја кажеме остро, споро, брзо, благо или со нагласен акцен. Состојбата во Република Македонија е драматична. Вие имате лично и секој пратеник историска одлука во моментов. А вие, континуирано се држите на некои маргинални аспекти кој како дискутирал, каков говор држел, дали било на митинг или на пратеничка говорница.

А, во однос на говорите би ви кажал, никој досега не ми ги пишувал говорите ниту ги учам на памет, почитуван г-дине пратеник, и мислам дека би било редно и вие малку поекстензивно на граѓаните кои ве избрале од единицата мислам број 2. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Ќедев.

Повелете г-ѓице Грковска имате три минути.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Благодарам.

Г-дине Ќедев, велите дека механички сме ги преместувале Сарај и Кондово. Јас навистина не разбирам што значи, што вие поддразбирате под тоа механички. Дека ќе ги иселиме од едно место на друго, ќе ги преместуваме како области? Сарај и Кондово беа во рамките на Скопје, и пред 1996 година.

Потоа, зборувате дека нам ни се потребни односно дека не ни се потребни храбри, туку одговорни политичари. Јас не можам да се согласам со вас. Нам ни се потребни и храбри и одговорни политичари, меѓутоа и политичари од доверба. Како граѓаните да ви веруваат вам кога вие ги изневеривте и членовите на сопствената партија. Вие, тврдите сега дека целта на овој закон е да се внесе немир во опозиционата партија. Тие проблеми што ги имате вие во вашата партија, да ги барате во партијата, одговорноста за нив да ја сносите.

Тврдите дека првиот нареден историски чекор ќе биде федерализација на Република Македонија. Г-дине Ќедев, да ве разочарам, првиот нареден историски чекор на Република Македонија ќе биде зачленувањето во НАТО.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Ќедев, една минута.

САШКО ЌЕДЕВ:

Благодарам,

Минута е многу малку да се дефинираат некои базични критериуми, базични изрази. Мислам дека секој пратеник би требало  со самиот факт што е пратеник, да ги познава тие базични работи.

А, во однос на храброста и одговорноста, би посочил и на терминот критичност. Бидејќи ако имате храбар и некритичен, неаргументирано арогантен

политичар кој одлучува за вас и за грѓаните во Република Македонија тогаш исходот е многу лош. Со жаргонот на почитуваниот колега од ДУИ, ако имате храбар, меѓутоа, неодговорен некритичен лекар ќе имате неприфатлива стапка на смртност. Така што ако оваа операција на терijторијалната поделба му ја дадете на храбар, меѓутоа некритичен политичар, егзитусот е неминовен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Исмет Рамадани имате три минути реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Вака ми доаѓа да се гледаме очи в очи.

Г-дине Ќедев, самиот факт дека имате многу реплики, значи вашето пртставување било интересно. На почетокот да ви кажам, во ништо не се заморувајте. Правете забелешки на законот, меѓутоа не се трудите да направите за нас албанците како да биде подобро за албнците. Така не потценувате дека тоа не го знаеме. Тука губите многу енергија. Вие треба да разберете една работа дека, каде што е направена некоја етничка граница е направена да се направи во некои енклави како што се Јегуновце, Маврово, Чучер Сандово итн. Меѓутоа, треба да разберете уште еднаш дека ние сме одлучиле, не сакаме да се мериме кој е посмел тука. Ние албанците сме одлучиле да направиме културен натпревар, научен и образовен натпревар. Тука не можете да ме запрете. Не се трудите тоа да го направите.

На пример, ДУИ за интеграција, ПДП за просперитет, тоа се нашите мота. Не можете да не запрете. Ќе направиме се и сите ќе не подржат и меѓународниот фактор ќе не поддржи.

Треба да разберете една работа, дека Скопје, околу Скопје има повеќе од 80 албански села. Од нив само 20 или 15, со Сарај и Кондово, гравитираат кон Скопје. Другите останувaат рурални. И вие, вам ви пречи и ова. Ние треба контактот со тоа што е урбанизација со тоа што е цивилизација што е еманципација, треба да го одржуваме. Ова ќе се сллучи во Струга, во Кичево. Тоа се нашите цели. А, вие манипулирате, можеби тоа се ваши халуцинации за кои што јас немам лек.

Доколку албанците имаат право денес на онаа ваша Европа што ја спомнувате, 15 илјади во Женева, живеат во Женева и работат, сега ќе ни забраните во Скопје да пиеме кафе околу Вардар и во Струга околу Дрим? Ова се нашите намери. И, треба да разберете, се помалку и помалку ги има оние албанци со црни

капи кои вам треба да ви го донесат печеното јагне, а вие потоа да му кажете зошто не си ја донел и кожата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Ќедев.

САШКО ЌЕДЕВ:

Благодарам, за репликата.

Имаме сериозен проблем ако пратениците ги подвојуваме во однос на аспектот кој дел од популацијата на Република Македонија можат да ја застапуваат. Од почетокот на мојот влез во парламентот до сега не сум имал интенција да го застапувам само македонскиот народ, почитуван г-дине пратеник. Ако вие сметате дека треба да застапувате само припадници на етничката заедница на која припаѓате, мислам дека имаме сериозен проблем. Сите во Република Македонија. Тоа е многу важно прашање и многу ми е мило што го отворивте тоа прашање. Тоа прашање треба секој од нас да си го постави, чии интереси ние застапуваме.? Дали застапуваме теснопартиски интереси, тесноналционални интереси или секој пратеник треба да ги застапува интересите на сите граѓани на унитарна и мултиетничка Република Македонија?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Рафиз Алити, вие сте последниот пријавен за реплика, повелете.

РАФИЗ АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Дискусијата на г-динот Ќедев од вчера кога ја спомна поделбата на Македонија, денеска зборуваше за федерализација, така што не е добро да се манипулира со овие тези. И, ние албанците сме навикнале, не само по 90-тите, туку и пред тоа да се фрлаат вакви тези за да не се даваат правата на албанците и овие работи ни се сосема јасни.

Но, г-дине Ќедев, вие се повикувате во име на народот. И, рековте дека буквално овој предлог - закон е против сите етнички заедници и против сите граѓани во Република Македонија. Поставивте, се поставува прашањето, ние пратениците кои сме овде, од кого сме избрани? Дали не сме од оваа земја или сме зеле мандат од некого за овде да донесуваме одлуки  и други закони итн. Така што некоку пати се спомнува механичко припојување на Сарај.

Јас би ве прашал, тогаш во 1996 година, или претходно, дали механички е едвоен Сарај од Скопје, или Зајас од Кичево? Доколку тоа било механичко одвојување сега е механичко спојувње? Не го носиме сарај во Валандово или Струмица, туку Сарај е тука каде што беше откако е создадена оваа држава. Така што јас со внимание го проследив вашето излагање и вие, г-дине Ќедев, вашата главна теза е дека ова политичко мнозинствио не е добро да ги донесе овие одлуки и да го донесе Законот за децентрализација.

Тогаш се поставува прашањето, јас би ви предложил вие да предложите во иднина со еден амандман да го измениме Уставот и ваквите одлуки да ги донесат хуманитарните здруженија и партиите кои немаат застапено ниту еден пратеник во ова Собрание. Бидејќи тие имаат поголема одговорност, според вас. Ние, кои сме овде не знаеме да го слушаме гласот на народот и да одлучуваме во име на граѓаните, да го слушаме гласот на народот и да ги претставуваме интересите на граѓаните на Република Македонија. Така што, мислам дека во текот на Вашата дискусија бевте доста контрадикторни. Мислам дека не е добро да се заплашува населението, без оглед дали се македонци, албанци, дека во Македонија се случува многу страшно. Јас би рекол дека во Македонија нема територијална поделба, во Македонија  имаме закон за територијална организација внатре, во границите на Република Македонија г-дине Ќедев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќедев имате една минута.

САШКО ЌЕДЕВ:

Благодарам на репликата и веднаш ќе одговорам на последниот дел од вашата реплика, дека заплашување од страна на опозицијата нема. Почитуван г-дине пратеник. Заплашување има од страна на предлагачот на овој законски проект, од Владата на Република Македонија и од дел од парламентарното мнозинство што го плашат македонското граѓанско дека, ако не се усвои вака како што е даден законот за територијална органицација ќе има нова криза. Значи, заплашувањето не е од страна на опозицијата.

Кога зборуваме за заплашување уште еднаш ќе потенцирам дека одговорноста за сите идни случувања во Република Македонија, после се поизвесното усвојување на овој законски проект, е и ваше лично и на предлагачот, и на дел од мнозинството што ќе го усвои овој законски проект.

Благодарма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пред да ја затворам седницата г-дине Ќедев, дозволете да ви овозможам да ги активирате вашите највисоки сфери на интелектуалниот потенцијал и во врска со она што искоментиравте за мојот говор, пораката што треба оваа недела да ја анализирате, која што ќе ви ја испратам, се состои само во едно единствнео име што сега ќе го кажам - Џордано Бруно.

Продолжуваме во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот)